СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ ОД 1-та КОНСТИТУТИВНА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,ОДРЖАНА НА 8 и 9 ЈАНУАРИ 1991 ГОДИНА

Скопје, јануари 1991 година

ПРВА СЕДНИЦА,ОДРЖАНА НА 9.1.1991 Г.

ДНЕВНИОТ РЕД СЕ НАОЃА НА СТР. 1


| ДИСКУТАНТИ | СТР |
|---|---|
| 1.СТОЈАН АНДОВ | 1 |
| 2.ЛАМБЕ АРНАУДОВ | 2, 9, 81 |
| 3. ФАИК АБДИ | 25 |
| 4.ТИТО БЕЛИЧАНЕЦ | 8 |
| 5. ВАСИЛ ВЛАШКИ | 20 |
| 6. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | 7, 99 |
| 7. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | 13 |
| 8. ДУШКО ГЕОРГИЕВСКИ | 16 |
| 9. ПЕТАР ГЕОРГИЕВ | 26, 35 |
| 10. ГЛИГОРИЕ ГОГОВСКИ | 61 |
| 11. ГАЛЕВ | 87 |
| 12. ПЕТАР ГОШЕВ | 94 |
| 13. ДОСТА ДИМОВСКА | 10 |
| 14. САНДЕ ДАВЧЕВ | 17, 37 |
| 15. НАЗЕР ЗИБЕРИ | 97 |
| 16. СИМЕОН ИВАНОВ | 8 |
| 17. ЉУБИСАВ ИВАНОВ | 11 |
| 18. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | 100 |
| 19. НИКОЛА КРСТЕВСКИ | 38 |
| 20. МИХАЈЛО МАНЕВСКИ | 30, 39 |
| 21. ВЛАДИМИР МИТКОВ | 42 |
| 22. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | 82 |
| 23. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | 17 |
| 24. ТОДОР ПЕТРОВ | 3, 67 |
| 25. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | 39 |
| 26. РИСТО СТАНКОВСКИ | 23, 28 |
| 27. АЦО СПИРОВСКИ | 101 |
| 28. ВАСИЛ ТОПУРКОВСКИ | 54 |
| 29. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | 5, 15 |
| 30. НЕВЗАТ ХАЛИЛИ | 102 |

ДИСКУТАНТИ ОД I -та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,ОДРЖАНА НА 8 ЈАНУАРИ 1991 ГОДИНА

ДНЕВНИОТ РЕД СЕ НАОЃА НА СТРАНА - 2

1. АНДОВ СТОЈАН - 94, 95, 98, 100.
2. АНАСТАСОВСКИ МИТКО - 5
3. АБДИ ФАИК - 91
4. ГОШЕВ ПЕТАР - 6, 10, 36, 62, 63, 72, 74, 83, 90, 97.
5. ГЕОРГИЕВСКИ ЉУПЧО - 19
6. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 55, 59, 61.
7. ДИМИТРОВА РАТЈА - 22, 70, 81.
8. ЈОВЧЕВСКИ ЦВЕТАН - 13,1 6, 28.
9. ЈУМЕРОВСКА ЃУЛИСТАНА - 48, 54,57.
10. КРСТЕВСКИ ЗОРАН - 22, 40, 58 (прилог-извештај од Верификациона комисија)
11. КРСТЕВСКИ НИКОЛА - 24, 35, 69.
12. МЛАДЕНОВ ВАНЧО - 8.
13. ПАНОВСКИ МИХАИЛ -.36, 81.
14. ПОПОВСКИ КИРО - 32, 84.
15. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 20.
16. СТОЈАНОВСКИ НИКОЛА - 1, 3, 5, 9, 14, 37, 45, 66, 67.
17. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 25, 27, 46, 87.
18. СТАНКОВСКИ РИСТО - 12.
19. СПАСЕ------- - 64
20. ПЕТРОВ ТОДОР - 4, 7, 30, 46, 53, 55.
21. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 50.
22. ЦРВЕНКОВСКИ БРАНКО - 31.
23. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛИ - 18.
24. ШЕФКЕТ АЛИУ - 28
25. ШИКОВСКИ МИЛОВАН - 11, 38, 48, 50, 63.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ПРВА КОНСТИТУТИВНА СЕДНИЦА
8 јануари 1991 година
*со ракопис: 9 јануари 1991 стр. 54*

Седницата почна во 10,00 часот.

На седницата претседава најстариот по години пратеник Никоја Стојановски од СКМ - ПДП од Титов Велес.

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Почитувани гости,

Другарки и другари пратеници,

Дами и господа пратеници,

Во согласност со одредбите на Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, имам чест да ја отворам Првата седница на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, избрано на првата повеќепартиски демократски избори одржани во ноември и декември 1990 година.

Дозволете ми, од мое и ваше име да ги поздравам претседателот и членовите на Претседателството на Социјалистичка Република Македонија, членот на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија од Социјалистичка Република Македонија, членот на Претседателството на СФРЈ од Социјалистичка Република Македонија, претседателот и потпретседателите на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, претседателот,потпретседателите и членовите на Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, претседателот на Уставниот суд на Македонија, членовите на Сојузниот извршен совет од Социјалистичка Република Македонија, претседателот на Македонската академија на науките и уметностите, ректорите на Универзитетот "Кирил и Методиј" во Скопје и Универзитетот од Битола, командантите на Скопската армиска област и на Територијалната одбрана на Македонија, лидерите на политичките партии кои учествуваа на првите повеќепартиски избори во Републиката, претседателот на Сојузот на самостојните синдикати на Македонија, претседателот на Стопанската комора на Македонија, претседателот на Републичкиот одбор на сојузот на здруженијата на борците од Народноосло-бодителната војна на Македонија, претседавачот на Делегацијата на Собрнаието на СРМ во Соборот на републиите и покраините на Собранието на СФРЈ, координаторите на делегатите од Социјалистичка Република Македонија во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ и поглаварите на верските заедници во Социјалистичка Република Македонија.

(Аплауз).

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

За денешнава седница го предлагам следниов дневен ред:

1. Предлог на привремен деловник на Собранието на Социјалистичка Република македонија,

2. Избор на претседател и членови на Верификационата комисија на Собранието на Социјалистичка Република Македонија,

3. Извештај на Верификационата комисија и верификација на мандатите на пратениците,

4. Избор на претседател и членови на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на СоцијалистичкаРепублика Македонија,

5. Избор на претседател на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, и

6. Избор на потпретседатели на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред?

РИСТО СТАНКОВСКИ: (СКМ-ПДП) Без разлика што е конститутивна седница, јас имам предлог за уште една точка која би дошла како 7 или 8, а тоа би било една одлука за формирање на една парламентарна група која би подготвила извештај за настраданото подрачје од општина Гевгелија од земјотресот. Мислам дека ред е, таму ситуацијата е навистина лоша, имам слух дека ова е конститутивна седница, меѓутоа, верувајте на тие луѓе мора да им се помогне. Јас како претседател на Собранието на општина Гевгелија, како пратеник од тој регион, а посебно како човек, мислам дека треба да формираме една таква група, која веќе за наредната седница би дала еден извештај, а овој парламент сходно на тоа да заземе некои ставови, па и некоја конкретна помош.

(Аплауз)

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Дали се прифаќа овој предлог на пратеникот од Гевгелија? (Гласови на одобрување)

Ако го усвоиме ова што го предложи пратеникот од Гевгелија јас имам предлог да го овластиме Извршниот совет со таа парламентарна група, која во паузата може да ја оформиме, да поднесе извештај за состојбата на наредната седница на Собранието.

Дали се согласувате со овој предлог? (Аплауз).

Констатирам дека дневниот ред е усвоен со ова дополнување.

Дали има уште некој предлог?

ТОДОР ПЕТРОВ: (независен пратеник од Гевгелија) Предлагам во дневниот ред да отвориме расправа по две многу суштински, битни прашања за судбината на Македонија. Би требало, сметам да се стави посебна точка на дневен ред за расправа на престојниот состанок на проширената седница на Претседателството на Југославија, која ќе се одржи на 10 јануари и сметам дека ниту еден орган од Републиката нема легитимитет да расправа за ставот на Македонија, на македонскиот народ и граѓаните на Македонија, без претходна констултација во овој Парламент. Со тоа што со една предавничка политика Македонија секогаш била изигрувана, сметам дека во денешната состојба не би требало да дозволиме одржување на седница за расправа за односите во Југославија со претставници кои не располагаат со легитимитет од македонскиот народ и граѓаните на Македонија.

И втора точка од дневниот ред предлагам, со оглед на тоа што во општењето со општинските избори во општините владее едно безвластие, не постои никакво упатство од надлежните органи на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, за тоа што избравме, што треба да се избере во општините, барам да се отвори

парламентарна расправа, за евентуално да донесеме некое упатство како треба да се постапи во општините некои не одржаа конститутивни седници на општинските собранија, односно одбори по последните одржани избори, за да им се помогне во конституирањето. (Аплауз).

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Го чувте предлогот.

Дали некој од пратениците бара збор?

МИТКО АТАНАСОВСКИ: (ВМРО - ДПМНЕ) Даме и господа, господин претседавач, од името на парламентарната група на ВМРО, предлагам пред овој собир, затоа што прв пат во македонската историја, македонскиот народ изгласа, можеби ќе кажам, вистински парламент, од името на нашата партија и од името на парламентарната група, предлагам пред овој собир, за прв пат во историјата, да се испее химната на Македонија. (Бурен аплауз).

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Во врска со предлогот на пратеникот од Гевгелија за учество, како претставник на претстојните разговори на сојузно ниво, молам прво тоа прашање да го расчистиме, дали на оваа седница или на наредната седница на Собранието.

Прашање е дали ќе успееме да ги избереме сите претставници кои треба да присуствуваат таму на седница или да формираме парламентарна група.

Јас мислам прво да ги верифицираме мандатите, а после да продискутираме за овој предлог што го даде пратеникот од Гевгелија.

ГЛАСОВИ ОД МЕСТО: За химната.

Не може почеток без химна.

Кога ќе завршиме, дали тогаш ќе пееме химна!

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Дали се согласувате со овој предлог?

Прво ова да се расчисти.

Кој е за предлогот после верификацијата да го разгледаме прашањето со предлог да образуваме парламентарна делегација за учество на состакокот на сојузно ниво.

Кој е за овој предлог?

ПЕТАР ГОШЕВ: (СКМ-ПДП) Ние разговаравме и за тоа прашање во меѓусебните консултации со колегите претседатели на партиите и бевме од прилика договорени прво да се обидеме да го конституираме Парламентот во целина, а потоа ќе се договориме во врска со тоа претставништво, покрај другото и за предлогот на претседателот на Претседателството на Социјалистичка Република Македонија, кој бараше денеска консултација во 17,00 часот, но да го завршиме прво конституирањето на Парламентот и откога ќе го констатираме денеска Парламентот, после ќе се договориме во која форма е можно претставништво на Македонија во тој разговор што ќе биде на 10 јануари. А, потоа да расправаме околу тоа прашање денес или евентуално на седница утре ако се конституира Парламентот и да видиме кој може најдобро да ја претставува, а е најдобро да оди горе на тој разговор.

нд

Затоа сега, уште на почетокот, мислам дека не е најсоодветно да расправаме по тоа прашање. Да го конституираме Парламентот, да избереме претседател на Парламентот, за да има кој да оди горе покрај другото и од новиот состав на Парламентот. Ако денеска не можеме да избереме други органи, а тоа не можеме сигурно, потоа да одлучиме. Еве тоа е предлогот. Инаку не е сходно прашањето дека за тоа треба да се расправа, на кој начин и како треба да се приклучи Македонија во разговорите на 10 јануари што се закажани горе.

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Дали се прифаќа предлогот на другарот Петар Гошев.

Кој е за, нека крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има против? (Некои пратеници креваат рака).

Дали има воздржани? (Еден).

Констатирам дека предлогот е усвоен со 23 гласа против и 1 воздржан.

Дали има уште некое прашање?

ТОДОР ПЕТРОВ: (Независен пратеник од Гевгелија) Не е фер едниот предлог да се става на гласање, а другиот не. Сакам да кажам едно, ако се оди на расправа,тие што ќе одат не располагаат и немаат никаков легитимитет во името на македонскиот народ и во името на граѓаните на Македонија да ја застапуваме Македонија. Или нека се стави ова како точка во дневниот ред и ако стигнеме до таа точка ќе расправаме.

(Аплауз).

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Дали уште некој бара збор?

ВАНЧО МЛАДЕНОВ: (СКМ-ПДП) Јас миспам дека прашањето што е поставено, навистина должиме пред нашиот македонски народ дека на ова прашање денеска треба да дадеме одговор и во таа смисла сакав, меѓутоа не ми беше на време дадено збор, да предложам во рамките на разгледувањето на Привремениот деловник за работата на денешната седница на Собранието, да предложиме и да усвоиме, да оджиме веднаш по првата конститутивна седница на Парламентот и втора седница на Парламентот на која ќе избереме претседател на Релубликата, за да може претседателот на Собранието, кој ќе го избереме на првата седница и претседателот на Републиката кој ќе го избереме на втората седница да не претствуваат на 10-ти јануари во Белград, да не речам вака народски на "поделба на Југославија".

Мислам дека е ова историско прашање, од историско значење за македонскиот народ, и дека навистина, овој Парламент, пред се и сите ние како пратеници презедовме обврски пред нашиот народ дека ќе се залагаме за Македонија и дека таа ќе си го најде своето место и на просторот на Балканот и во Европа, и тоа може, практично и треба да покажеме и докажеме токму на оваа седница со изборот на овие две високи функции во нашата Република кои ќе можат легитимно да не претставуваат на состанокот на 10-ти јануари во Белград. Аоа ми беше предлогот и би молел пратениците да

го прифатат, да одржиме денеска две седници на Собранието на кои мислам дека ќе може со наша дозвола и со дозвола на целиот наш македонски народ да не претставуваат на седницата на 10-ти јануари во Белград.

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Јас морам едно појаснување да дадам во врска со предлогот за ова претставување во Белград. Сметам дека лидерот на СКМ - ПДП Петар Гошев сосема ја промаши диксусијата, зашто беше прашањето дали да се постави на дневен ред, а после да се заземат ставови, образложенија или слично, и да се создадат моижности за службено застапување или регуларно. Мојот предлог е конкретен, во случајов, бидејќи не можеме да избереме нов претседател на Републиката, односно и органи во овој случај можат да не застапуваат водечките политички партии во овој период. Ако го усвоиме предлогот за избор на претседател, потпретседател и сл. мислам дека ќе се продолжи постапката. Затоа предлагам да бидеме претставени на овие преговори да учествуваме без право на глас на четирите водечки партии. ВМРО, СКМ-ПДП, СРСМ и ПДП, бидејќи во територијата на државата и правото, кога Парламентот не може регуларно да одлучува, тогаш политиката стапува на сила.

Затоа да се изјасниме дали да се стави на дневен ред прашањето или да не се стави. Тенденциозни сугестии однапред или дека е нецелисходно, дека е нерегуларно прашањето јас сметам да се гласа дали да се стави на дневен ред како точка, а потоа ќе расправаме дали имаме овластени, дали имаме регуларни претставници. Видите, ние мораме да бидеме заинтересирани за овие разговори, а не сме доволно ниту брзи ниту усогласени, ќе задоцниме, а потоа и доцна ќе избираме. Затоа сум на дневен ред да се постави и да видиме доколку немаме регулирано избрани претставници, тоа да бидат лидерите на четирите водечки партии.

(Алауз).

ПЕТАР ГОШЕВ: (СКМ-ПДП) Јас немам ништо против да се расправа за тоа прашање кој да ја претставува Македонија, кој да оди на тој југословенски самит, како го нарекуваме. Погрешно сум разбран. Меѓутоа мислам дека прво треба да се конституира Парламентот, верификацija на мандати, да се избере раководство и доколку нема други раководства нови да се договориме и на денешната седница кој да ја претставува Македонија во тие разговори.

На денешнава седница, тоа може да влезе во дневниот ред, но по конституирањето за таа работа. Ако не конституираме парламент, не може политичките партии да водат разговори горе. Разговорите мора да ги водат легални органи на оваа држава. Едни имаме, ги заменуваме со други. До степенот до кој ќе ги замениме постојните, од заменетите од новите органи, да избереме некои кои ќе одат горе, а ќе продискутираме во врска со тоа прашање дали и некој друг може. Затоа тоа може да биде во дневниот ред, но да ги завршиме прво работите околу конституирањето на Парламентот. Тоа е моето прашање.

ГЛАСОВИ ОД МЕСТО: Кој може и како може?

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Молам, прво ние да ги верифицираме мандатите, па потоа легално да работиме.

ГЛАСОВИ ОД МЕСТО: За химната да се договориме.

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Во врска со химната појаснување ќе даде Милован Шиковски.

МИЛОВАН ШИКОВСКИ:Во врска со прашањето за химната, оваа седница е подготвувана со непосредна соработка и со активно учество на пратеници-претставници на политичките партии. НА тоа ниво се договоривме и имаше предлог за изведување на двете химни, химната на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и химната на Социјалистичка Република Македонија. Меѓутоа,откако констатиравме дека ова е сепак работна, консултативна седница и од досегашната практика на овие седници не се изведувани химните, се договоривме да не се изведуваат. Проверено е и во другите републики, не се изведувани химните.

ГОВОРНИК ОД МЕСТО: Проверено е дека во Хравстка е изведена химната. Вие кажавте дека никаде не била изведена.

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Добро, имаме предлог, имавме појаснување.

ГОВОРНИК ОД МЕСТО: Вие рековте деканикаде не била изведувана меѓутоа и во Босна и Херцеговина била изведувана химната.

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Тогаш да се произнесеме, ако се соглсувате сите пратеници тогаш да се изведе химната.

Дали се согласувате, ве молам со дигање на рака да се изјасниме да се изведе химната. (Долготраен аплауз).

Техниката нека се вклучи во изведувањето на химната. (Општо расправање без баање збор).

Дали да гласаме или....?

ГЛАСОВИ ОД МЕСТО: Да гласаме.

РИСТО СТАНКОВСКИ: (СКМ-ПДП) Јас веќе еднаш се претставив. Мислам, немам ништо против, предлогот на ВМРО, јас сум од СКМ-ПДП, меѓутоа, фактот дека сеуште живееме во оваа Југославија и дека сме членови на неа, предлагам да се изведат и двете химни, и на Југославија и на Македонија. Мислам дека тоа е нашата реалност сега. Благодарам. (Бурен аплауз).

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Молам, кој е за овој предлог , да се изјасни со дигање на рака?

Гласаме за овој предлог, последниот, за двете химни.

Дали има некој против? (Рекации, префрлање од место и потоа бурен аплауз).

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Предлогот, ве молам е да се изведат обете химни. Гласаме, јас реков кој е против?

А дали е некој воздржан? (Нема)

Врз основа на пребројувањето мнозинството е за да се изведат двете химни.

-



ГЛАСОВИ ОД МЕСТО: Прво треба изјаснување за предлогот на ВМРО, кој е за македонската химна, а кој е против?

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Ама, имаме два предлога.

Дозволете еден за македонската химна, а еден за две химни. Молам парламентарно да се изјаснуваме.

ГЛАСОВИ ОД МЕСТО: Уште еднаш гласање за македонската химна, за да се преброиме.

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Дали уште некој бара збор?

ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ) Даме и господа, почитувани гости, јас мислам, односно пред се да ви се претставам пратеник сум на ВРМО-ДПМНЕ. Треба да гласаме прво кој е за предлогот за химната на Македонија, а потоа да се стави на гласање, кој е и за предлогот за химната на Југославија. Значи прво сум за тоа да се гласа, пратениците да се изјаснат да се изведе химната на Македонија, а потоа ако сака, како што напомена господинот од ПДП, нека се стави и предлогот химната на Југославија (Аплауз).

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Јас мислам дека еднаш гласавме, меѓутоа, ако сакате повторно да гласаме, ќе гласаме. Дозволете вака, ве молам, ќе ставаме два предлога. Вие предлагате да се испее само химната на Македонија, а другиот предлог е да се испеат двете химни. Нема проблем. Значи не отпаѓа македонската химна. Двата предлози за изведување на една односно на две химни.

Кој е за првиот предлог?

Кој е против само една химна да се пее?

Дали има воздржан?

Овде за првиот предлог имаме, ве молам за тишина да работиме на најсмирен начин. За првиот предлог гласаа 35 за.

Сега го ставам вториот предлог да се пеат и македонската и југословенската химна, со дигање на рака.

ГЛАСОВИ ОД МЕСТО: Не така, не така.

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Ве молам, јас мислам дека сме сосема јасни.

ГЛАСОВИ ОД МЕСТО: Не сте јасни.

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Зашто не сме јасни?

ГЛАСОВИ ОД МЕСТО: Да се изјасни оној кој е против македонскаста химна.

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Никој не е против македонската химна. Јас мислам дека нема таков човек овде.

ГЛАСОВИ ОД МЕСТО: Има, има.

ПРАТЕНИК: Благодарам што ми дадовте збор. Треба да се изјасниме кој е за македонската химна и кој е против македонската химна. (Аплауз).

ЕДЕН ГЛАС: Не може така.

ПРАТЕНИК:

Кој ќе гласа за југословенска и кој ќе гласа против таа химна? (Аплауз).

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Тоа не можеме да го поставиме.

ПРАТЕНИК: Почитувани дами и господа, не би требало уште во почетокот да се наведеме во некои други води. Никој овде нема право да рече ако е некој за македонската химна, односно другите што не креваат рака дека се против македонската химна. Немојте, ве молам, јас ве молам. Немојте да ни го земете правото на определба ако некој од нас, односно мнозинство од нас бара и сака да се изведе и едната и другата химна, тоа не значи дека е против македонската химна. Тоа е и за македонската химна и за југословенската химна. Меѓутоа, во натамошните преговори, она што го предложија господата од ВМРО, ние ќе видиме што е тоа Македонија и за што е Македонија, односно самостојна, заедничка итн. Јас молам уште на почетокот да не правиме компликации. Мислам дека никој нема да се осмели да биде против македонската химна. Ние сме Македонија. И ние исто така имаме право да разговараме за тоа. (Аплауз).

ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ: Проштевајте, можеби се работи, за некој немарен гаф, кој кој е за македонската химна, да дигне рака, кој е против, исто така да дигне рака, а исто така кој сака да ја слушне југословенската химна да се изјасни со кревање на рака, а сега слушаа само кој е за и кој е против. Не може така. Кој е за југословенската химна, колку има за, колку има против? За македонската химна колку има за, колку има против, само со дигање на рака и така да се утврди. Буквално имаме три пати дигање на рака за и воздржани. Исто така, за, против и воздржани и во вториот предлог. Овде треба да имаме наместо три пати, шест пати дигање на рака. (Бурен аплауз).

ПРАТЕНИК: Јас молам парламентарната група на ВМРО, каде што припагам каде што сум лојален член, да не создава на вештачки начин проблем. Да почитуваме дека формулацијата на двата предлога за гласање е рамноправна, односно ако не се задоволни некои можат да формираат и трет предлог. Мора да сватиме дека тука беше предлог кој бара да се отпее македонската химна и имаше предлог од друга партија, да се отпеат двете истовремено. И од тоа да не се прави проблем. Ве молам да покажеме малку поголема зрелост на почетокот од нашето работење. (Аплауз).

ПРАТЕНИК: Кога се знае дека државни белези се химната, грбот и знамето, треба да одлучиме плебисцитарно. Ако овде можат да стојат двата грба југословенскиот и македонскиот и трите слики, и двете знамиња, југословенското и македонското како значајни симболи, макар и од чиста куртуазија да стои сликата на Тито во оваа просторија можеби за последен пат, јас сметам дека би било пожелно, само тоа е грешката на раководствата на партиите што настана ваква конфузија и дава повод за ваква расправа, меѓутоа прво барам да се испее македонската, а потоа југословенската химна и со тоа да завршиме.

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Во тоа и беше предлогот.

АЛИЛ ЏАВЕРОВСКИ: (СКМ-ПДП) Стекнувам впечаток, нека ми простат господата, дел од нив од ВМРО, како да е прашањето кој е за Македонија, односно за македонската химна, а кој е против неа. Прво, вакви предлози не беа и никој од нас не е против македонската химна, туку заради заедничкото живеење на вакква каква што е Југославија не би требало да се впуштаме во најизострено распарчување како што некој сака да го прави на овој начин како што се прави досега. Сметам дека ни на нас како Македонци, на Македонија и одговара ваквиот начин на однесување и мислам дека не е чесно некој да мисли дека е поголем Македонец, а овие другиве што мислат дека двете химни треба да се отпеат, не се Македонци, односно се против Македонија, односно имаат предаваничка политика. Исто така, ми смета многу како човек, што, уште не консултиран праламент изразивме огромна недоверба на сè она што е сторено, на сè она што се прави и за идните договори во Југославија, јас овде пред мене го гледам другарот Тупурковски кој е легитимен претставник на оваа Република, на овие граѓани и народ македонски, кој за него со огромно мнозинство се изјасни дека ќе ја претставува Македонија во Југославија и на него немаме никакво право ние овде да имаме сомневање.

Не сум за тоа да не се расправа за прашањето за идното наше учество во Југославија, односно идното уредување на Југославија, но ве молам, не може со празна политика мора да има легално избрани органи врз основа на закон и устав и само тие можат да ја претставуваат оваа Република и само тие легитимно можат да бидат прифатени од другите републики, а не ако не се изберело тоа да било првостепено прашање да не преѕтвувале политичките партии. Политичките партии се за во Македонија, тие имаат друга задача, а легално избраните државни органи ќе ја претставуваат Македонија во идните договори. Јас сакам да ја смириме малку работата, да нема нервози и мислам дека македонската јавност од нас очекува дека ќе покажеме полна зрелост, над партиска свест, во интерес на таа Македонија за која многу зборувавме во предизборната кампања и во изборите и сега е чесно да и се оддолжиме на таа јавност, на сите оние кои масовно излегоа да гласаат за нас. А вака ако се расправаме и опнатаму, мислам дека нема да обелиме образ и никој да не се залажува дека ќе докаже ние сме тие Македонци, а овие другите не се.

ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ) Јас се извинувам заради злоупотребата што како гостин овде се јавувам, а не како пратеник. Мислам дека прашањето е многу јасно и овде да не се убедуваме со некоја филозофија со која ќе ги наметнуваме и едните и другите програмски цели. Проблемот е во тоа кој е за да се свири македонската химна и кој е против да се свири македонската химна (аплауз). Дали некој се плаши ако крене рака дека е само за македонската химна, или ако е против македонската химна дека нешто греши. Јас асполутно сметам дека проблем нема и нема потреба навистина да се убедуваме сме имале досега, како сме имале, што треба да делиме и што не треба да делиме. Пак ќе речам. Проблемот е јасен. Кој е за македонската химна, кој е против македонската химна. Кој е за југословенската химна, кој е за македонската химна.(Аплауз).

нд

ТИТО ПЕТКОВСКИ: (СКМ-ПДП) Другарки и другари, дами и господа, мислам дека сите треба подеднакво да го понесеме делот од одговорноста за мигот во кој се наоѓаме. Дајте да се надреснеме во овој момент и самите себе и тесните егоистички партиски интереси, бидејќи сите во предизборната активност се колневме во Македонија и немојте сега да се дисквалификуваме, бидејќи на првата седница веќе треба да градиме доверие како ќе работиме во овој нареден мандатен период 2-4, а можеби и помалку години. Според тоа, отворено да разговараме без подметување. Ако е прашањето да се свири македонската химна, така нека се формулира. Да не се доведуваат пратениците во заблуда дека некој е против. Ако се формулира прашањето кој е само за македонската химна, молам да гласаме, а прашањето беше кој е за македонската химна, другото прашање беше кој е за македонската и за југословенската химна да се свири. Според тоа, ако е прашањето кој е само за македонската химна да се свири, така да гласаме, а не кој е за македонската химна за да се доведеме дека другите се против македонската хима што сакаат да гласаат за двете химни. Тоа е едно што сакам да кажам.

Второ, ја почнавме седницата да ја водиме онака регуларно како што започнавме да ја водиме. Работиме на утврдување на дневниот ред. Точка по точка, па потоа ќе расправаме за секоја точка од днвениот ред. Предлог за дневниот ред беше на господинот Тодор Петров на денешната седница да се расправа и за легитимитетот на нашиот претставник во идниот договор за Југославија што ќе се одржи на 10 јануари 1991 година. Молам да се договориме за тоа дали да се вклучи во дневниот ред. Одговор беше дека се уште немаме ниту верификуван мандат. Јас не знам како можеме да одлучуваме и дали имаме апсолутно мнозинство за вакви одлуки, дали да го прифатиме тој дневен ред, па потоа да разговараме по сите точки од дневниот ред. Според тоа, мислам дека е најумно да извршиме прво верификација на мандатите, да го утврдиме дневниот ред онака како што е предложен со неколку предлози, дополнувања на дневниот ред да видиме колку не има овдека и тогаш точка по точка да седнеме да расправаме.

Кога веќе зедов збор сакам да кажам мое лично мислење. Мислење беше и на нашата парламентарна група пред доаѓањето овде, бидејќи имавме можност со сите претставници на партиите да разговараме непосредно еве и по денешниов миг на почетокот на седницата. За да не се создава веќе на стартот недоверие меѓу нас, различни опции, различни програми на некои политички партии, што е сосема природно во ваков плуралистички живот во моментот да го почитуваме Уставот на СРМ и на СФРЈ и позитивните закони што се на сила. Мислам дека на тој начин ќе останеме на терет сите на правната држава за која така здушно се залагаме во своите програми на своите предизборни митинзи итн.

Според тоа, Уставот на Македонија е на сила и на Југославија да го почитуваме Уставот што кажува и на кој начин ќе се организира држава, а и законите посебно што го уредуваат начинот на постапувањето при секое конкретно прашање. Ако е речено со постојните прописи дека вака ќе се организира конститутивната седница на Собранието ве молам тоа да го почитуваме. Кога овој Парламент, ова Собрание ќе го донесе новиот Устав на Македонија

измените на Уставот, односно каква ќе биде идната Југославија ќе донесе прописи, по нив ќе работиме. Молам, сега тие што се на сила да ги почитуваме, ако сакате да останеме на теренот на законитоста и на теренот на уставноста.

Според тоа, кратко да го формулирам предлогот. Предлагам да продолжиме со утврдувањето на дневниот ред и за ништо друго да не водиме расправа околу тоа, околу самата содржина на дневниот ред да ги верификуваме мандатите на пратениците и да видиме дали понатаму како Собрание можеме да работиме.

РАТКА ДИМИТРОВА: (ВМРО-ДПМНЕ) Мислам дека треба да го разјаснам ставот на групата пратеници од ВМРО. Бидејќи е ова многу важна седница, прва конститутивна седница на првите плуаристички избори во Македонија ние пратениците избрани од ВМРО сметавме дека не можеме да го прифатиме решението на работната група за усогласување на која е донесено решение да нема никаква химна. На ваков важен момент сметавме дека мора да прозвучи македонската химна. Се споменуваат егоистички интереси - партиски. Мислам дека тоа не се егоистички интереси на партијата, дека е тоа интерес на целиот македонски интерес и дека македонската химна треба да прозвучи. Дали ќе прозвучат двете, тоа ќе биде решение на сите пратеници овде, а нашиот став е дека мора да прозвучи македонската химна, а тоа не е во дневниот ред, затоа е оваа расправа пред се. Инаку дневниот ред го прифаќаме со ова што независниот пратеник го предлага. (Аплауз).

ЗОРАН КРСТЕВСКИ: (СРС-МДПС) Мислам дека би можел да понудам едно рационално решение. По мене е неопходно прво да се изврши верификација на мандатите на пратениците и да се усвои деловник на работа каде што е предвидена и процедурата на гласање. Ние ниту имаме легитимитет сега во смисла на верификација на она што со изборите го имаме, ниту имаме утврдена постапка за начинот на гласањето итн. Само да ве потсетам. Во Привремениот деловник што постои предвидено е ако има два предлога се гласа за двата, предлогот што има помалку гласа се отфрла, а повторно се гласа за предлогот со повеќе гласови за да го добие она мнозинство кое е неопходно во тој утврден привремен деловник.

Според тоа, колку да ја вртиме работата, мораме да утврдиме процедура и со тоа да си го олесниме начинот на гласање. Инаку лично да кажан се поставува прашање за свирењето или несвирењето. Односот спрема химната е интимна работа и секој нека се искаже на начин како мисли дека е исправно. Ако се свири македонската химна во оваа сала, сигурно сите ќе станеме или оние што не ја почитуваат ќе станат. Оние кои не ја почитуваат нека излезат, нека седат или нека свртат грб на знамето и другите симболи на држава Македонија. Според тоа, има начин да си го изразат незадоволството и во друга смисла, оние што не ја почитуваат химната на Југославија. Затоа сколастичка е расправата што ја водиме, подобро е да извршиме верификација да добиеме легитимитет во изјаснувањето и предлозите низ процедурата да ги утврдуваме како усвоени или неусвоени, а не самите за себе да измислуваме правила. (Аплауз).

ПРАТЕНИК: Очигледно на нашиот повеќепартиски Парламент му недостасува професионалност. Мислам дека предлогот на ВРМО беше

сосема јасен и дека требаше да се гласа за, против и воздржан. Имаше уште еден предлог исто и за тој требаше така. Ги молам господата комунисти да не ни кажуваат, во однос на работите, како ќе се води состанокот. Молам да му дадеме на господинот претседател да ја води седницата и јасно да ги става предлозите како треба да одат. (Аплауз).

НИКОЛА КРСТЕВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ) Прво професионално дискутирање овде треба да се следи бидејќи сме за практично спроведување на работата. Друго иако сум пратеник не прифаќам израз правна држава, туку ред во државата, бидејќи покрај правни прописи постојат и други прописи. Во врска со химната, таа не смее да се врзува со Деловникот. Ние уште поголема навреда ќе направиме на двете химни ако прво ја ставиме на дневен ред па во тој дел да се смири се дава отчет. Прв пат на 20 септември е превидена во Уставот на Македонија, постапка не е предвидена како член 3 од поранешниот устав. Овде претходно се дава оценка, а ние како осма точка да ја усвоиме едногласно или македонската или југословенската тоа е безпредметно. Тоа е даваме една оценка правно, по прописи да почнеме да работиме. Не е врзано со Деловникот и да не се надмудруваме со правна работа да знаеме правната си е друга работа, политичката да ја двоиме. Со тоа ние треба да дадеме оцена нашиот предлог беше категоричен и во групата на усогласување бев категоричен, односно да се свири само македонската химна. Да не се надмудруваме со правни работи, туку ва воспоставиме ред во работата.

ПРАТЕНИК: Другарки и другари пратеници, мислам ние сме избрани од народот да ги спроведуваме уставите на СРМ и на СФРЈ затоа што досега не сме расправале по уставите, не сме промениле од онаа практика што ја имавме досега. Сметам дека ќе направиме неправда ако не ја слушнеме и химната на Југославија, заради тоа што ние имаме нешто заедничко. Како ова ќе се одрази на нашите деца кога ќе ги слушнат ваквите наши расправи. Сметам дека е тоа голема неправда, ние имаме се уште Собрание на СФРЈ, имаме се уште нешто заедничко, тоа заедничко ќе го негуваме зашто народот не овластил. Ние тие закони додека се ќе ги почитуваме, а тогаш кога ќе ги смениме, тоа што е. Јас мислам и молам сите да се согласиме ако имаме веќе химна и македонска и југословенската рамкоправно. Како ќе ја претставуваме Федерацијата што ја претставуваме денеска и утрешните разговори, односно на 10, како ќе ги направиме тие разговори кога чие денес се двоиме од тоа. Мислам тоа не смета, со години било и денеска треба да го направиме. Јас ви благодарам и мислам дека треба двете химни да се свират, се залагам за тоа.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ) Овде има две струи да се свири само македонската химна, и да се свири и едната и другата. Тоа се два предлога. Како правник морам да кажам едно, треба да се познаваат и процедурите. Химната ќе се пее од оној момент кога ќе се воспостават органите на Парламентот, односно ќе се избере претседател на Парламентот. Тоа е светско правило така наречено и ние како Македонци не треба да пројавуваме едно непознавање. Процедуралното што мојот колега го кажа понапред дали да го ставиме на дневен ред, навистина ќе биде понижена и едната и другата химна. Дали сме ние Југословени, или сме Македонци ќе кажам само

едно. Денеска формираме Македонски парламент. Овој Македонски парламент ќе има македонско обележје. Затоа, ние не го рековме тоа случајно само да ни се наметне, да бидеме парламентарна група која ќе има опозиција, другите да ги иритираме од расположението или да има некое македонско нетрпение. Ние сме Македонци, во оваа сала седат и други Македонци кои не се на ВМРО, меѓутоа, македонската химна му припаѓа на овој Македонски парламент.

Јас само едно да кажам, колегата Тито рече дека треба да ги почитуваме законите. Амандманот 74 јасно говори кои се обележјата на Републиката. Според ова тој закон што е донесен од една партија ние во ВМРО до денеска ќе го почитуваме целосно. Понатаму, што се однесува до другиот дел дали ние да гласаме сега или не. Ве молам, додека не се произнесеме за Деловникот прво што е како основно во дневниот ред, ние не можеме да работиме. Овде како правник тврдам одговорно до сега сме дива лига. Откако ќе го усвоиме Деловникот, пак ќе се повикам на зборовите на Тито да биде усогласен со Законот и Уставот, а не да му се допишуваат одредби по некоја навика досега како што рече секретарот на Собранието дека досега не сме имале навика и така сакаме да биде. Сме тука сите заедно за една квалитативна и квантитативна промена, да не си го одземеме ни зборот и духот, туку да останеме Македонци, да формираме Македонски парламент.

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Да го ставиме предлогот на пратеникот од Куманово химната да се пее после конституирањето на праламентот.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ) Нашиот предлог е химната да се свири откако ќе се усвои Деловникот затоа што тоа е чест откако ќе постои некој орган. Ние сега го намаме конституирано парламентот. Затоа јас реков дека во дневниот ред химната не смее да оди. Химната е чест и не си дискутира.  Тоа е мое мислење. Јас кажав дека тоа се однесува само на македонската химна, само таа да се свири бидејќи денеска конституираме Македонски парламент. Никој нема да го навредиме, тоа што претходниот пратеник кажа, ако не ја свириме југословенската химна ќе ги анвредиме нашите деца кои сега се на отслужување на воениот рок. Тие се македонски деца кои служат во југословенска деполитизирана армија.

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Имаме предлог свирењето на химните да биде после усвојувањето на Деловникот.

ПРАТЕНИК: Нашиот предлог е да се свири само македонската химна.

НИКОЛА СТОЈАНВОСКИ: Значи после усвојувањето на Деловникот ова прашање да го расчистиме.

Кој е за овој предлог?

ПРАТЕНИК: Се обраќам до овој собир да кажам дека навистина сите сакаме да се свири само македонската химна, бидејќи сме Македонци, односно прво да се отсфири македонската химна, па потоа ќе дадеме предлог да се исвират двете химни.

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Мислам дека многу ги исплеткавме работите без потреба и тоа доведе до едно недоразбирање. Меѓутоа,

сметам дека сите сме за една иста работа и овде треба да расчистиме. Ако дискутираме за химната треба да видиме дали ќе се изведе само една химна или и двете химни. Еднаш гласавме за тоа, а сега пак не е јасно.

Дали треба да гласаме повторно или не? (Нема потреба).

Дали можеме да констатираме дека двете химни треба да се изведат?

ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ) Еден предлог беше да се исвири само македонската химна,а другиот предлог беше и за југословенската.

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Мислам дека не можеме да ги наведуваме пратениците да гласаат против македонската химна.

ЕШТРЕФ АЛИУ: (ПДП) Дами и господа ценети гости, ценети претседатели на партии и ценети праламентарци.

Сакам да ве замолам да имаме поголемо разбирање кон тоа што ни се првенствени задачи, кон тоа што ни се обврски туку и кон тоа што е закон и законитост. Сакам да ве замолам малку да му ја олесниме работата и на другарот претседавач кој по се е збунет и тоа оправдано. Апелирам за една поголема толерантност од сите претставници на партиите и апелрирам да продолжиме веднаш да работиме по дневниот ред, да го усвоиме Деловникот за работа, да го верифицираме мандатот на пратениците и тогаш ред по ред да ги завршиме сите прашања кон кои ќе имаме заеднички став и понатаму за кои нема да се разбереме. Да ги ослободиме ценетите гости, да не ги малтретираме, да бидам вулгарен, уште на првата седница.

Јас сум од Партијата за демократски просперитет, Алиу Ештреф.

Став на нашата партија и парламентарци е по усвоениот Деловник за работа и утврдување на мандатот, сходно на тоа кога претседавачот ќе каже да се испејат и двете химни.

СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ: (СКМ-ПДП) Има една нелогичност на предлогот на кој се инсистира од страна на пратеникот на ВМРО по секоја цена пратениците од СКМ-ПДП да се натераат да гласат против македонската химна, што нема никаква логика.

Прво, ќе кажам дека македонската химна е за прв пат испеана и создадена во Струга, испеана од борци - партизани и припадници на СКМ. Според тоа нема логика некој да им путира нешто на СКМ дека може да биде против пеењето на македонската химна како свечена химна на овој свечен момент.

Забелешката ни е, пред се, на оние кои ја подготвуваа седницата, на работната група, на досегашните институции на Собранието што доведоа до една таква конфузија уште на почетокот. Мислам дека се ова можеше да се заврши пред оваа седница и да не западниме во едни вакви непот ребни дискусии на почетокот.

Второ, ние овде сите сме бирани од македонскиот народ и народностите што живеат во Македонија.Според тоа, при давањето на предлозите да не инсистираме на тоа дека исклучително го претставуваме македонскиот народ. Ние сите имаме пред себе дел од тој македонски народ и сите заедно го претставуваме Македонскиот

парламент и она што ќе одлучиме заеднички за што ќе се согласиме според законите, Уставот и Деловникот, тоа и ќе биде. На почетокот тешко ни е да се навикнуваме на парламентарната демократија меѓутоа, тоа мораме да го прифатиме за наша работа.

Ќе потсетам и на една друга работа. Да не инсистираме на македонската историја и минатото. Револуционерното минато е заедничко на македонскиот народ. Не е тоа минато само на една партија или на дел од партии. Ќе ги потсетам на тоа посебно колегите пратеници од ВМРО.

Не случајно Првото заседание на АСНОМ претставува втори Илинден и е закажано на денот Илинден. Ве молам, со ова сакам да поврзам и да замолам, да не се инсистира при предлозите дека исклучително претставниците на една партија го застапуваат и во име на македонскиот народ се јавуваат и да не го тераат СКМ да гласа против химна, што има нелогичност, бидејќи реков, таа химна ја создале оние кои и животите ги дале за оваа Македонија.

ТОДОР ПЕТРОВ: (Независен кандидат од Гевгелија) Јас би ги замолил прат ениците да усвоиме едно компромисно решение, всушност не компромисно туку логично.

Прво, вложувам еден огромен протест што при формулирањето, односно утврдувањето на сценариото за оваа седница кај претседателот Вулнет Старова не се поканети независните кандидати туку се поканети само претставниците на политичките партии. Бидејќи нема важност, во тие претхони договори да го кажам своето мислење за сценариото јас тоа ќе го кажам сега.

Прво, инсистирам да се усвои Деловникот за работа, да се избере верификациона комисија, да се верифицира мандатот на пратениците и со самото тоа верифицираше, стекнувајќи го правото на правата и обврските кои следуваат на пратениците, како свечен чин да ги исслушаме прво македонската химна, а потоа и југословенската. За мене постои неделивост на државните белези. Ако не сме за југословенската химна да ги симнеме и сликата и знамето и грбот југословенски. Тоа е логично. Затоа, мене ми се чини дека е сосема разумно, во овој момент каква ни е состојбата таква ни е. Ако сакаме, правував во Службата и слушнав дека ние немаме донесено закон за химна со текст донесено во овој Парламент. Меѓутоа, тое ни е ситуацијата. За да го измениме старото дајте да се конституираме и да донесеме ново. Токму заради тоа предлагам работата да оди по следниот редослед. Откако ќе ја исслушаме химната, претседателот да каже предлагам дневен ред за работата на ова Собрание и нека ги предложи сите точки што следат по дневниот ред како што ги кажа овде, па тогаш ќе гласаме за оние два предлога што ги дадов јас и делегатот од СКМ - ПДП од Гевгелија. Мислам дека така работата ќе ја завршиме. Инаку ќе ни се смее македонската и југословенската јавност на овој циркус што го правиме овде.

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ: (СКМ-ПДП) Ми се чини дека начинот на којшто ја почнавме денешната работа ни ни слуши на чест, ниту на нас како парламентарци ниту и даваме можност да го стекне и да го зголеми угледот Македонија како држава заради која и во чие име цело време овде пласираме вакви или онакви предлози. Ние ни со оваа

нд

почасовна можеби и подолга дискусија околу химната до таа мера ја избланиравме што сега пет пати да ја испееме, ниту нивото, ниту угледот ниту честа ќе и ја повратиме, ниту честа на Македонија ќе ја повратиме.

Главно недоразбирањата доаѓаат заради нејасно упатените предлози од страна на прат ениците од ВМРО. Ми се чини доколку тоа прашање го разјасниме, многу полесно ќе се реши целата дилема. Проблемот е во тоа што дел од предлагачите од ВМРО го формулираа предлогот да се свири само македонската химна, додека госпоѓата од ВМРО рече да се свири само македонската химна.

Ако е предлогот да се свири и да се изведе македонската химна, ми се чини дека веднаш ќе го решиме тоа прашање и сите пратеници од СКМ - ПДП ќе го подержат предлогот, а дополнително после тоа ќе се изјасниме и за предлогот односно, можеме однапред да се изјасниме за предлозите и за дополнителниот предлог бидејќи тоа не се исклучителни предлози, едниот е вклучен во другиот, да се дополни и предлогот да се изведе и југословенската химна и целиот проблем би се решил. Меѓутоа, ако е предлогот да се ивзеде само македонската химна, тогаш исто така нема да бидат доведени пратениците од СКМ - ПДП во незгодна ситуација, доколку гласаат против овој предлог бидејќи не гласаат против изведувањето на македонската химна, туку против предлогот да се изведе само таа, а не и југословенската химна. Ако ова вака го формулираме, проблемот ќе го решиме со едно просто броење на гласови.

КИРО ПОПОВСКИ: (СС - СПМ) Мислам дека разумно треба да се договориме за сите предлози што беа дадени.

За прашањето за кое се отвори дискусија се поставува,  дали сакаме како нов Парламент да ја испееме таа химна или не. Ако сакаме како нов Парламент да ја испееме, треба да ни се верифицираат мандатите. Значи да се конституира овој Парламент, што рече пратеникот од ВМРО не му го запаметив името, тоа е свечен чин при конституирањето на новиот Парламент. Според тоа повеќе партии тука предложија модалитети. Најнормално е прво да се изврши верификација, да се утврди Деловникот за работа и врз и врз основа на тоа да одлучиме дали една или две химни да се пејат. Нема потреба тука да се докажуваме.

Предлогот е, од пратениците на ВМРО исклучително да се испее македонската химна и само таа.

Вториот предлог е да се испеат и двете химни. Според тоа нема потреба да се надмудруваме и прегласуваме или натпреваруваме, да се докажуваме во некои работи кои вештачки ги создававме во оваа дискусија. Да ги верифицираме мандатите на сите пратеници, легитимитет да добијат за учество во оваа парламентарна дебата, сите пратеници за да не работиме како група на граѓани. Според тоа да ги верифицираме мандатите, да избереме верификациона комисија да го усвоиме деловникот за работа, а тогаш да се одлучиме. Мислам дека секоја парламентарна група има право да инсистира дали една или две химни да се испеат, без разлика на досегашната практика. И покрај тоа што би се косело со постојните уставни, законски и други одредби, но, тоа можеме да го направиме откако како Парламентот ќе се конституираме. Таа одлука што досегашното Собрание

ја донело можеме да ја измениме само ако се конституираме како Парламент. Според тоа мислам дека се разумни елементите врз основа на кои можеме да заклучиме за сите овие прашања.

Мислам дека нема потреба да се води расправа дали да се изведе само македонската химна или и двете химни. Сега прво да се верифицираат мандатите, а додека се конституира Парламентот тогаш да се постави прашањето дали ќе се изведе само македонската химна или ќе се изведе и македонската и југословенската химна и со гласање да се изјасниме, но, само за предлогот дали само една химна или двете химни,па секој нека се определи.

СТОИЛЕ СТОЈКОВ: (ВМРО-ДПМНЕ) Што толку Македонците во Парламентот се плашат од свирење на македонската химна. Еве на пример кога почнува еден фудбалски натпревар се свири химна, па и тоа ние го бараме. (Негодување).

НИКОЛА КРСТЕВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ) Излагањето на Киро Поповски, иако сме и генерација и колеги сосема е нелогично.

Овде е на разгледување оцената да се изведе химната само на Македонија, односно двете, а кога ќе стекнеме право, тоа е чисто парламентарно се донесува закон, влегува во сила и се применува. Изгледа од тоа право доста се оддалечивме. Сега треба да оцениме дали да се изведе, а природно е и нормално потврдување на верификација, но во моментот тоа е второ прашање. Ние постојано ги мешаме, уште малку ќе излезе како за иста химна да се расправаме. Навистина е навреда во склопот на Деловникот, но ќе се видиме и подоцна и дополнително ќе се произнесеме.

По верификацијата ќе видиме кој е тој што ќе предложи на дневен ред да се изведе треба да го ставиме и како точка и во Деловникот, тоа не е сместено во содржината на Деловникот. Тоа е еден однос, а друго е во прилог на македонската химна таа е од најнова дата, ние 50 години исклучиво ја пееме југословенската химна и никој не се најде навреден. Сега за 20 дена двапати се изведе македонската химна и има засегнати. Значи, ние сме биле 50 години Југословени, а сега ако ја изведеме нема веднаш да станеме Македонци, како што сме биле Југословени 50 години.

Сакав да кажам дека сега е моментот да oцениме која химна ќе ја изведеме, а кога ќе ја изведеме може и во ресторанот на коктелот. Треба да ги разликуваме правните работи, тоа е практичен однос. Ако треба и на чисто правно место да работиме да не мешаме политика, право, протокол и процедура.

Во таа смисла, сега е моментот да оцениме која химна ќе ја земеме, а потоа кога ќе ја изведеме инаку треба по верификацијата, па химната на дневен ред, но се губи време. Со тоа сметам сега да дадеме оцена која химна да ја изведеме, македонската или двете, да не мешаме право и политика.

(Општ хаос во салата).

МИХАИЛ ПАНОВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ) Предлагам да не ги малтретираме луѓево што се тука и нашата јавност, конкретно господинот што го води ова Собрание, ведшан по моето јавување да даде прецизни и конкретни предлози за да се изјасниме кој е за што и да тргне работата некако. Вака ќе се расплиниме и до вечер нема да

нд

завршиме. Изгледа господинот нема искуство, па некој член од СКМ-ПДП, нека застане и нека ја води седницата. (Аплауз).

ПРАТЕНИК: Бидејќи јас го дадов вториот предлог и станаа малку пожолчни дискусии, предлагам да се гласа на следниов начин:

Прво, да се стави предлогот кој е да се изведе македонската химна и да се гласа по него. (Аплауз од членовите на ВМРО-ДПМНЕ).

Потоа, да се стави предлогот кој е да се изведе југословенската химна и да се гласа по него. Така мислам дека би ја расчистиле ситуациј ата.

НИКОЛА СТОЈАНВОСКИ:(СКМ-ПДП) Да го прифатиме овој предлог и да гласаме. (Општо негодување).

ПЕТАР ГОШЕВ: (СКМ-ПДП) Се извинувам, меѓутоа, на господинот Никола нема да му одговорам што така набрзина не изнавреди  и тие што ја промашиле темата и тие што не го знаат правото, а тој го знае правото кога вели дека политичките партии ќе можат да ја претставуваат државата без државни органи. Нема да дискутирам на тој начин, но сакам да кажам дека ние сè уште немаме Парламент кој може да одлучи и да гласа за химна, против химна, или против било што.

Прво, треба да го конституираме Парламентот, да констатираме дека имаме Парламент и можеме да видиме дека постои Парламентот откако ќе ги верифицираме мандатите.

Првото прашање е да ги верифицираме мандатите.

Второто прашање е да го усвоиме Деловникот и по Деловникот повелете да одлучиме за химната. Потоа нека следи дневниот ред кој ќе го утврдиме со дополнувања, или така како што беше предложен. (Аплауз).

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Го слушнавте последниот предлог, па да гласаме по него. (Општо негодување).

МИЛОВАН ШИКОВСКИ: Да не гласаме, туку веднаш да одиме на верификација.

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Предлагам да избереме верификациона комисија.

За верификационата комисија треба да избереме претседател и членови.

Верификационата комисија се состои од претседател и четири члена, а ја избира Собранието по предлог од претседателот.

Согласно со одредбите на Привремениот деловник на Собранието го предлагам следниот состав на Верификационата комисија.

За претседател на Верификационата комисија го предлагам пратеникот Зоран Крстевски, а за членови на комисијата пратениците Ристо Јованов, Благој Ханџиски, Абдурахман Халити и Божо Рајчевски.

Отворам претрес по предлогот.

нд

МИЛОВАН ШИКОВСКИ: Ве молам за едно стручно појаснување.

Дневниот ред што го предложи претседавачот, јас спомнав уште на почетокот дека е усогласен со претставници на политичките партии. Меѓутоа, со оглед на прашањата што се покренуваат сигурно ќе имаме такви прашања кога ќе расправаме за Деловникот и таму ќе имаме потреба од произнесување кој е за, кој е против. Најлогично е, а тоа е деловничка и уставна потреба, прво да одиме на верификација на мандатите да видиме овој Парламент со колку пратеници ќе работи. Ќе знаеме точно на колку пратеници е верифициран мандатот и според тоа ќе знаеме со каков кворум ќе работиме. Поради тоа, лигичен беше предлогот оваа седница да се одвива во два дела.

Првиот дел да се верифицираат мандатите, тоа значи да избереме Верификациона комисија да поднесе извештај, да усвои извештајот да се верифицираат мандатите. Откако ќе се верифицираат мандатите продолжуваме со вториот дел Прво, усвојување на Деловникот и утврдување на дневниот ред. Дневниот ред со сите точки кои ќе бидат утвдени на оваа седница ќе се работи.

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, предлагам гласањето за избор на претседател и членови на Верификационата комисија да се изврши јавно со кревање на рака.

Дали има друг предлог? (Нема).

Молам, кој е за предлогот да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласањето? (Еден пратеник). Констатирам дека предлогот е усвоен.

За претседател на Верификационата комисија е избран Зоран Крстевски, а за членови на Комисијата Ристо Јованов, Благој Ханциски, Абдурахман Халити и Божо Рајчевски.

Го молам претседателот на Верификационата комисија веднаш да свика седница на Комисијата на која ќе го разгледа Извештајот и другите акти на Републичката изборна комисија и евентуалпо примените жалби на изборот на одделни пратеници, ќе ја испита правилноста на изборот и на Собранието ќе му поднесе овој извештај со предлог.

Седницата на Комисијата ќе се одржи во салата до ресторанот лево.

Ја прекинувам седницата за да може Верификационата комисија да го подготви својот извештај .

Седницата ќе продолжи на знак на ѕвоното по еден ипол час.

(Седницата прекина со работа во 11,30 часот).

(Седницата започна со работа во 13,30 часот).

Пред да продолжиме со работа ве известувам дека за време на паузата на седницата добивме телскс од вработните од "Топилницата за олово и цинк" - Титов Велес. Лигата на Власите на Макдонија и од Боречката организација од Делчево со кои на сите

пратеници им пожелуваат успешна работа.

(Аплауз).

Да продолжиме со работа.

Преминуваме на третата точка - Извештај на Верификационата комисија и верификација на мандатите на пратениците.

Извештајот ќе го поднесе претседателот на Верификационата комисија Зоран Крстевски.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ: (СРСМ).

Верификационата комисија на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 8 јануари 1991 година, го разгледа Извештајот на Републичката изборна комисија за спроведените избори на пратениците во Собранието на Социјалистичка Република Македонија и врз основа на Амандман LXXIV точка 2 став 7 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

Разгледувајќи го Извештајот на Републичката изборна комисија за спроведените избори на пратеници во Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Верификационата комисија на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, утврди дека:

1. Изборите на пратеници во Собранието на Социјалистичка Република Македонија одржани во ноември - декември 1990 година, се спроведени врз основа на Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници ("Службен весник на СРМ" број 28 од 21 септември 1990 година) во согласност со решението на претседателот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија за распишување на избори за пратеници во Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

2. Со спроведувањето на изборите на пратениците во Собранието на Социјалистичка Република Македонија раководеа комисиите на изборните единици под непосредна грижа на Републичката изборна комисија.

3. До Верификационата комисија беа доставени два приговора и тоа од Благоја Рахманов, кандидат за пратеник во изборната единица број 6 - Битола и од Партијата за демократски просперитет во Македонија - Тетово.

Постапувајќи по нив, Комисијата констатира дека во двата случаи приговарачите (што е потврдено и во нивните приговори) воделе постапка пред надлежните органи предвидени со Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници.

Врз основа на Извештајот на Републичката изборна комисија и приложените уверенија, Комисијата констатира дека приговорите се неосновани и истите ги одби.

4. Врз основа на резултатите од првиот и вториот круг на гласањето и Извештајот на Републичката изборна комисија, Верификационата комисија констатира дека за пратеници во Собранието на Социјалистичка Република Македонија се избрани:

1. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА
2. ХАМИД АЛИУ
3. ЕШРЕФ АЛИУ
4. СТОЈАН АНДОВ
5. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ
6. МИТКО АНАСТАСОВСКИ
7. ТИМЕ АНДОНОВ
8. НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ
9. ДУШКО АРСОВ

МЛ

10. ДРАГИ АРСОВ
11. БРАНКО АРСОВСКИ
12. ЛАМБЕ АРНАУДОВ
13. БРАНКО БЛАЖЕВСКИ
14. ЈОРДАН БОШКОВ
15. ГОРГИ БОЈКОВСКИ
16. ТОДОР ГАЈДАРЏИСКИ
17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ
18. ПЕТАР ГОШЕВ
19. ТУШЕ ГОШЕВ
20. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ
21. ДРАГИ ГРОЗДАНОВ
22. САНДЕ ДАВЧЕВ
23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ
24. ТОДОР ДИМОВ
25. ДОСТА ДИМОВСКА
26. РАТКА ДИМИТРОВА
27. ПЕТАР ЃОРГИЕВ
28. БОРИС ЃОРЧЕВСКИ
29. ДУШКО ЃОРЃИЕВСКИ
30. ЗУИДИ ЕМИНИ
31. ЈОРДАН ЗАФИРОВ
32. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ
33. НАСЕР ЗИБЕРИ
34. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ
35. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ
36. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ
37. СИМЕОН ИВАНОВСКИ
38. ЉУБОСАВ ИВАНОВ
39. ЈАКИМ ИВАНОВ
40. ИВАН ИВАНОВ
41. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ
42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ
43. РИСТО ЈОВАНОВ
44. ЃУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА
45. РИСТО КЕЛЕШОВСКИ
46. ТАШКО КИРОВ
47. ЗОРАН КИТЕВ
48. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ
49. ГОРГИ КОТЕВСКИ
50. СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ
51. ЗОРАН КРСТЕВСКИ
52. НИКОЛА КРСТЕВСКИ
53. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА
54. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ
55. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ
56. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ
57. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ
58. ЕФТИМ МАНЕВ
59. СТРАШО МИЛКОВСКИ
60. ПАНЧО МИНОВ
61. МАРИН МИЛЕНКОСКИ
62. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ

63. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ
64. ВАНЧО МЛАДЕНОВ
65. ЏЕЛАДИН МУРАТИ
66. АВДИ МУРТЕЗАНИ
67. НАИФ МУСТАФА
68. СИМЕОН НАУМОВСКИ
69. ПАНЧЕ НАСЕВ
70. СЛАВЕ НАУМОВСКИ
71. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ
72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ
73. ЈОВАН НИКОЛОВ
74. ТОДОСИЈА ПАУНОВ
75. МИХАИЛ ПАНОВ
76. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ
77. ТИТО ПЕТКОВСКИ
78. ТОДОР ПЕТРОВ
79. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ
80. ДИМИТАР ПОПОВСКИ
81. КИРО ПОПОВСКИ
82. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ
83. ШАБАН ПРЕВАЛА
84. ИСМЕТ РАМАДАНИ
85. БОЖО РАЈЧЕВСКИ
86. НЕИМ САЛМАНИ
87. ФЕРИД САДИКУ
88. АСЛАН СЕЛМАНИ
89. НАУМ СИМЈАНОВСКИ
90. АЦО СПИРОСКИ
91. РИСТО СТАНКОВСКИ
92. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ
93. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА
94. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ
95. СТОИЛЕ СТОЈКОВ
96. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ
97. РИСТО СТАМЕНОВ
98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ
99. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ
100. ЏЕЛИЛ ТАИРИ
101. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ
102. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ
103. БЛАГОЈ ТОШЕВ
104. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ
105. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ
106. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ
107. АГИМ ФАЗЛИУ
108. ФАИК АБДИ
109. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ
110. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ
111. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ
112. СЕФЕДИН ХАРУНИ
113. МУХАМЕД ХАЛИЛИ
114. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ
115. БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ

116. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ
117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ
118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ
119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ
120. ХИСНИ ШАКИРИ

Врз основа на изнесеното, а согласно со Амандман LXXIV точка 2 став 7 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Верификационата комисија му предлага на Собранието на СР Македонија да ги верифицира мандатите на избраните пратеници во Собранието на Социјалистичка Република Македонија

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА ВЕРИФИКАЦИОНАТА КОМИСИЈА,
Зоран Крстевски,с.р.

Членови:
1. Ристо Јованов,с.р.
2. Благој Џанџиски,с.р.
3. Абдурахман Халити,с.р.
4. Божо Рајчевски,с.р.

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Отворам претрес по Извештајот на Верификационата комисија во целина.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не се јавува за збор, го ставам на гласање Извештајот и Предлогот на Верификационата комисија во целина.

Молам, кој е за Извештајот да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).

Констатирам дека Извештајот и Предлогот на Верификационата комисија се усвоени и со тоа е извршена верификација на мандатите на пратениците во Собранието.

(Долготраен аплауз).

Преминуваме на првата точка од дневниот ред - Предлог на Привремен деловник на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Текстот на Предлогот на Привремениот деловник е подготвен со активно учество на пратеници, определени од политичките партии застапени во Собранието.

Текстот на Предлогот на Привремениот деловник, ви е доставен на сите.

Отворам претрес по текстот на Привремениот деловник. Молам, кој бара збор?

мл

Има збор пратеникот Тодор Петров.

ТОДОР ПЕТРОВ: (независен пратеник) Во членот 2 од Деловникот ставот 2 наместо: "еден од постарите по години пратеници", предлагам да стои: "најстариот по години пратеник."

Во членот 16 да се додаде ставот 2 кој ќе гласи: "Сите избори и именувања Собранието ги врши со тајно гласање".

Во сегашниот став 2 на членот 16 зборовите: "кого го поддржуваат најмалку 10 пратнеици" да се избрише, заради олеснување на процедурата во утврдувањето на гласањето за со тајно гласање.

Членот 25 ставот 1 - претседателот на Собранието се избира со тајно гласање.

Ставот 2 да се избрише.

Членот 28 ставот 1: "еден од постарите по години пратеници", да стои: "најстариот пратеник" а во ставот 2 да стои: "во постапката на гласањето на претседавачот, не на претседателот".

Членот 36 - гласањето за избор на Владата е тајно.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ) Сега веќе говорам како озаконет пратеник и предлагам од Деловникот да се избришат целосно членовите 12 и 13. Причина за тоа е што се спротивни со амандманот 74, врз основа на кои се извршува верификација на пратениците. Ова го кажувам од следните причини:

Во членот 12, кога ќе се изврши верификација на пратеничките места се повикуваат пратениците да положат заклетва. Па, во овој дел на Деловникот вон овластувањата од амандманот LXXIV се додава некаква си заклетва, што значи по мене дека се врши нова филтрација на проверка на веќе избраните кандидати. За тоа дека е така е доказ и членот 13. Сметам дека го имате сите пред вас и ќе го читам само членот 13.

(Го чита членот 13 од Привремениот деловник).

Додека во членот 12 стои: "по донесување на одлука на Собранието за верификација на мандатот претседавачот..." тој претседавач нема никаква функција освен da ја отвори седницата на Собранието. Пратениците кои се со закон избрани треба да му полагаат само на него и изјава на човек кој ќе седи до оформување на Парламентот. Тоа е едниот дел.

Вториот дел каде се дава текстот вели: "Изјавувам дека функцијата на пратеник ќе ја вршам совесно и одговорно и ќе се преидржувам на Уставот и законите и ќе се борам за заштита на суверенитетот и интегритетот на Социјалистичка Република Македонија и Социјалистичка Федеративна Република Југославија". По читањето на овој текст пратениците го потпишуваат и го предаваат на секретарот на Собранието. Кој од вас овде избрал секретар? На кого ќе ги даваме овие изјави? Ве молам, јас едно говорам како правник во основа дека овие недоследности, овие таканаречени формални работи треба да се протурат содржински. Јас сум пратеник, не сум делегиран јас сум избран, моето пратеничко место е потврдено на тајни избори, демократски и сега никој не може тоа да ни

го проверува по втор пат. А ако некој од нас рече јас не сакам оваа изјава да ја прифатам дали господо пратеници на вас ви престанува мандатот во тој момент.

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, молам дали го прифаќаме предлогот на пратеникот за тајно гласање?

Молам, кој е за тоа да биде како што е предложено во Привремениот деловник?

ЃУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА: (СРС-МДПС) За да Собранието работи конструктивно, предлозите треба да бидат дадени на гласање пред сите пратеници, па тие ќе се изјаснат за кој предлог се. Како што беа дадени предлозите од првиот и вториот пратеник да се изјасниме за да не направиме грашка. Според приоритетот на пратениците, како ги дадоа предлозите.

МИЛОВАН ШИКОВСКИ: Со Привремениот деловник како начин на одлучвуање во Собранието се предлага во основа гласањето да биде јавно, но се дава можност Собранието да може да одлучи тоа да се врши и со тајно гласање.

Додека, во останатите делови од Деловникот, со кој ќе се уредува начинот на изборот на претседател на Собранието, претседател на Републиката и Владата на Социјалистичка Република Македонија, исто така уредено е - за претседател во основа гласањето да се врши со јавно гласање, а да може да се врши и со тајно гласање доколку Собранието така одлучи.

Во однос на Претседателот на Републиката е уредено со закон, односно и со амандманите да мора да се врши со тајно гласање.

Во однос на Владата допуштено е да се уреди со Деловникот. Начинот на гласање се уредува со устав, односно со деловник. Доколку со Уставот не е определено дали со јавно или со тајно гласање, се уредува со Деловник.

Значи, начинот на гласањето исклучиво е во надлежност на Уставот и Деловникот. Така основа за уредување на начинот на гласањето произлегува од Уставот.

Забелешка, односно предлогот за член 16 - сите избори и именувања во Собранието да се вршат со тајно гласање, беше едниот предлог, понатаму член 25 кој се однесува за претседателот на Собранието исто така, се предлага да нема можност со јавно гласањет уку со тајно. Во член 28 е техничко подобрување. Во член 36 исто така, гласањето за избор да биде тајно. За сите овие предлози Собранието треба да се произнесе.

Во однос на другиот предлог на пратеникот во врска со содржината, текстот на свечената изјава и обврската за давање свечена изјава произлегува од Уставот за пратениците.

По член 438 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија утврден е текстот на свечената изјава што го дава претседателот и членовите на Претседателството на Социјалистичка Репуб-

мл

лика Македонија, претседателот и судиите на Уставниот суд. Додека за другите функционери што ги избира или именува Собранието, допуштено е текстот да го утврдува Собранието. Значи уставна обврска постои само за овие функции. Меѓутоа, со постојниот Деловник на Собранието утврден е текст, во членот 20 утврден е текстот на свечената изјава што досега го даваа делегатите.

Информирани сме дека и во другите социјалистички републики каде што се извршени конституирања на собранијата во босна и Херцеговина исто така, пратениците дадоа свечена изјава во еден модифициран текст што е направен нешто слично и воовој Деловник, а текстот е усогласен со претставниците на политичките партии коишто непосредно учествуваа во подготвувањето на Деловникот. Меѓутоа, тоа е надлежност на ова Собрание како ќе одлучи.

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Дали се согласувате да одиме анамндман по амандман?

ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ: (независен пратеник) Мислам дека прифатливи се предлозите за измена на членовите 25 и 36 во смисла гласањето да се врши тајно. Ова е од причини што ние сме сведоци дека повеќепартиската парламентарна демократија истовремено значи и рушење на моделот на едноумието. Ако е тоа така, тогаш јавното гласање за мене претставува политичка контрола на лидерите на политичките партии на членовите во партијата и доминирање на идеолошките ментори во политичките партии, односно и политичките партии сè уште не се ослободуваат од митот на едноумието. Политичката слобода за припадност на политичката партија не е негација на другите слободи што треба да ги поседува човековата индивидуа, кога слободно влегува и излегува од партијата. Од тој аспект мислам дека тајното гласање е "кондицио сине ква нон" на повеќепартиската парламентарна демократија. Од тие причини членовите 25 и 36 мислам дека треба да ги прифатиме во контекст на гласањето да се врши тајно. Мислам дека тоа е клучен и ицивилизациски дострел на новиот Македонски парламент. Онака како што се бирани пратениците, така треба да се бираат и другите.

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Дали некој друг бара збор? (Никој).

Да одиме член по член.

Членовите 12 и 13 имаше предлог да се бришат.

Кој е за тоа да се бришат членовите 12 и 13 нека крене рака? (91 глас)

Кој е против предлогот да се бришат? (4 гласа).

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Членот 16: Сите избори и именувања треба да се вршат по предлогот со тајно гласање го ставам на гласање.

Кој е за бришење на ова?

ПРАТЕНИК: Лично сметам дека за чисто формални работи сигурно заради одредена збунетост на претседавачот доаѓаме до конфузија и недоволни искажаности во одлучувањето. Предлозите кои

мл

беа дадени заслужуваат респект и за секој треба поединечно да се изјасниме. За да можат пратениците да кажат, односно со кревање на рака, или со дискусија да се изјаснат сметам дека треба кога ќе се дојде до дадениот предлог, односно амандман на членот треба да се прочита како е формулиран во Привремениот деловник, а потоа да се каже каква е формулацијата која се предлага од пратеникот кој го предложил. Со тоа ќе се дефинира да знаеме за што гласаме. Сметам дека има одредени предлози и сега не знаеме за што точно гласаме. Во членот 16 стои: "Гласањето на седниците на Собранието е јавно освен ако со Уставот на СРМ, или со овој Деловник не е определено гласањето да се врши тајно". Сметам дека на тоа немаше никој забелешки. Јас така сметам, доколку не е така, треба да се докажеме. Гласањето ќе се изврши тајно и ако по предлог од претседателот на Собрнаието, или по барање од еден пратеник кого го поддржуваат најмалку 10 пратеници, така се одлучи на седницата. Имаше предлог да се избрише ова "10". Сметам дека предлогот е прифатлив, може тоа да биде избришано, така што во принцип Собранието ќе одлучува јавно, а по предлог на претседателот на Собранието, или по предлог на пратеник за кого нормално по предлогот ќе се изјасни Собранието може да се гласа тајно. Според тоа, оваа реченица треба да гласи: "Гласањето ќе се изврши тајно и ако по предлог од претседателот на Собранието, или по барање од пратеник" така се одлучи на седницата. Ќе отпадне, "кого го поддржуваат најмалку 10 пратеници". Сметам дека за тоа не треба да правиме никаков проблем и постојано да не собираме потписи. Тоа ќе биде практика и сметам дека со тоа ќе создаваме нервоза во работењето. Доколку има право пратеникот да предложи, доколку на гласањето добие поддршка, гласањето ќе биде тајно. Доколку нема таква потреба, гласањето ќе биде јавно. а исто така повторувам не само за тоа, за сите други предлози член по член да видиме точно како е новата формулација и каква е следната формулација. Сметам дека скоро сите предлози се прифатливи и издржани, но да видиме каква ќе биде формулацијата. Точно да знаме за што гласаме.

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Забелешката ја прифаќаме и мислам дека е најдобро предлагачот што беше за корекција на одредени членови 16, 25, 28 и 36 да излезе на говорница и точно да го формулира тоа што го предлага.

ТОДОР ПЕТРОВ: (независен пратеник) Ставот 2 на членот 2 да гласи: "Бидејќи веќе го имаме најстариот пратеник за претседател", да гласи: "до изборот на нов претседател на седницата претседава најстариот по години пратеник", што е мислам и прифатливо.

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Дали се согласувате? (Се согласуваат). Констатирам дека таа корекција е усвоена.

ТОДОР ПЕТРОВ: (независен пратеник) Поддржувајќи го образложението на независниот кандидат од Струга Трпеновски, предлагам во членот 16 да се додаде ставот 2 кој ќе гласи: "Сите избори и именувања Собранието ги врши со тајно гласање". Заради тоа што составен дел на демократијата е токму тајното гласање.

мл

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Дали се сувојува овој предлог за членот 16?

Кој е за предлогот за членот 16 ставот 2 да се дополни со "тајно гласање"?

ТОДОР ПЕТРОВ: (независен пратеник) Во членот 16 да се дополни ставот 2 кој ќе гласи: "Сите избори и именувања Собранието ги врши со тајно гласање".

ЃУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА: (СРС-МДПС) Ваквата формулација го исклучува првиот став од членот 16. Сметам, бидејќи ова е Привремен деловник на Собранието, оваа формулација којашто остана: "гласањето ќе се изврши тајно и ако по предлог на претседателот на Собранието, или по барање на еден пратеник, или по барање на 10 пратеници" е поконструктивна. И ако сите пратеници се изјаснат за тоа, гласањето и во овој случај ќе биде тајно. Ова дава можност за подобра работа.

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Имаме два предлога. Имаме предлог од пратеникот од Гевгелија и предлог од Гулистана Јумеровска да остане иста формулација каква што е, само да се бришат "10 пратеници".

ПРАТЕНИК: Јасно беше другарот што изнесе пред малку да отпадне предлогот од "10 пратеници". Дајте го првиот предлог. Дајте го предлогот на другарот што го даде за да бидеме ефикасни во работата.

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Во членот 16 предлог е во ставот 2 само да се брише: "бројот напратеници, најмалку 10 пратнеици".

Кој е за тој предлог, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Кој е против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).

Констатирам дека членот 16 е усвоен со таа корекција која е дадена.

ТОДОР ПЕТРОВ: (независен пратеник) Во членот 25: "претседателот на Собранието се избира со тајно гласање", а ставот 2 да се избрише.

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Кој е за овој предлог, нека крене рака?

ТОДОР ПЕТРОВ: (независен пратеник) Членот 25 да гласи: "Претседател на Собранието се избира со тајно гласање".

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Кој е за? (53 гласа).

Кој е против? (51 глас).

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ) Протестирам, бидејќи не знаеме зошто гласаме. Да се повтори гласањето со точна формулација, за што гласаме.

мл

Присутни се 117 пратеници.

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Кој е за, молам да крене рака? (58 пратеници).

Дали има некој против? (48 пратеници).

Дали некој се воздржува од гласањето? (6 пратеници).

Да го слушнете сега резултатот од гласањето. За предлогот на пратеникот, кој е тука на говорницата се 58 пратеници, против се 54 пратеници, воздржани се 6 пратеници.

Според тоа, предлогот на независниот кандидат, односно пратеник е прифатен.

(Во слата настана џагор).

ДИСКУСИЈА ОД МЕСТО: Вие правите прекршок. Го молам претседавачот да објасни дали сите пратеници се присутни. Ве молам, имате и помагач ако сте збунет за оваа седница, кажете, но правилно водете ја.

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Во Извештајот на Верификационата комисија се рече дека се присутни 117 пратеници. Од нив за предлогот гласале 58, против се 54 и 6 се воздржани.

(Бурен аплауз од некои пратеници во салата) .

Според тоа, предлогот не е усвоен.

ПРАТЕНИК: 8вмро-ДПМНЕ) Почитувани господа, веројатно го ставаме и господинот во многу незгодна ситуација да ни стоите овде, или ќеф ќе има пред публиката да го изнесат или незгодно ќе му биде, а верувам дека е незгодно.

Мислам дека голема грешка е на луѓето, господата што го водат состанокот во Собранието и секретарот на Собранието, навистина. Не може некој правник кој бил на тоа место - еве, јас слободно ќе кажам некој да дојде овде и да му каже што и како "да му соли памет". Извинете за изразот "да му соли памет". Имаме закон и со Уставот точно е кажано кога се бара квалификувано или не знам кое друго мнозинство, а кога просто мнозинство. Овде имаме работи кои со просто мнозинство можат да се решат и зошто е потребно да броиме колку се воздржани кога имаме 58 гласови и 48. Се знае резултатот. Тоа значи се прифаќа она што се предлага. Ве молам, постапете така, за да не седиме тука и да слушаме нешто што не треба да слушаме. Не знам што станавме веќе.

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Одиме на членот 36. Овој член 36. Овој член остана ист како што е.

ЃУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА: (СРС-МДПС) Од бројот којшто го добивме од гласањето произлегува дека на седницата има 58 гласови, гласањето да биде тајно, 54 се против оваа одлука, 6 се воздржани, што значи не се присутни 117 туку 118 пратеници. Тоа значи дека во овој случај броењето е нерегулирано и е потребно или да се повтори постапката и покрај тоа што за мене воопшто не е спорно затоа што ако се гледаат сите членови понатака, макар и

мл

еден глас да биде од 54, што значи само 55 да бидат за да биде тајно, одлуката е веќе прифатена и тоа е многу јасно.

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Веројатно е направена грешка во броењето и заради тоа излезе 1 глас повеќе. Тоа е техничка работа.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ: (СРСМ) Ќе ве молам, се јавувам пак во функција на претседател на Верификационата комисија. Морам да ве известам дека треба да раздвоиме две работи.

Комисијата направи увид во уверенијата кои ви ги издаде Републичката изборна комисија. До нас се доставени вкупно 117 уверенија. Две уверенија на двајца пратеника чии идентиет со лична карта и со познавање на лидерите на тие партии го утврдивме на лице место и тие се тука присутни. Во постапката која е утврдена за Верификационата комисија фали еден пратеник и тој го знаеме, Димитар Поповски кој е во Австралија. Според тоа, во таа постапка работата е чиста.

Дали при работата на ова Собрание некој од пратениците заминал, тоа е друго прашање и ако има спор по однос тоа како кворум, прво треба да се утврди бројната состојба на пратениците моментално присутни и веднаш да се примени членот 15, ако не е спорен од овој Деловник во однос на простото мнозинство.

ДИСКУСИЈА ОД МЕСТО: Дајте толкување што значи членот 15.

МИЛОВАН ШИКОВСКИ: Собранието работи на седници и полноважно одлучува ако на него присуствуваат мнозинството пратеници, тоа значи од половината плус еден, кога со Уставот или со закон не се бара поинакво мнозинство.

Во конкретниот случај се бара просто мнозинство, а тоа е од присутните. Според информацијата, присутни се 118 односно 119 пратеници и од тој број се бара половината плус 1. Тоа е просто мнозинство.

(Во салата одекна бурен аплауз од некои пратеници).

Просто мнозинство е половината од присутните пратеници на конкретната седница плус 1.

Квалификувано мнозинство се бара кога се избира претседател од вкупниот број, без оглед колку се присутни, половината плус 1, значи 61 глас без оглед колку се присутни или дво-третинско мнозинство за претседател на република, 80 без оглед колку се присутни.

Ако некој ме негира, веднаш поднесувам оставка.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ) Бидејќи беше констатирано дека збирот "за", "против", "воздржани" не одговара на бројот со којшто верифицирано се присутни, гласањето треба да се повтори.

Сега морам да направам една кратка дискусија, бидејќи тука не сме свесни за што се работи. Сакам да потсетам дека во овој период на вонпартиско договарање, такво какво што започна, воопшто не беше охрабрувачко за македонската јавност, а видовме овде и конкретно дека ништо од тоа не станало. Од настојувања на еден

мл

погрешен начин да се постигне договор, тргнувајќи од лични интереси, кога премногу блиску власта дојде до нас, сега немаме сили да се одвоиме од тоа што е лично од македонските интереси.

Сметам дека во овој момент, иако сум демократ по убедување и сум за јавно, на Македонија би ѝ било штетно јавното гласање за претседател на Собранието, заради тоа што со тоа се отвораат механизми за да може политичките партии да го обезбедат она што како поединци, пред сè, го имаат предвид.

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Преминуваме на членот 28.

ПОВЕЌЕ ГЛАСОВИ: Да се повтори гласањето.

(Во салата се слушаше силно негодување).

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Дали барате повторно да гласаме за членот 25?

ПОВЕЌЕ ГЛАСОВИ: Да (Громогласно) .

ТОДОР ПЕТРОВ: (независен пратеник) Во членот 28 формлано-правно...

(Негодување во салата).

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Се враќаме на членот 25 повторно.

(Негодување во салата),.

Според тоа, членот 25 останува така како што е напишан.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ) Ве молам господин претседавач, имаше приговор од моја страна и сакам да се разјасни. Поради тоа, што не одговара бројот "за", "против" и "воздржан" на бројот на присутните, не е легитимно гласањето и да се повтори. Немојте да одите на друга точка, без да поставите на демократски начин одлучување.

ДИСКУСИЈА ОД МЕСТО: Бидејќи е Предлог на деловник, ние го усвоивме тој член за кој гласаа 58 пратеници и се изјаснија гласањето да биде тајно, а 54 пратеници беа против. Како може со 54 гласови да се усвои а со 58 гласови да не се усвои.

(Во салата настана џагор).

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Да не гласал никој пратеник двапати?

Да го повториме гласањето, јас сум за тоа.

(Револт од некои пратеници).

Бидејќи претставува проблем членот 25 со гласањето, треба да одиме на гласање по список и како кој ќе прозвеме да гласа.

ПОВЕЌЕ ГЛАСОВИ: Да одиме понатаму.

ПЕТАР ГОШЕВ: (СКМ-ПДП) Веројатно ова не е некое централно прашање и некое големо прашање, особено што Деловникот дава шанса и тајно и јавно да се гласа и кога ќе дојде конкретниот случај на дневен ред - изборот на претседател на Собранието, тогаш пак може да се рече дали ќе ја избереме солуцијата тајно гласање или солу-

мл

цијата јавно гласаше, за конкретниот случај, така што можно е и да не го измениме овој член сега, а пратениците имаат право да побараат и тогаш да се гласа тајно или јавно. Тоа е една работа што сакам да ја кажам.

Втора работа е, не може да ни се случува погрешно броење. Во првиот случај беше речено дека има 117 пратеници. Збирот на претседавачот беше 118. Во образложението на Зоран Крстевски беше речено дека има 117 плус двајца идентификувани пратеника со лична карта, значи 119 и еден отсутен, а одлуката е ваква и онаква за еден глас.

ПЕТАР ГОШЕВ: (СКМ-ПДП) Ова Собрание треба да знае барем да ги изброи гласовите. Инаку ако се прашувам јас мислам дека во Деловникот тој член може да помине и така, а кога ќе дојдеме да го избираме претседателот, тогаш ќе се определиме дали ќе одиме со тајно гласање, или со јавно.

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Еве слушнавте нов предлог. Кога ќе дојдеме на гласање, тогаш ќе одлучуваме, а сега нека остане така како што е.

Кој е за предлогот на пратеникот Голубовски, да се гласа по список?

МИЛОВАН ШИКОВСКИ: Гласајте, прегласувајте. Стои предлог, стои измена од страна на господинот, да се усвои еден законски текст со дадениот предлог или со изменет. Треба да има просто мнозинство. Овде предлог за измена нема. Ниту има потреба за прегласување, ниту за ново одлучување. Така било и така ќе треба да остане. Да останеме барем на тоа доследни.

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Го ставам предлогот на пратеникот Голубовски на гласање.

Кој е за предлогот, да се гласа по список? (58 гласа).

Дали има некој против? (22 гласа).

Дали некој се воздржува од гласањето?

ПРАТЕНИК: Јас молам дека по спорниот член што сега дискутираме, прашањето е сосема решено да не создаваме никакви енигми. Едноставно да се почитува Изборниот закон, да се почитува обичното мнозинство.

Го молам пратеникот Голубовски да не се претставува од името на македонскиот народ, бидејќи ние знаеме дека сега се прави конструкција. Оние кои беа воздржани сакаа да дојдат на спротивната страна, да добијат потребно мнозинство. Мислам дека е многу видлива конструкцијата

ПРАТЕНИК: Ако може да помогнам.

Бидејќи сум и правник по професија ќе се обидам да кажам како јас го сфаќам правото.

Во членот 15 ставот 2 стои: "Собранието одлучува со мнозинство на гласови на седница на која се присутни повеќе од половината на сите пратеници во Собранието, доколку со Устав на СРМ

мл

не е предвидено потребно мнозинство". Сфаќам дека можеме да од-лучуваме ако на денешнава седница се присутни повеќе од 50%, што значи 61 пратеник да се присутни, можеме полноважно да одлучуваме. Од тие 61, значи над 51% треба мнозинство пратеници што ќе одлучат, тој предлог да се прифати. Тоа е логика на правото. Јас така го сфаќам, а ако има спротивно мислење во правото, кажете. Инаку ако се бара, како што се толкува, треба да се каже во овој член "но најмалку над 50% од пратениците", тогаш може да биде тоа квалификувано мнозинство. Овде се бара просто мнозинство што значи предлогот ќе се прифати, односно ќе се прифати оној предлог кој добил најмногу гласови. Никаде не е речено "повеќе од 50% да се гласа за овој предлог". Тоа е логика на правото, а кој како го толкува, не знам.

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Добро е само правната формалност мораме да ја запазиме, 58 се за, а колку се против и воздржани, не видовме.

Ве молам, кој е против нека крене рака? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).

Дали можеме да констатираме, според оан што го кажаа неколкуте пратеници дека е просто мнозинство се бара, а 58 не е просто мнозинство и тоа значи дека не е прифатен предлогот. (Аплауз).

ПРАТЕНИК: Членот 36 да гласи: "Гласањето за избор на Владата е тајно".

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Предлогот е членот 36 да се измени и да гласи: "гласањето да биде тајно".

Кој е за предлогот на пратеникот што предлага гласењето да биде тајно? (Никој).

Кој е против? (Никој).

Значи останува членот 36: "гласањето за избор на Владата да биде јавно". (Аплауз).

Преминуваме на гласање за усвојување на Привремениот деловник, со овие измени што беа прифатени.

Кој е за, нека крене рака? (Пратениците креваат рака) .

Дали има некој против? (Нема).

Дали има воздржани? (Нема).

Констатирам дека Предлогот на Привремениот деловник на Собранието на Македонија е усвоен.

Пред да преминеме на другите точки од дневниот ред, останува да расчистиме уште едно прашање, прашањето за химната.

Отворам претрес по предлогот што го даде пратеникот од Гевгелија.

Кој е за, да се изведе македонската химна нека крене рака? (Пратениците креваат рака).

мл

Дали има некој против? (Нема).

Дали има воздржани? (Нема).

Кој е за, тоа да се изведе и југословенската химна нека крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (Еден глас).

Дали има воздржани? (12 гласа).

Со мнозинство на гласови се прифаќа и предлогот да се изведе и југословенската химна.

(Се изведува македонската химна, а потоа и југословенската).

(По изведувањето на македонската и југословенската химна).

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Преминуваме на четвртата точка од дневниот ред - Избор на претседател и членови на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Согласно со одреддбите на Привремениот деловник новоизбраното Собрание на првата седница по предлог од најмалку 10 пратеници избира Комисија за прашања на изборите и именувањата која ја сочинуваат претседател и 12 членови.

Во Комисијата се обезбедува соодветна застапеност на пратениците од политичките организации и на други облици на организирање и здружување.

Група од 10 пратеници соодветно застапени од политичките партии поднесе предлог за избор на претседател и членови на Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

Предлогот за состав на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, од името на пратениците, подносители на Предлогот, ќе го образложи пратениикот Михаил Пановски.

МИХАИЛ ПАНОВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ) Другарки и другари пратеници, дами и господа пратеници.

Дозволете ми врз основа на член 12 од Привремениот деловник на Собранието на СРМ, од името на пратениците: Михаил Пановски, Александар Флоровски, Марин Миленкоски, Наќе Стојановски, Зуди Емини, Насер Зибери, Тиме Андонов, Панче Минов, Бранко Арсовски и Иван Иванов, во Комисијата за прашања на изборите и именувањата да ги предложам:

За претседател Никола Крстевски од ВМРО-ДПМНЕ;

За членови: Коле Луловски, ВМРО-ДПМНЕ; Доста Димовска, ВМРО-ДПМНЕ; Ѓорѓи Котевски, ВМРО-ДПМНЕ; Љубомир Поповски, СКМ-ПДП; Александар Гештаковски, СКМ-ПДП; Васил Зимбаков, СКМ-ПДП; Мерсим Пложани, ПДП; Неим Салмани, ПДП; Зоран Крстевски, СРСМ; Санде Давчев, СРСМ; Љубосав Иванов, СПМ и Димитар Трпеновски, независен кандидат.

Овој предлог е изготвен врз основа на претходен до-

мл

говор со пратениците на политичките организации при што е запазена соодветната застапеност на пратениците од политичките организации во Собранието на СРМ.

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Дали има друг предлог за избор на претседател и членови на Комисијата за прашања на изборите и именувањата? (Нема).

Отворам претрес по Предлогот за избор на претседател и членови на Комисијата за изборите и именувањата.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлагам гласањето да го извршиме јавно, со кревање на рака.

Дали има некој друг предлог за начинот на гласањето? (Нема).

Констатирам дека гласањето ќе го извршиме јавно, со кревање на рака.

Молам, кој е за предлогот нека крене рака. (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема).

Дали има некој воздржан? (Нема).

Констатирам дека се избрани:

За претседател: Никола Крстевски од ВМРО-ДПМНЕ;

За членови: Коле Луловски, ВМРО-ДПМНЕ; Доста Димовска, ВМРО-ДПМНЕ; Горѓи Котевски, ВМРО-ДПМНЕ; Љубомир Поповски, СКМ-ПДП, Александар Гештаковски, СКМ-ПДП; Васил Зимбаков, СКМ-ПДП; Мерсим оложани, ПДП; Неим Селмани, ПДП; Зоран Крстевски, СРСМ; Санде Давчев, СРСМ; Љубосав Иванов, СПМ и Димитар Трпеновски, независен кандидат.

Го молам претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, веднаш да свика седница на која Комисијата треба да утврди кандидат за претседател на Собранието и да му го предложи на Собранието.

Седницата на Комисијата ќе се одржи во салата до ресторантот лево.

Ја прекинувам седницата за да може Комисијата за прашања на изборите и именувањата да му предложи на Собранието кандидат за претседател на Собранието.

Седницата ќе продолжи на знак на ѕвоното.

(Пауза од 14,40 часот до 16,50 часот).

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Пред да почнеме со работа едно известување во паузата од седницата добивме телекс и од вработените во Ф-ка за масло "Благој Ѓорев" од Титов Велес и од Обединетата македонска организација "Илинден" од Петрич со кои на сите пратеници им пожелуваат успех во работата.

мл

(Пауза).

Преминуваме на петтата точка од дневниот ред - Избор на претседател на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Според Привремениот деловник на Собранието кандидат за претседател на Собранието предлага Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието.

Кандидат за претседател може да предложат и најмалку 20 пратеници.

Ист пратеник може да биде предлагач само на еден кандидат за претседател на Собранието.

Предлозите на кандидатите за претседател на новоизбраното Собрание се поднесуваат на седницата на Собранието.

Предлозите на кандидати за претседател на Собранието ги сбдржат името и презимето на кандидатот, имињата и презимињата на пратениците кои го поднесуваат предлогот и нивните соверачни потписи.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предложи кандидат за претседател на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Го молам претседателот на Комисијата да го образложи предлогот.

НИКОЛА КРСТЕВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ) Врз основа на член 22 од Привремениот деловник на Собранието на Собранието на Република Македонија, Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на СРМ поднесува Предлог на кандидат за претседател на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

За претседател на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Комисијата за прашања на изборите и именувањата го предлага кандидатот Стојан Андов.

(Аплауз).

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Дали има друг предлог на кандидат за претседател на Собранието на СРМ.

РАТКА ДИМИТРОВА: (ВМРО-ДПМНЕ) Почитувани дами и господа пратеници, почитувани гости, почитувани граѓани на Македонија.

Во име на парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ во име на сите 37 пратеници, тука присутни, го изразувам крајното разочарување, крајната индигнација од непочитувањето на постигнатиот договор меѓу раководствата на партиите во последен момент откажано од страна на СКМ-ПДП.- Ова е направено со цел да се оневозможи политичката партија која се здоби со најголема доверба на македонскиот најрод да ја добие позицијата што споре дсите демократски принципи и припаѓа.

ВМРО-ДПМНЕ, чувствувајќи ја големата одговорност пред својот народ и согледувајќи дека парламентарната криза во

мл

овој момент за Македонија е најлошто што може да се случи, од варијанта во варијанта излегуваше во пресрет на барањата на останатите две партии. И последната, третата варијанта ја погази СКМ-ПДП пред самиот почеток на оваа седница.

Затоа, пратениците на ВМРО-Партија за македонско национално единство нема да учествуваат ниту во предлагањето кандидати, ниту во гласањето.

(Дискусијата на пратеникот Ратка Димитрова е проследена со аплауз од страна на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ).

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Дали уште некој бара збор?

МУХАМЕТ ХАЛИЛИ: (ПДПМ) Во името на парламентарната група на ПДП сакам да го информирам новоизбраното Собраниет на Македонија и јавноста дека, иако сме партија со најголем број на членство, а по број на пратеници трета партија во Републикава, без оглед на тоа за какви функции ќе бидеме застапени, во досегашните меѓупартиски договори воопшто не сме вклучени во договорите меѓу партиите. Сите договори меѓу СКМ-ПДП, ВМРО-ДПМНЕ и СРСМ се водени без учество на ПДП. Ние сме доведени во ситуација некој да ни нуди осносно подарува толкав број функции колку што ќе се договорат тие партии меѓу себе, иако има партии што имаат помал број пратеници во парламентот, отколку што имаме ние.

Сметаме дека од многу аспекти на ПДП треба да ѝ се довери една од трите функции, претседатели на Владата на СРМ. Мислам на една од трите функции: претседател на Собранието, претседател на Влада или претседател на републиката.

Фактички прифаќаме ваква позиција, тоа нека се смета како доказ дека не сме против воспоставување на плурализам во Македонија и против конституирање на ова Собрание. Меѓутоа, во натамошниот тек на конституирањето односно изборот на органи на Републиката, најодговорно и најсериозно треба да се смета и на Партијата за демократски просперитет.

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Дали уште некој бара збор?

ПЕТАР ГОШЕВ: (СКМ-ПДП). Поради ова соопштение од страна на ВМРО преку госпоѓата Ратка Димитрова, јас сум должен да објаснам нешто пред пратениците и јавноста, бидејќи ова јавно се следи. Токму заради тоа морам да кажам нешто што е фактичка состојба во врска со разговорнте што ги имавме и во врска со ова што сега се појавува како настан, што не е баш примерен за ваква седница што, можеби, требаше да има посвечен карактер и подостоинствен.

Во оваа изјава сме оптужени за отстапување од договорот што сме го имале. Разговаравме со денови. Односот во Парламентот е ваков каков што е познат. ВМРО изјавуваше дека е Партија која што ги доби изборите, која што е фактички морален победник од изборите.

Разговаравме околу тоа прашање дали е навистина фактички победник и морален и парламентарен и аргументите беа јасни дека ниту ВМРО, ниту СКМ, ниту која друга партија е фак-

тички победник на овие избори. Дури во разговорите се служевме и со примери: во кошарката е потребно пола кош за да се освојат двата бода и да се биде победник, според правилата; во фудбалот треба да се даде гол повеќе од противникот, па да се биде победник, но во парламентарните избори потребно е релативно мнозинство, апсолутно мнозинство за да се биде победник и да се добие можност за да се претендира на освојување на власта така како што една партија сака.

Во дадена ситуација тоа не се случи и се разбира, ако не сакавме парламентарна криза моравме да прифатиме разговори, компромиси за прашања и за коишто не мислиме исто, да се обидеме да најдеме заеднички јазик, водејќи сметка пред сè за моментот економски, политички, социјален во Македонија и Југославија. Тоа не водеше во разговорите, таа помисла дека треба на товар, на трето или на последно место да бидат поставени прашањата за личната позиција на лидерите на партиите или кандидатите што ги имаат, а на прво место да биде поставен интересот во Македонија во овој момент.

Како најбројна партија ВМРО инсистираше долго време во преговорите, до последниот момент, до 2-3 дена пред овој ден денеска да биде со премиер и со мнозинство на министри во Македонската влада.

Ние имавме став од Централниот комитет, исто така, да инсистираме на премиер, на мандатор за состав на Македонската влада. ВМРО упорно одбиваше да го прифати нашето барање со аргумент дека ВМРО е најбројната партија, дека на таа партија ѝ припаѓа правото на формирање Македонска влада и дека има кандидати, способни да формира влада, кандидати компонентни за премиер и слично на тоа.

Во разговорите изгубивме најмногу време токму по ова прашање. И, кога видовме дека нема излез без согласност на Централниот комитет, во последниот момент ние се согласивме да ја преотстапиме функцијата претседател на Македонската влада да ја даде ВМРО и да формира влада. И, дури последниот предлог на СКМ-ПДП, ВМРО да формира и самостојна влада и малцинска влада, ВМРО да формира влада не со девет министри туку со сите министри освен трите министерски места што ги читавте низ печатот дека се најзначајни, тоа се Министерството за внатрешни работи, Министерството за правосудство и Министерството за надворешни работи.

Ние велевме дека тие министерски места се од таков карактер од правосудство и внатрешните работи за кои што не е потребно или не е најдобро да бидат тоа личности кои се премногу партиски ориентирани, туку да бидат личности неутрални, експерти или личности за кои што ќе се согласиме сите, бидејќи се тоа министерства преку кои првенствено се штити остварувањето на правата и слободите на човекот и личностите за таквите министерства треба да бидат ослободени, навистина ослободени од некоја понагласена партиска приападност. Значи, ве информирам дека ние бевме подготвени, не барајќи за нас ништо од функциите за владата, да формира ВМРО Влада. До последниот момент баравме ВМРО

мл

да го истакне кандидатот за премиер на Македонската влада. Во последниот момент ВМРО го истакна кандидатот и ни го соопшти, тоа беше претседателот на ВМРО - ДПМНЕ Љупчо Георгиевски. Ние мислевме дека не е добро Љупчо Георгиевски да добие премиерска функција во овој момент, не за тоа што не го цениме, не го почитувае, тој е одличен другар, одличен соговорник, коректен соговорник, сите денови тоа можевме да го констатираме, стплив соговорник, меѓутоа, сметавме дека на Македонската влада ѝ треба во овој момент човек со поголемо искуство, со поголемо искуство за вршење на таа работа. И баравме ВМРО да предложи друга личност за таа функција. Во тие последни моменти под притисок на јавноста ВМРО не предложи друга личност, туку минута до 12 изнесе сосема спротивен предлог и рече. Е сега, еве ви ја вам Владата со ваш мандатор, дајте ни гоместото претседател на Републиката, заедно со потпретседател, што ние во претходниот случај го баравме и со тоа настана комплетен пресврт. На тој став за преотстапување на Владата, комплетно ние го немавме во Централниот комитет. Меѓутоа, нашата преговарачка група сепак се согласи и со таква солуција, со тоа што рековме ќе има конечен збор. Но исто така баравме ВМРО-ДПМНЕ да го соопшти во разговорите и кандидатот за таа функција. Долго време, исто така, не можевме да ги слушнеме личностите коишто конкурираа за првата функција во Републиката, односно за претседател на Републиката. Ние уште во почетокот ги истакнавме нашите кандидати и рековме, ако нам ни припаѓа изборот на претседател на Републиката, според договорите, наш кандидат за таа функција е Киро Глигоров. Сметавме дека е извонредно компетентна личност со големо искуство, стручно, политичко со углед во Македонија, со углед во Југославија, со меѓународен углед, којшто во овие моменти, навистина, може многу да значи, за авторитетот на Републиката. А одиме на функцијата претседател на Владата, тогаш Претседателството сметаше да бидам кандидиран јас, иако има лични резерви и дилеми дали и како во врска со тоа, од многу причини.

Според тоа, добивме кандидат во последниот момент во личноста на владиката, господинот Михаил кого исклучително го почитувам и јас и ние го почитуваме. ВМРО го кандидираше, меѓутоа, тој не можеше да се прифати зашто во ниеден момент не сакаше да се исклучи од црковните активности, коишто ги има или барем делумно да ги врши. Друго е прашањето дали сите се согласуваме во врска со тоа, дали е тоа најдобро решение итн. Како личност го почитуваме и ние не сакаме врз таа личност да падне ни тронка сенка и слично на тоа и затоа имавме исклучително внимателен однос кон него. Тоа решение беше во последен момент понудено. Тоа решение во последен момент, фактички го немавме.

Вчера ВМРО-ДПМНЕ немаше готов кандидат. Имаше најавен втор кандидат, најавен кој што се уште не е верифициран доволно од Централниот управек одбор, што значи со извесна резерва. Тој втор кандидат воопшто не беше соопштен дека ќе биде, а јас сега ви го соопштил веројатно немате против е во лицето на д-р Блаже Ристевски, кого исто така го цениме. Значи до седницата на Централниот комитет ние немавме, исто така немавме сосема

мл

јасен кандидат за таа функција. Другарите, односно господата од ВМРО во разговорите настојуваа ние вашите кандидати нема да ги спориме, но сакаме и вие нашите кандидати да не ги спорите. Со таков принцип ние не можевме да се согласиме, зашто ние не сме тие што одлучуваме за изборот на тие кандидати, ние сме предлагачи, а од предлогот за претседател на Републиката за претседател на Македонската влада и за претседател на Собранието, од квалитетот на тој предлог зависи тоа дали ние како пратеници тајното гласање или на јавното гласање ќе се определиме за тие кандидати за кои во договорите не сме успеале да се усогласиме. За одредени кандидати ние не можевме да ги преземеме одговорност или да дадеме цврсто ветување дека навистина ќе бидат изгласани и ако се случеше ние да прифатиме некој предложен кандидат за којшто не верувавме беше многу широко дека ќе биде прифатен од пратениците на СКМ-ПДП, и ако не беше изгласан, на тајно или на друго гласање тогаш повторно можевме да бидеме оптужени дека не се држиме до договореното. Затоа сакавме да разговараме отворено, за кој кандидат, можеме навистина со консултација на пратениците да добиеме гаранција дека ќе биде избран.

И сметавме дека за кандидат за претседател на Републиката има многу личности оваа Република коишто се компетентни и соодветни за ова тешко време на Републиката, имавме многу барања од граѓаните, од членови на СКМ - ПДП, особено на вчерашната седница на Централниот комитет дека во овој момент најсоодветна личност за претседател на Републиката е Киро Глигоров. Тој став го заземе Централниот комитет. Договорите течеа како што течеа и ништо од тоа не негираме како течеа договорите и се обидовме уште синоќа да ги информираме другарите дека Централниот комитет и со тие што разговаравме дека сепак инсистира да го кандидира Киро Глигоров за претседател на Републиката. Но тоа сега се смета за некој прекршок, страшен прекршок на договорот. Ние мислиме дека ако беше тоа усогласено во врска со претседател на Парламентот и во врска со составот на Македонската влада и натаму го сметаме за прашање зад коешто стоиме.

Меѓутоа, ако ова менува и ако на ВМРО не му е прифатливо тоа, можеме и натаму да разговараме за тоа прашање и мислевме дека денес да направиме минимум да се конституира Парламентот, а и така процедурата бара 7 дена до следниот избор.

Е сега другарите од ВМРО, тоа е и логиката да размислуваат дека се работи за пакет договори и не е тоа непосрно. Мислам дека тоа не е пречка, ако мислиме пред сè се интересите на Македонија први и дека треба да избереме навистина личности и онаа партија којашто има посоодветен кандидат за некоја функција, да се согласиме тоа да биде така. И затоа мислевме дека Парламентот денеска да се конституира, а разговорите до терминот којшто, според Деловникот, или според Законот за избори, ни е овозможен да продолжат разговорите.

Но ние, ве уверувам не сме посебно заинтересирани, лично за ниту една функција од наш личен аспект. Ако ВМРО сака да ја преземе одговорноста како што тврдеше повеќе пати, да фор-

мл

мира Македонска влада со премиер кој што ова Собрание може да го изгласа ние со задоволство таа обврска, таа функција му ја препуштаме на ВМРО. Ни на крај памет не ни паѓа да бараме и едно, и друго и трето заради тоа што немаме право на тоа според изборните резултати. Македонските гласачи гласаа како што гласаа. Таа ситуација е производ на таа поделеност на македонското гласачко тело. Тоа беа први парламентарни избори, Наредните ќе ги видиме. Ние сега имаме три можности господа и другари пратеници:

Едната е ние денеска да го завршиме конституирањето на Парламентот со избор на претседател и да завршиме до тука да продолжат разговорите за составот на Владата и за изборот на претседател на Републиката.

Втората солуција директно на овој Парламент да се предлагаат кандидати за сите функции од сите партии коишто мислат дека имаат соодветни кандидати и за претседател на Парламенментот и за претседател на Владата, па подоцна и за претседател на Републиката.

И третата можност е ако не успееме да се договориме на тој начин, да се конституира Парламентот, бидејќи досегашниот е веќе ослободен, разрешен ваков правен вакум не смееме да дозволиме, да се конституира Собрнаието па по два месеца или знам точно по колку време според прописите да распишеме нови парламентарни избори, па нека македонското гласачко тело се изјасни и даде доверба на една или на две партии коишто ќе можат навистина да формираат Влада без компромиси и коишто не ќе бидат на штета на остварувањето на една јасна програма.

Четврта солуција не гледаме во врска со тоа.

И повелете затоа ако сакате за тоа да дискутирате. Меѓутоа, мислам дека не е место денеска на денешната седница за тоа прашање да дискутираме. Тоа прашање ќе биде во согласност со нашата одговорност ако го завршиме ова конституирање на Парламентот со избор на претседател со личноста што е предложена или ако има некоја друга, нека биде предложена и тука и самиот Стојан, сигурно нема против, да избереме претседател на Парламентот, а за другото и ВМРО и било која друга партија, сака учествува, сака не учествува, пратениците се исто така тие кои што ќе предложат, на лице место кандидат и за други функции.

Разговаравме предолго, овде не е местото да објаснуваме разни детали како беше, кој што понуди повеќе ит.н. Во едно време сакаме конституирање на Владата од наша страна, меѓутоа, во последниот момент кога толку многу инсистираше ВМРО и убедуваше дека има кандидати и премиер, му понудивме тоа, но неможевме да се согласиме, навистина не можевме да ги убедиме ние нашите пратеници, а без да ги убедуваме тие сами ќе расудуваа во врска тоа дали можеме ние да го поддржиме Љупчо Георгиевски кого јас го почитувам и моето пзитивно мислење во врска со него е уште поголемо, имајќи ги предвид коректните разговори што ги имавме за премер на Владата. Од тие моменти настанаа некои проблеми околу личностите коишто не бевме подготвени сите да

мл

ги соочуваме во разговорите и затоа до ова што дојде, а ние имавме притисок, имавме Центрелен комитет, имавме и уште одамна определба, ако ги добиеме изборите да го кандидираме Киро Глигоров за претседател на Републиката. Се разбира дека можеме да имаме различни мислења во врска со тоа. Меѓутоа ми се чини дека ова е момент што треба да го надминеме со изборот на претседател на Парламентот. Стојан Андов е човек против којшто не може да се има премногу, без разлика на критичките опсервации на партиите и може да служи како еден мост за совладување на крузата за преземање на наредните чекори што треба да ги преземеме. Еве тоа е накусо, набрзина историјата на она што се случуваше, без да оптужувам некого, затоа што секоја партија нормално си ги бранеше интересите, секоја сакаше да покаже пред своето гласачко тело дека таа партија е исправна, исправно постапува и да ги штити, пред сè, оние позиции коишто им ги ветувала на своите гласачи и за коишто тие се определиле. Во парламентарна демократија, веројатно тоа е така, може и поинаку, меѓутоа, ова се првите чекори кога навистина проодуваме, а ние видовме дека денеска тие први чекори на проодување на нашата парламентарна демократија се мошне слаби од самата неспособност што не можеме да изброиме 18 пратеници, до нејаснотии околу тоа кога предлогот е поминат а кога не е поминат.

Меѓутоа, јас мислам дека кризата може да се совлада ако имаме уште малку трпение и ако се договориме денеска, првата етапа од овој разговор да ја завршиме со избор на претседател на Парламентот, а потоа да уследат уште дополнителни консултации и мислам дека нема интерес ни една партија да се закопа до крај во врска со она што досега, во овој момент, да речеме го застапува. Ми се чини дека има шанси да излеземе од кризата и да покажеме висок степен на одговорност пред македонската јавност, пред Македонија.

(Бурен аплауз).

МИХАИЛ ПАНОВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ) Другарот Гошев, ме интересира како можеше со толкава мислам, да зборува несериозност кога тие во минута до дванаесет, вчера на третиот канал во 5 минути до 12 кажа на телевизија тоа што го кажа. Јас мислам се работи за една крајна несериозност кон Македонија, кон македонското дело и тоа мислам, ова што се случува денес, тешко ќе се одрази денес врз нашата македонска национална кауза. Зашто да знаете математиката е многу чиста. ВМРО има 38 пратеници, ПДП има 23, тоа се вкупно 61. На кој начин ќе изберете претседател и што ќе изберете ако не добиете барем 3 гласа од ПДП. Благодарам.

РАТКА ДИМИТРОВА: (ВМРО-ДПМНЕ) Се извинувам што повторно земам збор. Бидејќи се кажаа некои работи што треба да одговориме, чувме дека има добра волја од другата страна и мислам ако е тоа така е многу добро за сите нас. И многу проста и безболна солуција постои - да се прифати, истата последната варијанта, која што била прифатена од преговарачкиот тим, всужност од страна на сите преговарачки тимови. Тоа би било најлесно и најбезболно.

мл

Втора работа се спомна дека било нудено на ВМРО-ДПМНЕ да се формира малцинска влада, меѓутоа не се спомна дека при прашањето дали ќе биде при изборот поддржано тоа, било одговорено дека не може тоа да се предвиди или гарантира. Што значи при првиот момент тоа може да падне.

Трета работа е што не се прифаќало никакво потпишување на никаков протоколарен договор. Што значи се да виси во воздух. Тоа не е работа на луѓе кои што имаат добра волја за ова нешто.

И имаме уште една вистина, не уште една, веројатно уште многу, ама има една реална шанска да се одложи и изборот за претседател на Собранието, како и избор на претседател на републиката, или потпретседател за утре. Мислам дека е тоа прифатливо за сите.

ПЕТАР ГОШЕВ: Нема да реплицирам повеќе, без оглед на тоа што ќе ми биде одговорено по тоа во врска со искажувањето. До минута до 12 ги водевме и разговорите со партиите и до минута до 12 ја одржавме седницата на ЦК, односно до 23 часот речиси заврши вчера. До минута до 12 исто така немавме јасен кандидат за претседател предложен од ВМРО (гласови: не е вистина).

Тоа што го рековте може да важи и за вас, за мене не може да важи, затоа што јас со вас не разговарав, туку разговарав со господинот Георгиевски, беше спомнат кандидатот тој што требаше да помине уште еднаш на Централниот управен одбор и така во таа форма јас го пренесов на Централниот комитет како кандидат за којшто требаше дополнително да добиеме дали е цврст кандидат.

Така ни беше тоа речено. Милцинската влада никојпат рековме дека нема да ја поддржиме, ако ја формира ВМРО. Веројатно господата од ВМРО проценуваа колку таа влада така формирана има шанса. Но дека не нудевме само малцинска влада да формира ВМРО е факт што нудевме и пропорционална влада во која што ќе има повеќе министри ВМРО со мандаторот ВМРО. И таа варијанта ја нудевме. Значи не нудевме само малцинска влада со намера да биде нестабилна.

Трето, не е точно дека не сме прифаќале потпишување на протокол. Напротив договаравме да се поттшше протокол врз основа на разговорите, но тие така интензивно се одвиваа со прекини, со консултации, што на крајот не знам од кои причини не стигнавме да потпишеме текст. Текст во меѓувреме и се подготвуваше. Не одбивавме да потпишеме, напротив предлогот за потпишување на протокол ми се чини беше од наша страна. Дали да се одложи изборот на претседател на Парламентот денеска мислам дека со тоа ништо не добиваме, оваа конститутивна седница не го завршува своето финале без тоа, а сите други солуции ВМРО како реакција на некаква некоректност од било чија страна им остануваа до крај со целата содржина. Сè што ВМРО може да преземе вечерва во поглед на реакција кон нешто што не е задоволен може тоа да го преземе и после конституирањето на изборот на претседател на Собранието. Значи сите оружја ВМРО за политичка борба и понатаму ги има и во случајот ако го избереме претседателто на Парламентот. Според тоа она што намислил ВМРО да го оствари во овие преговори може да го оствари и ако го избереме и претседателот на Собранието.

КИРО ПОПОВСКИ: Почитувани господа, почитувани другари, и покрај тоа што Социјалистичката партија не учествуваше како партија на овие разговори, би сакал да се вклучам во сегашната дискусија. Мислам дека неспорен е фактот дека ниедна партија во овие први парламентарни избори не доби релативна ни апсолутна поддршка од избирачкото тело. Автоматски не доби ни релативно ни апсолутно право на легитимитет сам да предлага било какви кадровски решенија за составот на новата Влада.

Од тие причини, од името на Социјалистичката партија на Македонија сакам да изјавам дека неоправдано самите партии кои учествуваа во парламентарните избори, само три партии ја презедоа функцијата на оценување кој е тој интерес на Републиката и во таа функција да предложат можни решенија за новите органи во Републиката. Ценам дека неоправдано како учесници во овој Парламент меѓу другите и нашата Социјалистичка партија е исклучена и наспроти би рекол, без разлика што во бројните изборни промоции од бројните партии беа негативно оценувани досегашните демократски процеси во Републиката, лично ги оценувам овие преговори како назадување во демократската практика на оваа Република во конституирањето на досегашниот собраниски односно иден парламентарен систем. Затворањето во тесни рамки меѓу три партии, или три екипи како што новинарите ги нарекуваа овие три партии зад затворени врати без јавноста и без консултации на поширокото избирачко тело, мислам дека на некој начин е преземено пголемо право и во оваа процедура и во овие парламентарни избори да се бараат решенија кои што се во интерес на Републиката. Мислам дека сепак, во целата оваа процедура, повеќе преовладуваа тесни, партиски интереси а најмалку широкиот републички интерес за кои сите во предизборните наши настапи излегувавме. Наспроти сето тоа како Социјалистичка партија на Македонија, односно како парламентарна група цениме предлогот што е даден за Стојан Андов нека со договор на овие три партии, туку Стојан Андов како личност со свои квалитети целосно го поддржуваме и цениме дека тој одговорно може на ова време и на овие сложени услови успешно да ја врши функцијата претседател на Првиот Парламент во СРМ.

Оттаму Социјалистичката партија на Македонија, како собраниска парламентарна група, дава целосна поддршка на Предлогот без разлкка што е произлезен од ваков тесен недемократски начин, што на одреден начин е и назадување во постапката на утврдување на кандидати. Во таа функција очекувам дека ова одговорно парламентарно тело во натамошните свои активности ќе смогне сили многу поодговорно и сериозно ќе разговараме сите заедно, затао што наша обврска е предлагање на можни решенија во наредниот период. Не сеператно лични или партиски интереси да преовладуваат во нашите дискусии.

ПРАТЕНИК: Дами и господа, пред се сакам да го замолам претседавачот малку да ни сврти внимание да не се оддалечуваме од поставениот дневен ред. Барем да се прекине ова меѓупартиско објаснување кое веке намирисува на една исповед пред попот. Во друга прилика или таму каде ги развиле тие разговори нека се дообјаснуваат до крај.

мл

Мислам дека ниедна од партиите, особено трите партии преговарачи не располагаат со ниедно основно право да зборуваат во име на Партијата за демократски просперитет. Затоа ние сме многу благодарни на господинот од ВМРО за асоцијацијата, или сугестијата што ни ја нуди ако вака, што онака. Таа е наша работа. Да завршам мислам да не излегувам повторно јас или некој од делегатите, предлагам без натамошна дискусија ако може да поминеме на конкретната точка - избор на претседател на Собранието.

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Мислам дека со дискусии е доста, да преминеме на претрес по Предлогот на Комисијата за кандидати.

Отворам претрес по Предлогот.

. Молам, кој бара збор?

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ) Ќе речам само едно. Директен учесник во преговорите не сум. Меѓутоа, една од известуваните личности сум. Тоа е првата точка на која сакам да укажам. Другата точка е кои партии ќе се договараат. Да создаваат дали договори за распределбата на власта, или ќе создаваат коалиции, тоа е чисто право на партиите. Значи оние кои не биле опфатени, не треба да бараат мана или несреќа во тој договор. Тоа се демократските работи, тоа е парламентаризам тоа е вонпартиско договарање. Друго е работата ако се пристапи кон вонпартиско договарање. Тука оние работи кои ќе се договорат, треба да се почитуваат. Јас не можам да сфатам било кој како човек да дојде на преговарање, а да вели дека зад него стои некој централен комитет или некоја друга асоцијација која ќе одлучува дополнително за неговите преговарачки работи. Такви се тие преговори, ние да земеме наш пратеник или амбасадор да го пратиме на страна и тој да стапи во преговарање и даму пратиме после писмо на ддругиот преговарач, нашата средина не го прими нашиот преговарач. Ќе биде смешно. (Аплауз)

Сакам уште едно да речам. Кога се договоривме нека господин Гошев опрости што ќе бидам директен. Таков сум по професија и ми се чини дека за Господин Михаил и тој лично имал согласност и понуда лична, директна во лице. Сега ве молам, кога не добил од неговиот Централен комитет такво определување затоа што ќе биде срам за Македонија, оти сме понудиле по за државник. Тој е граѓанин на Македонија, а не е поп. Поп е по професија. Ние не можеме на никој да му скратиме право затоа што има одредена професија да биде недостоен, да биде на чело на некоја држава, или на некоја институција. Па затоа јас едно сакам да кажам. Ние кога преговаравме со тие две партии се постигнаа солуции тоа така и така да биде, да се напише, Гошев кажа дека од нивна страна се отишло да се пишува. Зошто да се оди. Тие биле тројца и четворица, па нека бидат 12, има да се потпише и да се јави, а не пед до 12. Ние сме свесни за друга работа. Дека пратениците и Централниот комитет на СКМ-ПДП заседаваше вчера во 12 часот, а договорот ние го знаеме во недела, односно во сабота. Се прашувам сега, која понуда била во пет до 12. Оправдување наоѓам ако тоа било поставено од ЦК, без да води сметка за време кога се преговарало.

мл

Ова е вистината. Ние не сакаме да учествуваме онаму каде што еднаш се разговара, а после се создава друго и ВМРО да биде тој кој ја попречува работата на Парламентот. Ние сме да се направи сè, да излеземе пред нашата заедница, пред нашите избирачи, јасни, гласни и чисти, а цело време се тврди дека преговараме, ние сè изложивме таму, каде овие разговори што ги имаме сме постигнале тоа и тоа. Сега одеднаш сведоци сме сите овдека дали со бели, ќелави или други глави да слушаме дека немало договор. (Аплауз).

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Ве молам да преминеме на претрес по Предлогот на кандидатот за претседател на Собранието.

ПРАТЕНИК: Другари пратеници очигледно е дека живееме во едно тешко време обременето со огромни проблеми и огромни задачи претстојат пред нас кои мораме да ги решаваме. Меѓутоа, ние еве гледате, изгубивме еден цел ден на едни големи периферни, на мали периферни проблеми, многу се надмудруваме, ситуацијата вие знаете ни е премногу тешка во оваа Република и во Југославија и денеска во Комисијата за избори и именувања за тоа зборување. Ние се наоѓаме во една хаотична економска состојба, во една тешка политичка состојба. Многу време изгубивме во овие избори, многу во овие избори ветивме, многу на народот му нудевме, избравме и лидери гледате каде и како се договорија нашите луѓе. Денеска сме сведоци дека ништо практично не се договоривме. Јас мислам на нив паѓа огромна одговорност, затоа што се тие најодговорни луѓе, затоа што тие се наоѓаат на челни позиции. Јас мислам во преговорите мора да има фер-плеј, мора да има договор, мора да се држиме кон тие договори. Ова прераскажување, ова сè што било, ова негирање од било која страна, нас само не води во едно заморување, во еден продлабочен процес, се покажува дека ние дали сме зрели за една демократија, не знам дали сме зрели и како парламент да ја водиме оваа нација, народот бара леб, народот бара со леб, народот бара работа, бара живот, а ние овде за многу безначајни работи зборуваме. За многу работи кои не се од битен и значаен карактер. Овде се бориме за власт, кој да седне на стол, кој да ја држи власта, кој да управува, која каква позиција ќе има, кој каде да се намести. Ние зборуваме како навидум да не е така, но практично е така. Кој да има поголемо влијание во Владата, во Парламентот, во државата ит.н. Дајте да се ослободиме од тие лични работи. Од тие себичности. Дајте да ги гледаме широките интереси. Некој рече, работа е на партиите да се договараат, кои ќе се договараат. Убаво е да се договорат сите меѓу себе. Да има голема поддршка овој Парламент, да има голема согласност. Има многу да се зборува, но сметам дека еден договор сепак е некако постигнат. Реформските сили да дадат претседател на Собранието. Ние тој предлог да го поддржиме, меѓутоа во исто време да ги поддржиме партиите. Ние не можеме така едноставно да се однесуваме и спрема ВМРО како партија која добила најголем број гласови, таа да нема некое значајно место во Републиката. Меѓутоа не е важно кој кое место добил, важно е кој каков човек ќе понуди. Најбитно е во оваа работа да дојдат силни луѓе, способни, креативни кои ќе не поведат напред, кои ќе понудат некој излез од оваа ситуација. Да не се вртиме околу исти луѓе. Да не решаваме прашање на вработување ит.н. Затоа предлагам бидејќи оваа работа е

мл

усогласена, бидејќи треба сега чекор напред да одиме, ние на многу мали работи многу време губиме. Ве молам да пристапиме да го изгласаме претседателот на Собранието, да ги поддржиме партиите да се договорат, не само овие две партии и други да се вклучат, да се изнајде заеднички договор да можеме парламентарно и сложено да работиме.

ПЕТАР ГОШЕВ: (СКМ-ПДП) Нема да говорам, само ќе кажам една исправка. За господинот Михаил Централниот комитет воопшто не расправаше, бидејќи пред тоа тој самиот изјави дека не доаѓа шредвод било какво прекинување на црковните активности што тој ги има, а што беше констатирано од надлежни органи дека е неспоиво со функцијата претседател. Според тоа, за господинот Михаил не расправал ЦК, ниту е одбиен од Централниот комитет. Тоа да кажам за информација. На господинот Томе само сакам да му кажам дека е тој информиран за некои работи од разговорите, а јас сум непосреден учесник во разговорите.

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: да преминеме на претрес по Предлогот на кандидатот за претседател на Собранието.

Отворам претрес по Предлогот за избор на претседателот на Собранието на СРМ.

ФАИК АБДИ: (СПМ-ПЦЕР) Почитувана господо, гледам по излагањето на претходниот дискутант како да имаше некоја мешаница меѓу нас овде, како да тие работи што ги искажа овде не се многу важни, дека економијата односно стопанството ни е во тотален колапс, работниците не земале по 2,3 и 4 месеци личен доход, како да сè тоа не ни е важно, како да ни е најважно денес што треба да се направи овде. Сигурно тоа е многу важно и многу треба да бидеме сериозни во овие моменти и мислам дека одговорноста мора да падне на овие 3 партии, на ВМРО, Реформски сили и на СКМ-ПДП, што седнаа тројца партнери да расправаат за иднината на Македонија и каква ќе биде иднината ќе бидат одговорни тие 3 партии, бидејќи другите помали и поголема партија, ПДП, не се консултирани.

Се согласувам со предлогот на Стојан Андов да биде претседател на Собранието на СРМ и сакам да додадам дека не би се согласил со некои варијанти, прва варијанта ваква, втора таква, а третата е да одиме на повторни избори. Па што мислите вие другари, кај се наоѓаме. Нашиот народ е изморен, го осиромашивме народот, го изморивме народот со избори, со гласања по 2,3 и 4 пати. Грдни пари потрошивме за изборите. Кој ќе не оправда за тоа? Прво, треба да имаме оправдување, ние како пратеници, пред себеси, па после да станеме пред нашите избирачи. Ако отидеме пред избирачите со овие предлози, не знам која партија ќе победи. Тоа е голем знак на прашање. Според тоа, да не дозволиме да дојде до парламентарна криза. Јас ги молам господата од ВМРО, од ПДП за кои знам дека се оштетени бидејќи не се повикани на никакво договарање а ние овде имаме заеднички живот, заедничка судбина делиме. Тое луѓе и други народности постојат овде и тие ќе постојат и понатаму и мислам дека треба да бидат предмет на договарање. Треба да се прашуваат и да учествуваат во договара-

мл

њето зашто заеднички ќе ја сносиме и штетата и одговорноста за Македонија. Јас ве молам за едно поголемо разбирање во име на оние кои чекаат по 2,3 и 4 месеци лични доходи.

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Преминуваме на претрес по Предлогот на кандидат за претседател на Собранието.

Дали некој бара збор по Предлогот? (Никој).

Според одредбите на Привремениот деловник, за претседател на Собранието е избран кандидат кој добил мнозинство гласови од сите пратеници.

Претседател на Собранието се избира со јавно гласање, а изборот може да биде и со тајно гласање, ако така се одлучи на седницата на Собранието.

Дали има некој предлог за начинот на гласањето?

ПРАТЕНИК: Другарки и другари, господа и госпоѓи, имајќи го предвид нашето досегашно работење, се занимаваме со многу банални работи за коишто претходно не сме дошле до расчистување на некои прашања и проблеми меѓу партиите кои се водечки во Парламентот по бројот на пратениците.

Имајќи го предвид и тоа, при утврдувањето на Предлогот на привремениот деловник, при гласањето, при тежина на утврдувањето на гласовите, иако во техника е можеби нешто потешко, сепак предлагам претседателот на Собранието на Македонија да го избереме со тајно гласање. Сметам дека на тој начин ќе бидеме многу поблиски до вистината, до пребројување на гласовите, да немаме само вртење околу нашите проблеми и да го оддолжуваме времето, а што е тоа подолго тоа е и помачно за нас.

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Го ставам предлогот на пратеникот на гласање.

Кој е за изјаснување со тајно гласање? (55).

Дали има некој против? (58).

Дали има воздржани? (Нема) .

Објавувам дека изборот на претседателот на Собранието на Македонија ќе го извршиме со јавно гласање.

Кој е за предлогот Стојан Андов да биде претседател Собранието на СРМ? (81)

Дали има некој против? (Нема).

Дали има воздржани? (Нема).

Објавувам дека Стојан Андов е избран за претседател на Собранието на Македонија.

Го молам претседателот на Собрнаието, другарот Стојан Андов да даде свечена изјава.

СТОЈАН АНДОВ: Свечена изјава на претседателот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

мл

"Изјавувам дека функцијата претседател на Собранието на Социјалистичка Република Македонија ќе ја вршам совесно и одговорно, ќе се придржувам на Уставот и законите и ќе се борам за заштита на суверенитетот и интегритетот на Социјалистичка Република Македонија и Социјалистичка Федеративна Република Југославија".

(Аплауз)

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: Дами и господа, другарки и другари пратеници,

Бидејќи извршивме избор на претседател на Собранието на Македонија, мојата функција на претседавач заврши.

Го молам претседателот да го заземе своето место.

(Аплауз).

(Стојан Андов го зазема местото на претседател на Собранието на Македонија и продолжува да ја води седницата).

СТОЈАН АНДОВ: Дами и господа, другарки и другари, драги пријатели, драги гости.

Ние денеска во еден, за нас, необичен амбиент фактички почнавме нова ера на македонската историја и историјата на македонската државност. (Бурен аплауз).

Го конституиравме првиот демократски избран повеќепартиски Македонски парламент. Тој Парламент произлезе од првите слободни избори што било кога Македонецот ги доживеал, слободни повеќепартиски избори. Оттаму и историското значење на оваа дата.

Ние во многу што живееме со некои стари наслаги, не оптоваруваат, што е нормално. Исто така внесовме овде во овој Парламент, барем на денешната седница, малку од колоритот и фолклорот на предизборната активност и партиски судири. Меѓутоа,треба да сфатиме дека и тоа не е така необично, е е така невозможно да се разбере поради тоа што сè уште сите тие напнатости и очекувања ги носиме со себе и ги донесовме овде. Но, од денеска кога го конституираме Парламентот треба да сфатиме дека на нашите плеќи веќе лежат далеку повеќе одговорности отколку можности да ги занесеме луѓето со своите говорнички способности. Далеку повеќе од нас очекувањата се сега на ред, далеку повеќе сме исправени пред неверојатно тешки прашања со кои треб ада се соочиме и да ги решаваме и да не можеме вината за неуспешното решавање да ја префрлиме на некој друг. Многу тешко ќе можеме со нашите меѓупартиски расправи да се вадиме пред народот и заостанувањето на решавањето на клучните проблеми да ги правдаме поради тоа што оваа или онаа партија во овој или оној момент вака или онака се поставила. Одговорноста е непосредно на овој Парламент пред народот и секој од пратениците овде има мегдан да се докаже со конструктивни предлози, со способноста да резонира, со храброста да ги изнесува и да им приоѓа на клучните проблеми на ова македонско општество, на оваа македонска држава.

Оттаму мислам дека ние, навистина, сега се наоѓаме на еден пресврт во нашата работа, во нашата активност и се наде-

мл

на еден пресврт во нашата работа, во нашата активност и се надевам во нашето однесување.

Сакам да кажам дека без оглед колку за тек на тие односи останале меѓу партиите, мислам дека ова што ќе го речам сега е апел на народот малку да ги оладиме тие односи, бидејќи Републиката се наоѓа пред веројатно тешки економски проблеми, народот очекува да му се помогне, да се најде излез, да се посо.чи тој излез и да го следат. Исто така, Републиката се наоѓа пред многу значајни пресвртни моменти во договорите во Југославија, а исто така и Републиката се наоѓа пред некои решенија за сопствената уставна положба. Ако премногу останеме завруќени -загреани - прегреани во онаа предизборна атмосфера и затегнати меѓупартиски односи, ако партиите во јавнат Парламентот и внатре своите раздори, согласувања или несогласувања ги претворат во парализа на Парламентот, на највиталното тело на општественото битие на државата - Македонија, тогаш партиите ќе ја промашат својата смисла на постоење и оттаму апелирам во наредните денови со поладни глави и со поголема подготвеност да влегуваме во решавањето ан нашите суштински прашања.

Ако така почнеме да работиме јас денеска овде покрај сите приговори кои преку телефон, радиото и телевизијата и префрлувања на овој Парламент му се упатени, велам овој Парламент ќе биде достоен Парламент за името прв повеќепартиски демократски Парламент на македонската држава. Затоа е овој апел кон вас сите.

Јас се заблагодарувам на овој избор, особено се заблагодарувам на фактот што претседавачот констатира дека ни еден глас против немаше во изборот. Сите овие затегања кои беа, очигледно се од партиски интерес и од некои други интереси и јас не ги сфатив како да се упатени на мојата личност. Верувајте да сфатев дека имате приговор на тоа што сум истакнат кандидат или предложен, ке ви се заблагодарев затоа што навистина таква одговорна функција не може со успех да се врши ако една или неколку партии имаат сериозни приговори на личноста која треба да го води Парламентот. Тоа беше мојот впечаток и тоа пресуди овде сега да се заблагодарувам и да ја прифатам оваа функција.

Инаку, заблагодарувајќи се на изборот, дозволете ми и покрај тоа што е ова меѓа меѓу два системи на парламентаризам и вашата благодарност да ја изразам на стариот состав на Собранието и на неговиот претседател. Тие во многу тешки услови, во друг систем сигурно работеа со многу промашувања, со многу пропусти, но во дадените услови со забележителна желба да придонесат на развојот на македонското општество и оттаму мислам дека ние со достоинство мораме да ја упатиме нашата благодарност и кон нив. Благодарам.

(Бурен аплауз).

Во една дилема сум дали сега да продолжиме уште со ова што остана од сценариото или поради замореноста на пратениците, а веќе е доцна, овие работи да ги оставиме за понатаму.

Дали се согласувате со ова?

мл

ПЕТАР ГОШЕВ: (СКМ-ПДП)

Дали е потребен договор на Парламентот во врска со настапот горе или на поинаков начин ќе се разговара за тоа прашање?

СТОЈАН АНДОВ: Другарот Гошев покрена едно прашање што беше истакнато како предлог на дневниот ред, односно за дополнување на дневниот ред, а се однесува како нашата Република ќе биде претставувана на состанокот на 10 јануари во Белград во Претседателството. Колку што ми е познато до избор на претседател на Републиката континуитетот на власта останува и сигурно на покана треба да појде претседателот на претседателството на СРМ - другарот Владимир Митков, но во меѓупартиски разговори вон Парламентот беа направени некои оценки ако е можно, односно не ако е можно, туку тоа да биде наш став - одлука покрај претседателот МИтков да појде уште еден, тогаш мислевме ако не дојде до избор на претседателот на Републиката стана збор да појде претседателот на Парламентот. (Бурен аплауз).

Ве молам, консултацијата која е закажана за денес и одложена за утре треба да се одржи во оној состав кој беше договорен и врз таа основа да се изградат ставови.

Дали се прифаќа овој предлог, односно оваа варијанта?

Дали треба да гласаме или е ова доволно?

Констатирам дека е постигнат договор во Парламентот покрај претседателот Митков на разговорите во Белград да учествува и претседателот на Парламентот. Рековме другите прашања да ги оставиме за продолжението на седницата.

Ве молам, околу потпретседателските места и лицата кандидати за претседатели потребно е претседателот на Парламентот да изврши консултации со парламентарните групи, односно водачите на праламентарните групи и малку да поразговара, да извините, со службите и претходното раководство за да добие појасна претстава кои задачи и области е најнеопходно да бидат покриени со потпретседател. Ова го велам заради тоа што, како што знаете, структурата на Парламентот е изменеата. До сега беа тројца потпретседатели на Собранието и тројца претседатели на собори. Треба да видиме тие шест места можеме да ги намалиме. Сигурно не треба да останат шест такви места, но треба да се договориме и точно да ги согледаме задачите по области и тоа да го договориме за да можеме да го решиме прашањето.

Според тоа, да претпоставиме утре попладне да го одржиме тој работен дел од седницата, ако може, а претпладне сите овие подготвителни работи да се завршат, затоа што во четврток треба да се оди во Белград.

Дали се согласувате утре попладне да почнеме некаде во 16 часот?

Дали е прифатливо?

мл

Тоа е продолжување на денешната седница, ако не е прифатливо, предлагам да ми се допушти да закажам кога ќе продолжи седницата. Дали може така?

ТОДОР ПЕТРОВ: (Независен пратеник од Гевгелија) имам едно принципиелно прашање. На почетокот предложив две точки од дневниот ред кои така бледо се спомнаа, односно се прејде преку нив. Утврдивме дека двајца ќе не претставуваат. Со кои ставови, кога овој Парламент не расправал за ставовите на Македонија, ќе се расправа во Претседателството на Југославија. Ако е прашање на три парламентарни водечки партии вонпарламентарно расправаат, тогаш овие останатите како статисти да си одиме дома и нема потреба да го држиме Парламентот. Ме интересира утре на работната седница дали ќе се стават овие две точки на дневен ред. За мене оние кои ќе отидат било каков став да искажат немаат легитимитет од овој Парламент чиј член сум и рамноправен со сите 120 пратеници.

СТОЈАН АНДОВ: Идејата седницата да ја одржиме односно продолжиме утре во 16 часот се засновува врз двете дополнителни точки кои беа предложени токму од пратеникот Тодор Петров. Едната точка е да се види какви мерки да се преземат, дали да се организира работна група или да се задолжи некој за Гевгелиско каде што има последици од земјотресот, каде што многу често тресе и другата точка е да се оспособиме, врз основа на консултативниот состанок што е закажан за утре, да го известиме Парламентот на отворена или затворена седница по оцената која ќе ја имаме за основните согледувања на проблемите кои ќе бидат претресувани во Белград, а исто така и за нашите ставови кои овде ќе ги имаме. Затоа реков тоа да биде во 16 часот, а сигурно ќе имаме време да го решиме прашањето на потпретседателските места. Ете, токму затоа предложив утре да се состанеме во 16 часот.

Дали се согласувате? (Гласови на одобрување).

Со ова денешната седница ја завршуваме, на сите ви благодарам за присуството и учеството.

(Првата консултативна седннца заврши во 18,15 часот).

# ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА СЕДНИЦАТА НА СОБРАНИТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

одржана на 9 јануари 1991 година

Седницата започна во 17,00 часот.

На седницата претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

СТОЈАН АНДОВ: Дами и господа, другарки и другари пратеници. Ја отворам седницата со што продолжуваме со работа, така како што се договоривме на вчерашната седница.

Констатирам дека можеме да работиме, бидејќи мнозинството на пратеници се присутни во салата, а досега ниеден пратеник не ме известил за причините за отсуството.

Предлагам да продлжиме со работа по следниов дневен ред:

1. Утврдување на бројот на потпретседателите на Собранието на СРМ;

2. Информација на претставник на Извршниот совет на Собранието на СРМ за состојбите во општина Гевгелија по земјотресот од 21 декември 1990 година;

3. Информација на претставник на Извршниот совет на Собранието на СРМ во врска со некои актуелни проблеми околу конституирањето на новоизбраните собранија во општините; и

4. Информирање на пратениците во врска со претстојните разговори во Претседателството на СФРЈ за идното уредување на Југославија.

Дали се согласувате со предложениот дневен ред?

Има збор пратеникот Ламбе Арнаудов.

ЛАМБЕ АРНАУДОВ: (ВМРО-ДПМНЕ) - Дами и господа пратеници. Имаме овде еден предлог со оглед на новонастанатата ситуација која доведува до драматични последици за опстанокот на Федеративна Република Југославија со последниот упат на Српската банка во монетарниот систем на Југославија, што доведе до целосен распад и со невидениот грабеж на околу 18 молијарди и 300 милиони динари, со кои може да се доведе до нова инфлација и нова девалвација на динарот. Сметам дека овој Парламент кој е легитимен да донесе едена декларација за целосна сувереност на Македонија, бидејќи час побрзо се менуваат состојбите како на филмска лента и Југославија очигледно е дека се распага. Ние со оваа декларација ќе имаме такви позиции со кои ќе можеме да стартуваме и да го заштитиме нашето стопанство. Исто така, предлагам да се отвори расправа за тоа да не уплаќаат повеќе обврски од посебниот сојузен данок за промет за потребите на ЈНА и другите обврски што ги имаме спрема Федерацијата, бидејќи тие пари ни се неопходни за нашето стопанство, нашите работници. Нашите работници неколку месеци живеат без личен доход, а ние парите ги праќаме таму.

СТОЈАН АНДОВ: Ве молам, вие предлагајте точки на дневен ред. Предлагачот ве молам да прецизира дали предлага во една точка ова да биде, или да бидат две одделни точки за дневниот ред.

ЛАМБЕ АРНАУДОВ:(ВМРО-ДПМНЕ) - Мислам дека првата точка е од суштинско значење.

СТОЈАН АНДОВ: Не е, не треба образложение, само дали се поединечни точки.

ЛАМБЕ АРНАУДОВ:(ВМРО-ДПМНЕ) - Поединечни точки.

СТОЈАН АНДОВ: Предложени се две точки дополнителни на дневниот ред.

ТОДОР ПЕТРОВ: (независен пратеник) - Јас потполно ги поддржувам барањата на претходниот пратеник и предлагам точките од дневниот ред коишто беа предложени да не се разгледаат како информасии, туку да се отвори парламентарна расправа за ние да донесеме ставови, а не некој нас да не информира што се договорил претходно, а ние да седиме овде како статисти.

(Аплауз)

СТОЈАН АНДОВ: Ве молам, ќе одиме по редоследот на предлозите.

Пратеникот Арнаудов предложи со две точки да се дополни дневниот ред. Првата точка е да се донесе декларација за сувереност во Македонија.

Дали таа точка се усвојува да се стави во дневниот ред?

Ве молам кој е за, нека крене рака?

Ве молам, кој е против овој предлог?

Кој се воздржани?

ПРАТЕНИК: Дали расправа по тоа?

СТОЈАН АНДОВ: Да се стави во дневниот ред. Ако има текст ќе го поделат текстот. Да се стави или да не се стави во дневниот ред?

Ве молам дневниот ред е на расправа, имаме предлог дали да се стави првата точка во дневниот ред што ја предложи пратеникот Арнаудов да се донесе декларација за сувереност на Македонија. Ве молам, во што е нејасно? Ве молам 42 пратеника се за предлогот да се стави овој предлог во дневниот ред, 26 се против, воздржани се 10.

Ве молам пребројувачите да го утврдат точниот број на присутни пратеници. Да знаеме што значи бројот 42. Можам да констатирам по податоците што ги имаме 96 пратеника се присутни по евидентните ливчиња.

Дали некој не поднел ливче?

Соберете ги сите.

сл

Ве молам пратениците да постапуваат по редот како во оваа куќа се работи. Кога влегуваат во зградата да си земат евидентен лист, а потоа да го достават на службите да се знае колку пратеници имаме овде.

Имаме вкупно 117 евидентни ливчиња што значи во салата се присутни 117 пратеници. Гласале: 42 против, 10 воздржани, останатите не гласале. Имаат право пратениците и да не гласаат.

Според тоа, констатираме дека овој предлог не доби мнозинство на гласови.

ТОДОР ПЕТРОВ: (независен кандидат) - Ние целиот текст на Деловникот за работа на Собранието го немаме, туку само е Привремен деловник. Меѓутоа, јас колку знам од собраниската расправа ако не може да се утврди резултатот од гласањето за да бидат членовите подисциплинирани во своето право на гласање, за, против или воздржани, а не некој може и да не гласа, јас барам да се повтори гласањето и тоа по списокот со прозивка. (Аплауз) .

СТОЈАН АНДОВ: Во врска со истото прашање и пратеникот Ханџиски бараше збор.

БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ: (СКМ-ПДП) - Почитуван претседателе, дами и господа, другарки и другари. Јас побарав збор пред гласањето, претседавачот не ме виде, според тоа, се вклопувам во Деловникот за работа, на вчерашната седница исто така побарав збор, претседавачот не ме виде и благодаран сум што не ме виде, бидејќи со јавувањето на говорницата мораше да почнам со дами и господа, со другарки и другари, а мора да признаеме дека вчера многу малку личевме на другарки и другари, па и на дами и господа. И на вчерашната седница и на денешната седница доаѓаат на говорница повеќе предлози коишто се повеќе примерни и повеќе наликуваат на времето кога водевме предизборни кампањи, заради тоа што тие предлози се очекува и понатаму да се собираат позитивни поедни за одредени партии. Како да не сме сите исправени пред тешките и договорни задачи за коишто македонскиот народ за првпат во услови на повеќепартиски систем ни даде доверба. Како да е се уште времето за да ги продлабочуваме делбите и недовербите создадени во тек на минатите децении и векови, а посебно во последно време. Ви се молам, сметам за потребно се ова што беше предложено да се вклучи во последната точка од дневниот ред, којашто од прилика треба да гласи: "Донесување на платформа за настапот на нашата Делегација на Југословенскиот самит", што ќе се одржи утре ако се одржи и за настапување на натамошните средби.

СТОЈАН АНДОВ: Ви се молам, ако може да ви помогнам. Кога ние предлагаме дневен ред треба понатаму да ни верувате дека сме направиле неопходни консултации со прваците на парламентарните групи, со поширокките органи и дека притоа имаме точно предвид и како дневниот ред да се изведе и да се заврши.

Во формулацијата на дневниот ред невозможно е се што во точката ќе биде опфатено да биде и ставено. Ова е искуство кое треба да го стекнеме, ние веројатно денеска да ставиме точка на дневен ред - Донесување на декларација, не можеме да донесеме затоа што не постои текст на декеларација кој треба да биде минимален

квантификација во една собраниска процедура, треба надлежните органи на Републиката да дадат мислење итн., итн., туку сакавме да видиме, да се убедиме меѓу себе во дневниот ред на Собранието што не е нормално и не е обичај во Собранието да се уфрлат вакви наполно непродискутирани, непроверени, неусогласени работи, затоа што Собранието е орган каде Републиката постигнува согласност, а не шири натамошни делби, а тоа е важно кога се предлага дневен ред да се има таа минимална доверба, ако да кажеме ние немавме претседател за вчерашната седница, можеби тоа ни беше правдање, меѓутоа сега имаме кој да ги изврши тие консултации и тие се извршени. Оттаму, верувајте ни нека биде дневниот ред така како што го предлагаме, а ако Извршниот совет има нешто да предложи нека предложи, тој е инаку надлежен предлагач по многу прашања и да почнеме да работиме како вистинско Собрание да не добиваме случајни, изненадни инспирации, кои потоа тешко можеме да ги докажеме на нашата јавност дека се проверени, дека правилно се втемелни, односно дека минале ка верификација во нужните канали на општеството на кое му припаѓаме.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ) - Во потполност прифаќајќи го објаснувањето на претседателот на Собранието господинот Андов, сепак останувам со повикувањето на присутните во Парламентот да се прифати предлогот на Партијата на ВМРО-ДПМНЕ со оглед на ситуацијата кога Македонија не само заради изборите, туку заради политичката зрелост задоцни да се подготви за такви разговори, ние мораме поконкретно да имаме нешто како поддршка во преговарачката позиција на Македонија. Сметам дека во секој случај треба да се донесе одлука заради оправданоста да се дискутира за таква декларација за суверноста на Македоија како држава и во секој случај да се оформи работна група, а воедно ставам на дневен ред предлог да се расправа дали воопшто да се рди во Белград. Мој личен став е да не се прифаќаат никакви разговори во овој период додека не се расчисти ситуацијата со кого ќе разговараме како претставник од Србија, дали тие воопшто можат да останат на слобода, дали Србија има легитимни претставници по оваа тешка афера која настана со пробивањето на сивата емисија.

СТОЈАН АНДОВ: Повторно обрнувам ввимание. Видете овие состојби се нормални на почетокот на работата на Собранието. Сè што предлага господинот Голубовски може да предложи во расправата во претресот по точката 4. Да не издвојуваме посебни аспекти или посебни гледишта, ние започнуваме претрес на посебни прашања од оваа точка - Информирање на пратениците во врска со претстојните разговори во Претседателството на СФРЈ. Тогаш може да има некое гледиште да не се оди, некој може да сака да се оди и двапати. Тоа е во таа расправа. Тоа е моја сугестија и затоа ве молам да не губиме премногу време околу дневниот ред. Дневниот ред дава можност да се расправа за сè. Сите гледишта да дојдат до израз и врз основа на она што ќе го констатираме овде, усогласиме, ќе заклучиме.

Дали Извршниот совет има предлог?

Има збор потпретседателот на Извршниот совет.

ТИТО БЕЛИЧАНЕЦ: За вкупните состојби на Републиката особено за состојбата во кои се најде СР Македонија по еднострани

сл

мерки на одделни републики со кои се разбива финансискиот, стопанскиот, па и државниот систем на земјата ќе информира претседателот во четвртата точка, особено за мерките кои на седницата што ја одржавме пред оваа, а верувам дека и делегатот ќе биде задоволен со Информацијата, бидејќи коинцидира со предлогот што тој го изнесе како предмет на расправа и информирање.

СИМЕОН ИВАНОВСКИ: (СКМ-ПДП) - Почитуван претседателе, дами и господа, другарки и другари,

Јас го респектирам предупредувањето да не губиме време, но сметам ако поминеме на дневниот ред ова што настана, сепак ќе остане едно недоразбирање и сметам дека треба да го расчистиме.

Прво, сметам дека претседателот на Собранието должи извинување на пратениците зошто прифати да стави на дневен ред да гласаме за она што со неговото подоцнешно објаснување дека е содржано и по што може да се расправа по точката 4.

Пратениците беа доведени во заблуда едни гласаа за, други се воздржаја, некои гласаа против. Сметам дека неговата констатација, откако го извршивме гласањето, беше во ред, но тоа требаше да биде пред да се изврши гласањето, односно на предлагачот за Декларацијата да се објасни дека сето тоа може да дојде на расправа по точката 4 и од тоа ќе произлезе дали ќе биде заклучок, одлука, декларација. Да не испадне како вчера дека некои сме против суверена Македонија, а некои сме за суверена Македонија. Сметам дека овде нема таков кој е против суверена Македонија. Сметам дека некои работи треба добро да се обмислат и тогаш да се поставаат на дневен ред.

Респектирам дека одредени гласачи кои гласаа против, не гласаа против тоа да се донесе Декларацијата, туку гласаа против тоа да не се врши упад во дневниот ред. Сега имаме легитимен претседател на Собранието и сметам дека предложениот дневен ред треба да го респектираме. Можеме да сугерираме за наредната седница, за наредниот дневен ред да се закажат одредени точки, да се доби материјал, тоа е моето мислење.

ЛАМБЕ АРНАУДОВ:(ВМРО-ДПМНЕ) - Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Јас сметам дека едно вакво битно прашање како што е Декларацијата за целосна независност ка македонската држава не може да биде формулирана во некоја точка, како што е точката 4, а да не е јасно определено затоа што тоа е, навистина, најсуштинско нешто што може да биде.

(Аплауз).

СТОЈАН АНДОВ: Ви се молам ако ми допуштите да помогнам, а тоа ми е задачата, верувајте ми слаба е таа сувереност ако текстот на Декларацијата не е подготвен и ако оставиме на светската и југословенската јавност впечаток како така ни текнало на една седница, па ставаме на дневен ред и тоа го донесуваме. Верувајте во интерес на македонскиот народ и на Македонија треба да внимаваме како ги подготвуваме нашите активности. Ако господинот Арнаудов инсистира и замислува така, ако Собранието допушти, јас ќе го ставам

сл

неговиот предлог повторно на дневен ред. Само ви кажувам уште еднаш ние имаме многу можности, секое суштинско и важно прашање да се постави на дневен ред во редовна процедура. Можевме во најмала рака претседателот на Собранието да го известиме 20 минути пред седницата оти и тоа намеравме да го предложиме на дневен ред да поразговараме за постапката.

Има збор пратеникот Доста Димова.

ДОСТА ДИМОВА: (ВМРО-ДПМНЕ) - Господине претседателе, ние денеска утврдуваме дневен ред и јас мислам дека вие немате право да ни сугерирате дали да гласаме за дневниот ред што вие го предложивте или за предлозите кои ги даде претставникот на ВМРО-ДПМНЕ, господинот Арнаудов.

Исто така, сметам дека не е идентична информацијата за преговорите, мислам како точка на дневен ред - Декларацијата за независност која е како посебна точка на дневен ред и колку што разбрав господинот независен кандидат Тодор Петров веќе има подготвено текст кој може да ни го предложи како материјал по кој можеме да разговараме.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ: (СПМ) - Другарки и другари,

Добро е вака да се водат полемики и по нашиот Деловник е да се предложи да се дополнува дневниот ред и ние веројатно во нашата работа понатаму ќе имаме такви примери кога некои работи, некои проблеми ќе треба брзо да ги третираме, брзо по нив да одлучуваме и донесуваме одлуки и на предлог на пратениците тој дневен ред да се надополнува.

Меѓутоа, овој пат се работи за една многу значајна работа и јас мислам дека ниедна партија која овде седи во овие клупи во својата програма не беше, а да не се изјасни за суверена, демократска, независна Македонија. Во тој правец нема никакви дилеми, во тој правец мислам дека сите подеднакво мислиме, меѓутоа за да се разговара, за да се дискутира за еден таков проблем, ние мораме да бидеме подготвени, ние мораме да имаме претходно материјали, ние мораме за многу работи да научиме и дознаеме, ние мора да ги имаме во раце тие материјали. Другарката рече дека еден од нашите пратеници има текст. Текстот го има, но ние го немаме во свои раце. Текстот треба да го слушнеме на оваа говорница ние не можеме за тој текст да се одлучиме или тој текст да го сфатиме со тоа што ќе ни биде кажан од ова место и за едно одредено време. Нели се договоривме да работиме законито, парламентарно? Ако работиме законито, тогаш дајте да работиме онака како што е предвидено со нашите закони, со нашиот Устав. Еден таков текст доаѓа од соодветни органи и да ги задолжиме на наредната седница, можеме така да се договориме, ние не велиме дека седница ќе држиме само денеска или само утре, туку ќе држиме кога има потреба за тоа. Затоа да ги задолжиме тие органи кои се компетентни, стручни, квалификувани да ни предложат такви материјали претходно да ги проучиме, да прочитаме нешто од таа област, да дознаеме многу повеќе отколку што сега се кажува. Тоа да помине низ една процедура дали е тоа уставна комисија, дали се некои одбори кои ги има ова Собрание, па по-тоа да можеме рамноправно да разговараме и да донесуваме одлуки.

сл

Инаку, никој нема против да се расправа по овој материјал, меѓутоа, не да се расправа вака набрзина. Тоа не треба да ни биде систем на работа по така витални, стручни и значајни работи расправаме 5 минути до не знам кое време и затоа ќе правиме крупни грешки, па затоа предлагам за наредната седница по ова прашање соодветните органи Извршниот совет преку своите тела, преку телата на ова Собрание да ни се понуди еден материјал за кој можеме по ова прашање да расправаме. Инаку сум за тоа по овој дневен ред да расправаме за оваа материја. Јас и вчера кажав за еден криминален упад во монетарниот систем во Југославија не само Србија, ние има ме крупно незаконито однесување во поголемиот дел од републиките во очи на Нова година кога се откупи една милијарда долари од Словенија и во другите републики имаа неколку пати пробивано во кредитно-монетарниот систем. Меѓутоа, можеме овој пат спрема она колку може Извршниот совет да не извести по ова прашање нешто да размениме мислење и затоа предлагам да го усвоиме дневниот ред, а по ова прашање што го постави другарот за Декларацијата да го оставиме за наредната седница и ги задолжиме соодветните органи да ни подготват материјал.

ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ) - Дами и господи,

Ние многу работи не знаеме, сигурно ќе се учиме во овој парламентарен живот. Некои работетќе испаѓаат смешни, а некаде ќе биде нешто срамно, меѓутоа, јас мислам дека ќе се научиме.

На пример, јас вчера не знаев иако сум гостин не сум пратеник имам право да зборувам така што еднаш само се појавив и потоа некој ми го рече тоа и вчера за сето време не се појавив денеска ми кажаа дека сум можел да зборува, па ќе го искористам тоа право да зборувам.

Сакам да кажам начинот на кој се однесуваат некои другари кон пратениците посебно на ВМРО-ДПМНЕ, а тоа е начин на држење на лекции како треба да се однесуваат, што смеат, кој може да им дозволи. Сметам дека парламентаризмот се состои токму во тоа, една практика која беше присутна досега во Македонија еден кој стои овде да предлага, а другите да гласаат да се сруши. Парламентот е место каде се прават промените, каде се внесува нов дух, каде се внесуваат нови принципи, каде се донесуваат нови закони и се менуваат, се прават кодексите. Значи сметам дека никој не може да ја оспорува таа слобода што си ја земаат пратениците затоа што ако ги погледнеме сите парламенти во светот се од-несуваат на еден или на друг начин така.

Синоќа ги слушавме извештаите од градовите во Македонија. Луѓето се зачудени од начинот на кој се однесува Парламентот. Токму во тоа е таа промена. Тој Парламент и во иднина ќе се однесува така. Нормално ако имаме два закони, два предлога, луѓето од едната и од другата партија ќе направат сѐ да им помине законот.Тоа е јасна работа и нема зошто да се згорзуваме и паничиме што се прави и како се прави. Тоа е начинот и принципот на Парламентот секаде за некоја точка ќе расправаме малку пополека, за некоја точка малку погласно, некаде ќе довикуваме, некаде ќе се караме. Затоа беа овие избори од различни слоеви, различни

сл

гласачи да имаат свои претставници во тој Парламент и за тоа што ги изгласаа да се борат. Вчера сите дискутираа, односно два часа се дискутираше за неважна точка. Ве молам, дали неважна точка беше македонската химна. Ако некому му беше неважна точка верувајте пратениците имаат мандат од народот што го избрал дека е важна точка да се изведе македонската химна. Така и денеска пак не убедуваат и кажуваат дека не постои време дека мора тоа да се проучи, мора да се види и изанализира.

Предлог на нашиот пратеник беше многу јасен. Југославија, а со тоа и Македонија се наоѓаат во една состојба која е пред вонредна состојба. Се наоѓа во состојба за која никој не може да се радува, Југославија, а со тоа и Македонија од час во час сè повеќе се распаѓа, па што бараме ние? Едноставно да ја погледнеме реалноста. Кражбата на една милијарда и 400 илјади долари од Југословенската банка не е обична работа. Тоа е криминален чин не знаеме утре која ќе биде следната постапка. Ајде од таа страна да погледнеме колку време е потребно дали недела дали две за да можат стручните служби на Собранието да го подготват овој предлог. Има работи кои можат да се подготвуваат и недела и две и месеци, меѓутоа, ние мораме затоа се избрани некои луѓе од македонските гласачи токму за да се реагира во право време и на вистинско место, а ова место - Парламентот е токму тоа место да се реагира.

Кога рековме за таа Декларација за суверена македонска држава ние рековме да се отвори тоа прашање, да се стави на дневен ред, а потоа што ќе се дискутира, како ќе се дискутира, кој ќе ја подготвува, тоа е прашаше на дискусијата дали воопшто ќе се донесе таа Декларација исто е прашање на она што ќе се одлучи тука. Прашањето беше поставено само да се стави на дневен ред таа точка и да се разгледува, ништо повеќе.

(Аплауз).

СТОЈАН АНДОВ: Ви се молам има многу што се јавуваат во врска со дневниот ред и ги молам сите да не објаснуваат нашироко, туку да зборуваат за дневниот ред.

БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ: (СКМ-ПДП) - Со целосно почитување кон ликот и делото на господннот Георгиевски и на сите нас пратеници овде знам дека не е пријатно што вака на почетокот губиме време околу дневниот ред. Меѓутоа, најверојатно тие први породилни болки ќе мораме да ги пребродиме и ќе мораме да се договориме дека не станува збор за нешто второ или трето, туку станува збор само за тоа дека овој орган кој ќе ја има врвната законодавна власт не смее да оди на импровизации. Да го поткрепам ова што го зборувам ќе го кажам следното. Еднаш беше кажано декларација за суверена македонска држава, втор пат беше кажано од самиот предлагач господинот Арнаудов - декларација за независност, третиот пат беше кажано декларација за целосна независност на САД.

Јас знам колку време е подготвувана декларацијата за независност на Соединетите Американски Држави. Некој од нас или повеќето знаат колку време е подготвувана декларацијата за независност на Република Словенија. Според тоа, со тоа што некој не прифаќа на импровизиран начин да ја ставиме Декларацијата на дневен ред и да раправаме за неа тоа апсолутно не значи дека некој не

сл

прифаќа расправа по такви прашања, дека не цени дека е потребна расправа по такви прашања, само држиме до тоа дека овој орган мора да работи без импровизации, високостручно, високоодговорно, висококомпетентно.

ДУШКО ГОРГИЕСКИ:(СКМ-ПДП) - Сметам дека ако вчера ние ја прекинавме седницата со дефиниран дневен ред и денес е продолжение на вчерашната седница. Според тоа, прво треба да завршиме со дневниот ред што вчера го дефиниравме затоа што беа опфатени точките кои што ги постави пратеникот Петров и сите овие прашања што денеска се на дневен ред. Така што тоа не е нова седница и мислам дека се направи една процедурална грешка и се отвори дискусија којашто на некој начин ја одложи расправата по дневниот ред. Инаку мислам дека околу Декларацијата можеме да прифатиме како покренување на иницијатива за донесување на декларација. Во овој момент сметам дека ни еден пратеник да дискутира за декларација за којашто нема ниту нацрт, ниту основен текст ниту било каков документ и подготовка на пратениците тука. Во тој случај ги молам пратениците да поминеме на расправа по дневниот ред, затоа што и јас имам повеќе прашања за коишто сметам дека се многу актуелни и треба по побргу по нив Парламентот да расправа.

САНДРЕ ДАВЧЕВ: (СРСМ) - Потполно се согласувам со претходниот дискутант и предлагам поради битноста на оваа точка уште сега да закажеме посебна седница за донесување на декларацијата.

БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ) - Господине претседателе, дами и господа,

Јас мислам дека Вие поставивте прашање дали некој сака да го дополни дневниот ред.

СТОЈАН АНДОВ: Јас дневниот ред го ставив на усвојување.

БОГДАН НЕДЕЛКОСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ) - Сега некој ни сугерира, ни велат дека има побитни прашања од Македонија. Јас не знам, ако има побитни прашања за нас Македонците кои се поважни од Македокија, но да не се случи пак да ни заврне снег  како што беше на 29 ноември 1943 година. Јас од тоа најмногу се плашам. Ние немаме време да ни доаѓаат томови и да прелистуваме, да бараме што ни одговара и што не ни одговара. Тоа требаше многу порано да се направи, односно да се конституира овој Парламент, бидејќи ние завршивме пред БиХ и Црна Гора, а тие пред нас конституираа Парламент. Сега се најдовме во еден теснец за да не можеме да одлучиме. Не знаеме што да правиме ни самите со себе. Вака не е начин да се разговара за Македонија. Македонија не трпи импровизации. Македонија не треба да се импровизира. Од тоа што го постави нашиот пратеник, тоа не е точка која треба да се разгледува после неколку денови откако возот ќе помине.

СТОЈАН АНДОВ: Што е сега сугестијата.

Ние извршивме расправа. Сигурно е дека и по стариот Деловник може да работиме, може да биде проширен дневниот ред, односно да биде дополнет со посебна точка, како итна, така што посе-бен проблем не се поставува. Меѓутоа, сега се поставува проблемот

за подготвеноста, за тоа зборуваме, а за тоа дали можеме денес да донесеме некои ставови по повод Информацијата на пратениците во врска со претстојните разговори во Претседателството на СФРЈ за идното уредување на Југославија, ќе произлезе од расправата по таа точка. Таа точка покрива како што гледате сè. Јас мислам дека сè беше исто, познато и на пратениците и на претседателот уште кога го прочитав овој предлог овде. Ви се молам и се извинувам на господата пратеници од ВМРО-ДПМНЕ, нема јас зошто да се стеснувам да сугерирам да се усвои некој дневен ред. Мене тоа ми е должност. Јас треба да го предложам дневниот ред и да сугерирам тој да се усвои. Тоа е мојата основна задача овде и затоа повторно предлагам, бидејќи после оваа расправа, а од претходното гласање од 116 пратеници само 42 беа за усвојување на предлогот на пратеникот Арнаудов. Предлагам да поминеме на дневниот ред што го предлагам.

Вие имавте дополнителен предлог.

ТОДОР ПЕТРОВ: (независен кандидат) - Да оцениме дали по Информацијата ќе отвориме расправа?

СТОЈАН АНДОВ: Се разбира дека ќе отвориме. Тоа е ставено на дневен ред.

Дали се согласувате со дневниот ред што ви го прочитав?

Кој е за, нека крене рака?(Пратениците креваат рака).

Дали има некој против?(Нема).

Дали има воздржани?(Нема).

Констатирам дека дневниот ред е усвоен.

Преминуваме на првата точка - Утврдување на бројот на потпретседателите на Собранието на СР Македонија.

Сакам да ве известам дека до овој момент не успеавме да постигнеме согласност со раководителите на партиите за точниот број на потпретседателите на претседателот на Собранието на СРМ и предлагам расправа и одлучувањето по оваа точка да ја одложиме.

Оваа точка беше ставена на деквеи ред на вчерашната седница еве ја пренесуваме за денешната.

Можам да соопштам дека парламентарната група на СКМ-ПДП предлага да имаме тројца потпретседатели, а парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ да има двајца потпретседатели.

Ве молам овластете ме да продолжам со консултациите и да најдеме решение во најскоро време.

Дали се согласувате со Предлогот?(Се согласуваат).

Преминуваме на втората точка - Информација на претставник на Извршниот совет на Собранието на СРМ за состојбите во општина Гевгелија во земјотресот од 21 декември 1990 година.

Во врска со Предлогот од вчерашната седница, Информацијата за состојбите во општина Гевгелија ќе поднесе потпретседателот на Извршниот совет на Собранието на СРМ другарот Васил Влашки.

сл

ВАСИЛ ВЛАШКИ: Почитуван претседателе, дами и господа, другарки и другари пратеници,

Владата на СРМ денес до Собранието на СРМ достави исцрпна Информација за состојбите во општина Гевгелија настанати после земјотресот, а во моето кратко излагање ќе се задржам на некои аспекти на состојбите.

На 21 декември 1990 година се почувствува земјотрес во целата Република и предизвика вознемирување кај граѓаните, а на подрачјето на општина Гевгелија се манифестираше со разурнувачки ефекти.

Интензитетот на земјотресот беше 6 степени по Рихтеровата скала. После земјотресот забележани се појави на поголем број послаби потреси.

Активното сеизмичко жариште на земјотресот од 21 декември 1990 година е во процес на смирување.

Истиот ден на 22 декември работна група на Извршниот совет на Собранието на СРМ предводена од заменикот на Републичкиот комитет за урбанизам, градежништво, сообраќај и заштита на човековата околина ги посети настраданите подрачја во општина Гевгелија заедно со претседателот на Извршниот совет на Собранието на општина Гевгелија. Разгледани се проблемите околу сместување на населението коешто остана без покрив во приватните и општествени објекти, обезбедување на населението со здрава вода за пиење и снабдување на населбите со електрична енергија која што беше прекината поради оштетувањето на 6 трафостаници.

На 22 декември 1990 година Извршниот совет на Собранието на СРМ ги разгледа информациите од работната група и од Извршниот совет на Собранието на општина Гевгелија заклучи да додели еднократна финансиска помош на настраданото подрачје во износ од 1 милион динари, да се испратат стручни екипи на Институтот за земјотресно-инженерство и инженерска сеизмологија на Универзитетот "Кирил и Методиј" заради употребливост на објектите и оценка на штетите и да му предложи на Собранието на СРМ веднаш во општина Гевгелија да упати свои стручни екипи заради проценка на настанатите штети и навремено надоместување на истите.

На 24 декември 1990 година, јас заедно со претседателот на Републичкиот комитет за труд здравство и социјална политика, претставници со Институтот за земјотресно-инженерство и инженерска сеизмологија, претставници на Републичкиот комитет за урбанизам, градежништво и заштита на човековата околина и Републичкиот секретаријат за внатрешни работи ја посетивме општина Гевгелија и заедно со претставници на Собранието и на Извршниот совет на Собранието на општината ги посетивме настраданите подрачја и водевме разговори околу преземањето на конкретни мерки за санирање на состојбите.

При посетата констатиравме дека надлежните општински органи во соработка со Републичките органи ги презеле сите неопходни мерки за згрижување на настраданото население и отстранување на дефектите во трафостаниците.

сл

Стручна екипа на Институтот за земјотресно-инженерство и инженерска сеизмологија ги извршуваа своите тековни обврски.

Надлежните републички органи континуирано ја следат состојбата во општина Гевгелија и во соработка со општинските органи, а во рамките на своите надлежнисти преземаат конкретни мерки за отстранување на последиците од земјотресот.

На 7 јануари оваа година, претседателот на Републичката комисија за проценка на штетите од елементарни непогоди, направи посета на општинската Комисија во Гевгелија за проценка на штетите од земјотресот и притоа констатира дека формираните 12 пот комисии на општинската Комисија кои работат на теренот за проценка на штети на индивидуалните згради се очекува работата да ја завршат за два-три дена, а обработката на податоците ќе трае околу 10 дена.

Во општествените организации сѐ уште не се формирани комисии и се чека "ЗОИЛ на Македонија" да формира комисии за да изврши проценка на штетите. Укажано е дека целокупната работа околу проценка на штетите од земјотресот треба да се одвива според упатството за единствена методологија за проценка на штетите од елементарни непогоди. При оценка на штетите на објектите треба да се оценуваат трошоците за доведување на објектите во првобитна состојба, а не во состојба со која ќе се обезбедат исполнување на условите за сеизмичка градба и нормативи.

Според последните сознанија добиени денес од стручните екипи на Институтот за земјотресно-инженерство и инженерска сеизмологија на теренот се завршува нивната работа и утре се комплетно готови со теренската работа, а за неколку денови ќе се утврди и висината на штетата од земјотресот.

Првичните сознанија укажуваат дека во индивидуалниот сектор 30 илјади метри квадратни станбена површина се неупотребливи за живеење.

Извршниот совет на Собранието на СРМ на својата наредна седница ќе расправа за состојбите во општина Гевгелија по земјотресот од 21 декември 1990 година и по барањето на Извршниот совет на Собранието на општина Гевгелија за донесување закон за обезбедување средства за елиминирање на последиците од земјотресот во општина Гевгелија. Доколку се оцени дека за санирање на штетата е потребен поголем износ на финансиски средства и дека санирањето ќе има подолгорочен карактер, покрај средствата обезбедени со постојните прописи, Владата на Македонија ќе предложи на ова Собрание донесување на посебен закон со кој ќе се утврди изворите на средства и динамика на нивното користење како и други потребни мерки.

РИСТО СТАНКОВСКИ:(СКМ-ПДП) - Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Во контекстот на ова јас би сакал да дадам и некое дополнување, бидејќи пред седницата телефонски ме повикаа од Гевгелија и добив нови податоци за состојбите во општината и со тоа какви штети има претрпено општината.

СЛ

Како дополнување на излагањето на потпретседателот Влашки сакам да додадам дека има 30 илјади метри квадратни оштетени станови кои не се за живеење, меѓутоа вон употреба има околу 93,522 метри квадратни.

Исто така, 250 семејства ќе мора да се иселат, значи се во простории кои веќе не се подобни за живеење, 541 семејства ќе мора да ги санираат своите објекти, а 1.557 семејства живеат во оштетени објекти и ќе мора да прават помали или поголеми поправки на истите.

Штетата, колку што бев сега информиран се оценува околу 20 милиони долари, со тоа што само би напоменал за споредба дека општина Гевгелија имаше во 1989 година општествен производ од 309 милиони динари. Од прилика проценете колкава е штетата.

Би сакал во контекстот на сето ова да ја формираме оваа парламентарна група, дури и би предложил еве ако треба нека има од секоја партија по некој претставник нека го посети теренот да подготви исто така, едно свое видување на состојбите и би сакал бидејќи навистина временските услови се неповолни, семејствата практично се без покрив над главата, веќе за наредната седница да се изготви, дали тоа ќе биде закон или соодветни мерки за да може да се санираат штетите.

Би споменал само дека имаме три училишта во кои не се одвива наставата. Посебно е критично училиштето во Негорци со околу 250 ученици каде што нема никакви услови за натава, така да тие ученици од 21 декември еве до денеска се практично дома. Исто така, би споменал дека општината не е во можнсот да го поднесе ова. Навистина се работи за огромни штети, иако додадам дека нашава општина во 1989 година имаше штети од сушата кои изнесуваат околу 33% од општествениот производ, а за тоа добиваме само не околу 0,87% помош од Републиката, така навистина ситуацијата во општината е крајно критична и треба што побргу да се најде решение дури и лично би предложил ако може веднаш уште на наредната седница да се излезе со комплетни мерки за да можеме и ние како функционери во таа општина да преземеме соодветни мерки и да му помогнеме на населението.

Јас би имал толку, се надевам дека нашата група ќе подготви навистина добар извештај по кој ќе можеме да се произнесеме и да ги донесеме најрационалните мерки.

СТОЈАН АНДОВ: Молам, кој друг бара збор?

Има збор пратеникот Фаик Абди.

ФАИК АБДИ: (Партија за целосна еменципација на Ромите)

Почитуван другар претседател, дами и господа,

Го ислушавме ова што е предлог,  што е како состојба од Извршниот совет и пратеникот од Гевгелија. Јас сум стар скопјанец, од прапра дедо, и го памтам земјотресот од 1963 година овде. Тоа значи дека знам колкава е таа тежина од една катастрофа, каде што и животи одат и материјални блага итн.

сл

Меѓутоа, не би се согласил да формираме некоја посебна група, вон ова што се залагањата на Извршниот совет. Освен тоа, да бараме што побрзо да се реализира, да се оди на реализација на одредени работи, а не некоја парламентарна група, од сите партии по еден човек, да формираме. Што е тоа што ние би оцениле таму? Додека избереме нов Извршен совет ќе помине извесно време, а бидејќи овој Извршен совет ги има сите прерогативи, ја има власта нека господата од Извршниот совет побрзаат што побрзо да добијат точни податоци. Не може да бидат 30 илјади и 990 илјади мора да биде точно кажано што е. Значи, мора да има точни податоци и што побрзо да се донесе одлука, решение, закон или нешто слично за санирање на состојбите затоа што е зима.

Значи, се придружувам кон Извршниот совет, односно желба ми е и барање што побрзо работите да се завршат, а не да се формира парламентарна група, затоа што мислам ќе биде шетање до Гевгелија и додека да се запознаеме ќе помине време.

СТОЈАН АНДОВ: Има збор пратеникот Петар Ѓорѓиев.

ПЕТАР ЃОРЃИЕВ:(СРСМ) - Другар претседателе, дами и господи, со почит, вчера кога беше поставено прашањето во врска со земјотресот што го зафати Гевгелиско, сметав дека на денешната седница ќе имаме повеќе време да обрнеме внимание на мерките што треба да се донесат на денешната седница во врска со отстранување на последиците што настанаа од земјотресот. Колку што имав време пред самата седница, бидејќи имаше доста извештаи во врска со земјотресот, јас во делот на мерките, во Програмата каде што се посочени мерките не можев да најдам одредени мерки што значат и придонес во делот на разрешувањето, посебно мерките што се од аспект на заштита на земјоделските домаќинства што се занимаваат исклучиво со земјоделство, а од самиот земјотрес имаат претрпено одредени штети. Вообичаено е тоа, и во практиката е така да при одредени и помали штети што настануваат на одредени подрачја се применуваат мерките што се во сферата на фискалното зафаќање, а ние знаеме во подрачјето како што е Гевгелија имаме доста домаќинства што се занимаваат со производство на земјоделски култури коишто се оптоварени и со одредени зафаќања. Поради тоа, конкретно и предлагам.

Домаќинствата што се занимаваат исклучиво со земјоделска дејност да бидат ослободени од плаќање на данокот на промет од земјоделска дејкост, како би можеле во оваа фаза таквите средства како обврска да ги обезбедат за санирање на состојбата на објектите оштетени од земјотресот.

Второ, од средствата на Заедницата за осигурување наменети за посебна или општа превентива да се издвојат посебни средства за санирање на објектите што се од општ или заеднички интерес на подрачјата, посебно во селските месни заедници, објекти од аспект на комунални потреби. Тука има сигурно одредени оштетувања што не трпат одлагање, а селските месни заедници не ќе можат на одреден начин во кратко време да ги санираат.

Предлагам, значи овие две мерки да бидат вградени во Предлогот на мерките што Извршниот совет ќе ги предложи за да можат практично да бидат реализирани.

сл

СТОЈАН АНДОВ: Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, предлагам да заклучиме.

Прво, да му сугерираме на Извршниот совет делови од расправата на Собранието, во кое беа содржани конкретни предлози, да ги земе предвид кога повторно ќе ги разгледува мерките што треба да бидат спроведени за отстранување на последиците од земјотресот во Гевгелија.

Второ, да го задолжиме Извршниот совет да ја забрза постапката на утврдување на тие мерки и на ефектуирање на помошта што треба да се даде, а и подготвување на мерки и доставување на Собранието, доколку Собранието треба да ги донесе.

Имаше предлог да се формира посебна пратеничка група која би ги следела подготовките на Програмата за отстранување на последиците од земјотресот и состојбите во општина Гевгелија кои сега настанале и кои се доста сложени, но имаше и против предлог тоа да се препушти на Извршниот совет, а општата политичка контрола да ја врши Собранието без посебна група, туку со своите работни тела.

Првиот предлог мислев дека се заснива на фактот што Собранието сè уште ги нема конституирано сите тела, па затоа, бидејќи е ова актуелно прашање, пратеникот од Гевгелија го даде за да би имало некое привремено тело кое би ги извршувало функциите на посебно работно тело во следењето и подготовките на Собранието и следењето на активностите на Извршниот совет. Доколку е така, тоа би била привремена пратеничка работна група, до конституирање на надлежните одбори и комисии во Собранието можеме ли така да го разбереме вашиот предлог?

РИСТО СТАНКОВСКИ:(СКМ-ПДП) - Точно така мислев, заради состојбите во кои сме. Не беше конституиран ни Парламентот кога го дадов предлогот, а веќе Извршниот совет прашање е кога ќе биде формиран. Оваа група, практично да работи во формирањето на новата Влада. Да не бидам сфатен погрешно, а не дека немам доверба во претходниот Извршен совет, меѓутоа со доаѓањето на новиот да имаме сепак и некој континуитет во целата таа работа, бидејќи мислам санацијата околу сите штети од земјотресот нема да биде про-лемот 20 или месе дена, сигурно тоа ќе биде еден проблем кој можеби ќе се јавува во текот на целата година и ќе се бараат можеби и во текот на целата година некои иницијативи, или можеби некои дополнителни средства и сл. Истото ова, како што го рече и претседателот во таа смисла и го мислев со формирањето на пратеничката група.

СТОЈАН АНДОВ: Според тоа, да заклучиме. Предлогот е да се формира посебна работна група со привремена задача до избор на едно од работните тела кое ќе биде надлежно за оваа проблематика да ги следи активностите на Извршниот совет и на подрачјето Гевгелија во отстранување на последиците од земјотресот и на подрачјето на Гевгелија, ако со тоа се сложувате, дали се согласувате?

Дали има согласност за ова? (Има).

СЛ

Тогаш ви предлагам работната група да ја сочинуваат следните пратеници: Биљана Лазаревска, Туше Гошев, Газмед Ајдарага, Панче Насев и Божо Рајчевски.

Дали се согласувате? (Има согласност).

Благодарам.

ПРАТЕНИК: Ова е принципиелно прашање. Да не доаѓаме веќе во ситуација дали се согласуваме или не се согласуваме, секој предлог предлагам во иднина да се става на гласање, кој е за, кој е против. Така најбро би одела работата.

СТОЈАН АНДОВ: Во ред е. Можеме да ја повториме постапката. Кога е веќе принципиелно прашање дајте да се држиме до принцип, ќе ви ги прочитам имињата на пратениците. Биљана Лазаревска, Туше Гошев, Газменд Ајдарага, Панче Насев и Божо Рајчевски.

Кој е за, овие пратеници да ја сочинуваат групата молам да крене рака? (претениците креваат рака).

Сугурен сум дека има мнозинство.

Кој е против? (Нема).

Има ли воздржани? (Нема)

Не ве државев долго со дигнати раце да пребројуваме, верувајте ми дека навистина има мнозинство, сигурно беа преку 90 посто пратеници.

Констатирам дека групата пратеници што привремено ги следи активностите на надлежните републички и општински органи во отстранувањето на последиците од земјотресот во општина Гевгелија се состои од пратениците: Биљана Лазаревска, Туше Гошев, Газменд Ајдарага, Панче Насев и Божо Рајчевски.

Трета точка на вчерашната седница беше побарано да се даде упатство со кое ќе се насочат активностите за конституирањето на новоизбраните собранија на општините. За таа цел претставникот на Извршниот совет Михајло Маневски ќе го информира Собранието на Социјалкстичка Република Македонија.

МИХАЈЛО МАНЕВСКИ: Почитуван претседателе на Собранието, почитувани пратеници, претставници на партиите и на органите присутни на оваа седница.

Со вчерашната прва конститутивна седница на Собранието на Социјалистичка Република Македонија воспоставен е новиот систем на власта, а со тоа влеговме во еден преоден период во кој согласност со предвидените рокови во Уставниот закон за утврдувањето на уставните амандмани треба да се извршат мошне значајни и обемни организациони и нормативни претпоставки за функционирање на тој систем на власта. Тоа значи дека треба да се донесат повеќе закони, уредби и други прописи. Да се усогласат статутите на собранијата на општините до крајот на месец март 1991 година. Да се донесат материјалните закони за фондовите и другите закони до крајот на јуни 1991 година. Да се усогласат сите други закони со уставните амандмани до крајот на септември 1991 година. Да се донесат актите за организација, актите за систематизација на министер-

сл

ствата, распоредувањето на работниците и другите организациони и други акти коишто се неопходни за функционирањето на Владата заклучно во рок од 3 месеци од денот на изборот на Владата. Значи, претстојат обемни организациони и нормативни претпоставки за функционирање на новиот систем на власта. Сигурно дека во овие рокови треба да бидат донесени тие закони и акти.

Со усвојувањето на уставните амандмани Извршниот совет утврди, а Собранието на СРМ усвои повеќе закони, како што се: Законот за органите на управата, Законот за Владата, Законот за избор на претседател и потпретседател на претседателот, Законот за избор на пратеници и одборници, односно оние закони што беа предвидени во уставниот закон за спроведување на уставните амандмани, коишто беа неопходни за конституирањето на власта, за изборот на пратениците и за изборот на одборниците за остварувањето на првите повеќепартиски избори и за конституирање на првите повеќепартиски собранија - Собранието на Собранието на Република Македонија и претстојното конституирање на собранијата на општините.

Паралелно со тоа Извршниот совет преземаше и други бројни организациони и други активности во непосредна соработка со надлежните органи во општините и Градот Скопје во непосредна координација и комуникација со надлежните републички органи на управата, општинските органи на управата и другите органи и организации и со СИЗ-овите. Сигурно е дека од тие активности прашањето што е поставено е до каде сме дојдени и што сѐ е преземено, како и какви активности треба да бидат преземени во наредниот период.

Мислам дека бројните активности дадоа и одредени резултати, иако сигурно е дека треба многу работи да се доизградат и многу работи да се доуредат. За таа цел за денешната седница Извршниот совет усвои насоки за побрза операционализација на уставните решенија за општината - трансформација во локална самоуправа, согласно со Амандман LXIX на Уставот на СРМ. На денешната седница Извршниот совет усвои исто така и одлука за начинот на преземањето работата на општинските органи на управата согласно со член 6, член 9 став 2, и член 16 од Уставниот закон за спроведување на уставните амандмани, член 238 во врска со член 248 од Законот за органите на управата, член 56 од Законот за Владата. Практично, за она што пред малку говорев, тоа се тие одредби. Во таа одлука се предвидува дека досегашните надлежности. Работниците, опремата и инвентарот и другите работи (архивата, документацијата) на општинските органи на управата во областа на внатрешните работи, народната одбрана, правосудството, на урбанизмот, стоковните резерви на општините и на Градот Скопје ги преземаат органите на управата на СРМ во рамките на делокругот на нивната надлежност утврден во За-онот за органите на управата.

Во членот 2 од таа одлука досегашните надлежности на општинските органи на управата, освен оние определени од став 1, значи освен оние што се надвор од овие области продолжуваат да ги извршуваат постојните општински органи на управата, како надлежности на Републиката, освен функциите наведени во амандманот  LXIX кои ги извршуваат како свои функции собранијата на општините. Да знаеме

сл

дека повеќе нема општински органи на управата, туку има согласно со Законот за органите на управата, републички органи на управата, министерства на СРМ кои што ќе ги вршат работите од областа на управата со делокругот утврден во Законот за органите на управата, на собранијата на општините, согласно со на уставниот амандман своите надлежности ќе ги определат во рамките на уставната одредба за нивната надлежнсот и во рамките на надлежностите што со материјалните закони ќе бидат пренесени од Републиката на општините. Но, тоа не значи дека Републиката се откажува од извршување на тие функции, бидејќи во законто што треба да биде донесен, а тоа е мошне значаен закон - Закон за локалната самоуправа, треба да бидат предвидени соодветни ингеренции на органите на управата, односно на министерствата и на републичките организации кои што ќе вршат надзор над извршувањето на прописите и на другите акти за работите што ќе бидат пренесени на општинските органи на управата.

До изборот на новата Влада, Извршниот совет ќе ги врши надлежностите на Владата, односно Уставнито закон, а работите на органите на управата, односно министерствата ќе ги вршат постојните органи на управата до изборот на новата Влада. Извршниот совет направи еден регистар на прописи коишто треба да бидат донесени, еден регистар на закони. Тој список е многу обемен, јас да наведам само неколку, тоа се: законите за премер и катастар, Законот за промет на недвижности и права, Законот за внатрешни работи, Законот за народна одбрана, организационите закони од областа на Правосудството, Законот за експропријација и другите закони коишто треба да се усогласат во овој временски период и тоа во прва фаза само во овие одредби, бидејќи се бројни закони коишто се неопходни за воспоставување и функционирање на овој систем на власта, а се разбира со потемелното применување на тие закони во наредниот период ќе се усогласат прописите согласно со уставните амандмани и согласно со определбите за вршењето на функциите во законските пропсии. Познато е согласно со Уставниот амандман околу примената на прописите, мислам тука не би требало да има никакви дилеми, прописите на општините и пропсиите на Градот Скопје се приемнуваат како репбулички прописи, меѓутоа, тоа значи дека собранијата на општините тие прописи ниту можат да ги изменуваат, ниту ножат да ги дополнуваат, туку тие ќе се усогласат согласно со законите кога ќе бидат донесени. Тоа се сè привремени решенија до донесувањето на соодветните прописи. Од тие области работите ќе се вршат во рамките на надлежностите, меѓутоа сега тоа се работи за кои непосредно ќе одговараат соодветните републички органи на управата, а не и општински органи на управата, бидејќи реков дека општински органи на управата нема. Во Законот за локалната самоуправа коишто се подготвува и кој верувам во еден текст ќе биде готов до крајот на овој месец, којшто е мошне обемен и сложен пропис уште повеќе што нема некои искуства. Практично во тој поглед во земјата сигурно е дека ќе бидат уредени прашањата околу надлежностите, околу пренесените надлежности, околу финансирањето, околу функционирањето, околу изборот на одборниците, или други прашања коишто се мошне значајни од овој аспект. Потоа е законот којшто е исто така во подготовка, веќе е готов еден работен текст, а тоа е Законот за територијална-та поделба на Републиката, односно на општините коишто имајќи ги

предвид иницијативите што и досега беа давани од повеќе средини во Републиката за формирање на нови општини, а сега со трансформација на општината од општествено-политичка заедница во локална самоуправна заедница на граѓаните, сигурно дека тоа право на граѓаните треба да се остварува и сигурно дека на поинаков начин треба да биде уредена и таа локална самоуправа. Мислам дека и насоките и одлуката ќе ги доставиме до Собранието, а ако има потреба и поопширна информација по заклучок на Собранието, ако се оцени дека треба да се води расправа, сигурно дека тоа ќе го направиме во наредниот период.

СТОЈАН АНДОВ: Дали некој бара збор?

ПЕТАР ГЕОРГИЕВ: (СРСМ) - Повторно се јавив сега по третата точка од дневниот ред од причина што проблемот околу функционирањето на органите на управата во општината е отворен, и веќе сигурно дека е потребно да се донесе одреден акт којшто односите во општината на одреден начин ќе ги стави во една регулатива. Скоро сите општини се најдоа во една ситуација да си создаваат овој модел на конституирање сега во нови услови на повеќепартиско организрање. Мислам дека требаше кратко и јасно да се каже кој е тој модел што се нуди за конституирање на општината во новите услови сега што ги имаме во измените, или со измените на уставните амандмани. Ние знаеме само како збор локална самоуправа, а внатре во општините не се знае што се подразбира под таа локална самоуправа. Мислам дека тоа беше суштинско сега да се каже, а не да ни се набројуваат актите што се донесени во овој период итн., туку сега да се каже дали извршните совети како посебни органи во општините постојат или не постојат. Некои мислат дека постојат, некои мислат не постојат. Нека се каже постојат или не постојат. Тоа е сигурно битно.

Второ, треба да се каже во преодниот период, тоа е мое лично гледање дека продолжуваат старешините на органите во општините се додека не се донесе законот за локалната самоурпава. Ако е така тој модел ќе го изгласаме, ќе го прифатиме, ќе се каже за сите општини тој модел е прифатлив и нема да се одлага во конституирањето на Собранијата. Овие два проблеми се присутни и ние и понатаму одлагаме заради тоа што не е јасно. Мене и денеска не ми е јасно. Јас лично се сложувам тие два модели да се поставaт пред нас овде, а јас и предлагам бидејќи тоа е логично дека поранешните извршни совети се извршна власт на друг систем и сигурно ние не можеме да ги споиме тие извршни совети. Но, претпочитам дека органите мораат да продолжат додека не се изберат, додека не се донесе законот и додека не се изберат новите органи по уставните промени. И затоа треба да се каже дека функционираат, кој е тој модел, а тој модел е старешината на органите и понатаму своите функции да ги вршат во општините до денот, односно до моментот на донесувањето на законот. Јас сум збунет сега кога беше речено дека одредени надлежности се применуваат директно во Републиката. Па ние во општините не знам што сега ќе пренесеме утре доле после оваа одлука која за жал ја немаме ниту пред нас овде, за да ја следиме. Овде многу брзо се пренесе, а е многу суштинска и сигурно утре ќе се постави прашање. Во тек се конституирањата во собранијата. Што ние денеска донесовме? Затоа молам за уште едно објаснување, но кратко објаснување. Да не должиме многу, туку тоа да биде еден модел

сл

што денеска ние ќе го прифатиме од утре да се конституираат собранијата по одреден модел што ние денеска тука ќе го прифатиме. Тоа е привремен модел.

САНДЕ ДАВЧЕВ:(СРСМ) - Што се однесува за локалната самоуправа доста време ќе помине додека го донесеме законот. Јас предлагам надлежните служби да направат еден привремен деловник или правилник што треба таа локална самоуправа да има, како треба да изгреда една општина, дали ќе биде Извршен совет, дали ќе биде извршен орган. И не се согласувам да се продолжи по старо, односно да има некои одредени овластувања на новата влада, односно општинската да има некои овластувања и кои се нејзините овластувања. Ќе дојде да се усвојува буџетот на општината, а локалната самоуправа не знаеме што треба да содржи итн. Предлагам привремен правилник до донесување на законот.

НИКОЛА КРСТЕВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ) - Минестерот за правосудство добро не извести, информативно во однос на правната регулатива. Инаку недоразбирањето е во таа смисла што не постои правна празнина, туку доследно извршување на работните задачи во случајот на органите на управата, односно министерствата. Тоа го мислам во смисла на тоа што моментално, добро назначи од Владата, дека тие можат како републички органи, меѓутоа, во овие нови избори, стари општински органи, односно во име на Републиката треба прво да се помогне стручно од страна на Владата на овие постојни општински органи, односно градско Собрание додека се заменат, односно централизираат спрема Републичката влада, односно и редовно да се врши надзор над тоа извршување бидејќи имаме нови одборници со стара влада. Што е најважно треба да се обезбеди стручна помош.

А инаку вака, мислам затворено Владата сама да погодува и да дава упатства и тоа не е доволно туку директно бидејќи тие веќе се назначуваат како републички органи, да слезат во општините и точно да внимаваат како се применуваат прописите. Еве, оваа интервенција, на пример, на подрачјето на Охрид во однос на "Комуналец" и "Трудбеник". Локално беше тоа прво, во сооднос на сили, разрешувано еднаш тебе локација, еднаш мене. Интервенираше Републиката и го разреши тој случај. Сега и општински е решен и па ниво на Република. Сметам во случајот не дека ќе се донесат тие прописи, туку директно таму на терен, по општини, да се интервенира по потреба каде што има разидување. Треба практично да се навлезе, да се следи работата на општинските органи додека се донесе законот за локална самоуправа. Значи да се внимава, моментално општинските се однесуваат како републички органи. Да се обезбеди таа двостепеност, на терен практично да се пријде кон тоа работење. Тоа е недостатокот. Инаку правна празнина нема. Старото важи до новото.

МИХАЈЛО МАНЕВСКИ: Пратеникот пред мене добро рече, правна празнина нема, ниту може да има. Постојните органи ќе ги вршат функциите сè додека се конституира системот на власта согласно со актите што треба да бидат донесени. Врз основа на овие идеи што беа дадени ќе се обидеме во Извршниот совет да направиме два-три модели на овие видувања, околу тоа да се помогне и да се укаже таа стручна помош на општините. Јас тоа не го кажав бидејќи за тоа

сл

ќе треба многу време. До сега повеќе органи на управата со општинските органи на управата како внатрешни работи, народна одбрана, урбанизам, правосудство, еве и утре има народна одбрана еден таков состанок закажан. Така што доста се работи на тоа да им се помогне на луѓето, да им се укаже таа непосредна стручна помош, а и неопходни и незаменливи се непосредните контакти што се остваруваат секојдневно и со бројни општини коишто и сами се јавуваат или ги повикуваме за одредени разрешувања на определени прашања. Мислам дека се работи за еден преоден период во кој ќе се настојува во рамките на роковите да се донесат овие закони, а сигурно најзначаен од тие акти би бил Законот за локалната самоуправа.

МИХАИЛ ПАНОВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ) - Јас најпрво би сакал да искажам една забелешка до Извршниот совет за овие материјали затоа што требаше да бидеме претходно известени, да добиеме некои материјали, па потоа да расправаме за оваа точка. Мислам ова е суштинска работа и мораме денеска да ја разјасниме, затоа што некои општини веќе одат на формирање на тие општински собранија, општински власти, а некои чекаат. Владее една хаотична состојба на ова поле. Затоа предлагам, бидејќи господинот министер тоа многу убаво го образложи, и не гледам причина да не се формираат новите општински собранија бидејќи сите овие стручни служби: образование, урбаниза, во другите општини по републиките милицијата, тие ќе си бидат во една надлежност на постоечките министерства и понатаму ќе преминат на новите министерства. Значи конкретно можат слободно да се формираат новите општински собранија за што побрзо да се расчистат тие општински извршни совети за што тоа е, јас мислам, едно двовластие кое владее сега во Републиката. Оттаму потекнаа и тие случаи на Студенчица инт. Значи да не владее веќе тоа двовластие во Републиката, да се распуштат што побрзо извршниот совети во општините и да не постојат извршни совети во општините, бидејќи целата извршна власт ќе биде препуштена по една вертикала, јас барем како што сфатив на министерствата, односно на новата влада.

СТОЈАН АНДОВ: Дали некој друг бара збор?(Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, можеме да заклучиме. Редовно да се извршуваат подготовките за нужните измени кои произлегуваат од соодветниот амандман за воведување на локална самоуправа, а сега процесот на конституирање на општинските собранија нека тече нормално, со тоа што нема ресорите во општините да бидат под општинските власти, туку под надлежните министерства. Така е сфатено тоа. Меѓутоа, ние тоа со наш заклучок не можеме да го обезбедиме, туку врз основа на прописите што се на сила треба да го спроведе Извршниот совет.

Со тоа ги завршивме трите точки.

Предлагам моментално сега да прекинеме со работата на седницата за да се утврди еден текст, резиме кое би требало да се подели на делегатите, а потоа да преминеме на расправа по четвртата точка.

Ќе продолжиме со работа во 19,15 часот.

сл

СТОЈАН АНДОВ: Ги молам пратениците да си ги заземат своите места и да продолжиме со работа.

Пред да преминеме на четвртата точка од дневниот ред сакам да ве информирам дека во текот на седницата добивме известување од претседателот на Собранието на општина Валандово.

Кратката содржина на известувањето е дека тие бараат ист третман во заклучокот кој се однесува на општина Гевгелија, да се однесува и на општина Валандово.

За да не го повторуваме претресот, предлагам со нашиот заклучок да се опфати и ова барање и да се достави до Извршниот совет на Собранието на СРМ.

Кој е за предлогот што го дадов, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против?(Нема).

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој).

Констатирам дека присутните пратеници го прифатија предлогот што беше изнесе и дека ова барање на општината Валандово е усвоено.

Исто така, тоа да се достави до Извршниот совет на Собранието на СРМ.

Преминуваме на четвртата точка - Во врска со претстојните разговори во Претседателството на СФР Југославија на 10 јануари 1991 година.

Пред седницата ви е поделен материјал или сега ќе се подели, под наслов Резиме со ставовите на Собранието на СРМ за прашањата на идното уредување на Југославија.

Ве известувам дека во фуникција на подготовката за овие разговори во Белград се одржа состанок во Претседателството на СРМ по иницијатива на претседателот на Претседателството. Во тој разговор, покрај претседателот на Претседателството на СРМ учествуваа и членот на Претседателството на СФРЈ од СР Македонија, Васил Тупурковски, претседателот на Собранието на СРМ, Стојан Андов и раководителите на сите партии кои имаат пратенички места во Собранието на СРМ и претседателот на Извршниот совет на Собранието на СРМ.

Предлагам да му дадеме збор на д-р Владимир Митков претседател на Претседателството на СРМ да го извести Собранието за содржината за основните ставови кои денес беа договарани.

Има збор Владимир Митков претседател на Претседателството на СР Македонија.

д-р ВЛАДИМИР МИТКОВ: Другар претседател, другарки и другари, дами и господа пратеници, дозволете ми прво да ви го честитам изборот за пратеници во Собранието на СРМ на првите повеќепартиски демократски избори во Републиката и да ви посакам успешна работа.

сл

Почитувани пратеници,

За утре, 10 јануари 1991 година, Претседателството на СФРЈ свика седница со учество на претседателите на републиките, односно претседателите на претседателствата на републиките и автономните покраини со единствена точка на дневен ред која е формулирана на следниов начин "Разгледување на политичката индинина на земјата".

Покрај поканата да се учествува на оваа седница, известени сме дека за седницата нема да биде подготвен посебен пишан материјал. Претпоставувам дека намерата е, со оглед на тоа дека се работи за позната тема, познато прашање, за кое подолго време веќе се расправа во земјата и во Републиката, на оваа седница сестрано да се изложат, без однапред утврдување на било какви рамки на погледите на републиките за иднината на земјата, за идното уредување на земјата.

Во функција на подготовката за утрешната проширена седница на Претседателството на СФРЈ, како што пред малку ве извести, претседателот на Собранието денес претпладне беше одржана консултативна средба, односно консултативен работен состанок во Претседателството на СРМ со веќе соопштените учесници на која се расправаше за ова мошне важно и актуелно прашање за иднината на земјата, а со тоа и на Републиката.

Утрешната расправа за ова прашање, меѓутоа, не е ни прва расправа на оваа тема. Вие сите знаете, јас би сакал сосема накусо да потсетам за да добиете една целосна слика дека разговорите за односите и уредувањето во Југославија се водат, особено од средината на минатата година, мошне интензивно и во Претседателството на СФРЈ, а потоа и во Собранието на СФРЈ и во сите републики, Во таа смисла, на иницијатива на Претседателството на СФРЈ бе одржани политички разговори со претседателствата на сите социјалистички републики.

Некако истовремено Претседателството на СРМ даде иницијатива да се расправа за овие прашања и во разговори со претседателствата на другите републики во Југославија, што беше прифатено и тие разговори, исто така, во овој временски период беа извршени.

Како резултат на сите овие активности во овој временски период, особено во есента 1990 година беа изработени и неколку материјали што се однесуваат на прашањата сврзани со идното уредување на Југославија. Јас би сакал да ве запознам, а претседателот на Собранието соопшти дека тие материјали ќе бидат ставени на располагање заради користење, дека во Претседателството на СФРЈ беше изработен концепт за уставното уредување на Југославија врз Федеративни основи, а од Претседателството на Република Хрватска и Претседателството на Република Словенија, од нивна заедничка стручна служба беше изработен модел на конфедерација во Југославија, за нешто потоа Претседателството на Република Хрватска да изработи и Нацрт на договор за југословенската конфедерација, Сојуз на југословенските републики.

Освен тоа, во нашата Република, во која мошне интензивно се следеше целата оваа проблематика и активно учествувавме

сл

во сите расправи, Извршниот совет на Собранието на СРМ понуди до Собранието текст на материјалот под наслов "Појдовни основи на уредувањето и државно-правниот статус на Југославија", а потоа Претседателството на СРМ расправајќи за сите овие материјали, усвои оцени и ставови за актуелните прашања на надминувањето на уставната криза во земјата и за идното уставно уредување во земјата и на државно-правниот статус на Македонија.

Собранието на СРМ во претходниот состав, на седниците од 8 ноември минатата година, разгледувајќи ги сите овие и некои други материјали, усвои свои ставови и конечно во Собранието на СФРЈ сосема на крајот на минатата година е изработен еден Нацрт на декларација за надминувањето на оваа позната состојба, која е се уште во фаза на работа, а Сојузниот извршен совет исто така се појави пред Собранието на СФРЈ со материјал кој носи наслов "Оцени и ставови на Сојузниот извршен совет за состојбата во земјата и мерките за нејзино надминување".

Сите овие материјали, всушност, се израз на определени погледи, односно видувања на идното уредување на Југославија и, се разбира, во таа смисла го носат и печатот на оние основни определби од кои се поаѓа во нивното конципирање, а потоа и изработка.

Мислам дека кога расправаме за овој проблем мошне е значајно да се потсетиме на општествено-економските и политичките состојби во кои се водени овие разговори и особено во кои продолжуваат со утрешната седница разговорите за иднината на земјата. Всушност, економската и општествената криза, која речиси една деценија ја чувствуваме во земјата и во Републиката, во последните месеци од минатата година кулминираше во една отворена уставна криза, што доведе до состојби во земјата да не функционира не само уставниот и правниот систем, туку и посебно финансискиот систем.

Овие состојби посебно негативно се одразија, особено материјалната и финансиската состојба на нашата Република, бидејќи со блокирањето на финансискиот систем во земјата всушност како резултат на неизвршување на обврските спрема сојузниот буџет и посебно спрема Фондот за побрзиот развој на недоволно развиени СР и САП, всушност нашата Република ја доведе во една крајно тешка економско-финансиска состојба, за да имаме со крајот на годината побарување од Федерацијата околу 3,5 милијарди динари, за кое веројатно поконкретно ќе зборува и Глигорие Гоговски, претседател на Извршниот совет на Собранието на СРМ. Тоа е едната страна на состојбите во кои се вршени овие разговори и кои продолжуваат.

Другата страна се огледа во тоа од кои појдовни позиции републиките стартуваат во новиот циклус на разговорите за иднината на земјата. Во овој временски период, што пред малку го спомнав, некои од републиките донесоа свои устави за републиката како самостојна држава, како што е случајот со Република Србија, потоа со новиот устав на Република Хрватска, а во Република Словенија, како што е познато е спроведен плебисцит за самостојна и независна Република како држава.

Во нашата Република, исто така, се извршени определени уставни измени и тоа во минатата година. Неспорно е дека со овие измени се утврдени битно нови односи и во општествено-економс-

сл

ката сфера и во политичкиот систем, особено со прогласувањето на плурализмот на сопственоста, со политичкиот плурализам и со утврдувањето на граѓанинот како основен политички субјект во политичкиот систем.

Меѓутоа, сепак и покрај тоа што овие измени во нашата Република значат еден значаен чекор напред кон утврдувањето на уставно-правната положба на СР Македонија како суверена држава, сепак, останува задачата за новото Собрание да се усвои и нов устав на СР Македонија со кој всушност ќе се заокружи овој процес на конституирање на Републиката и во таа смисла ќе се создадат тие неопходни претпоставки за вклучувањето на овие разговори.

Меѓутоа, би сакал да истакнам и да ве уверам дека во сите разговори што досега се водени по овие прашања сме застапувале за основната положба и услога на Републиката како суверена демократска држава за целосна рамноправност на републиките, против било каква мајоризација и било каков друг облик на внесување нерамноправност во односите меѓу републиките. Тие ставови што сме ги истакнувале, кои често биле критички врз понудените концепти, биле со внимание и со респект прифаќани и во таа смисла се вршени значани позитивни влијанија во концепирањето и доразработката на овие документи.

Познато е дека за идното уредување на земјата во Југославија, во другите републики и во нашата Република се присутни повеќе концепции, повеќе опции. Од прегледот на материјалите што пред малку го соопштив веќе може да се види едно богатство на облици за идното уредување на земјата што се нудат, почнувајќи од федеративниот концепт, преку така наречената асиметрична федерација, во која дел од републиките би имале федерален, а дел конфедерален статус, преку редуцирана конфедерација само за дел од републиките, па се до моделот на конфедерација.

Меѓутоа, присутни се и сфаќања за република, а такви сфаќања се присутни и во нашата Република и за Републиката како самостојна држава.

Според тоа, се поставува прашањето на изградувањето, сега, на определени ставови, појдовни основи или принципи врз чија основа ќе се вклучиме во претстојните разговори за иднината на земјата, а кои се разбира се само почеток и ќе се одвиваат најверојатно во текот на целата оваа година. Тука станува збор за еден така наречен преоден период кој некои републики, на пример, Република Словенија предлага тој преоден период да изнесува шест месеци, меѓутоа, другите републики, а и ние се заложивме, со оглед на мошне сложените проблеми што треба да се совладаат, тој преоден период да биде во текот на целата 1991 година, за да се создаде, ако може така да речам, и временски услов и временски претпоставки, да се совладаат сите овие тешкотии и проблеми на кои се наидува и да се дојде до тој така наречен нов историски договор на републиките за иднината на Југославија.

На денешнава консултативна средба, односно консултативен работен состанок во Претседателството на Собранието на Република Македонија, тргнувајќи од сите досегашни расправи на оваа тема, а исто така, се разбира,

гл

и од становиштата што веќе се присутни и во програмите на одделни политички партии, изготвено е едно резиме во кое се содржани, како што ги нарековме, основните принципи под кои би требало да се раководат нашите претставници во преговорите, односно договорите што утре почнуваат во Претседателството на Југославија.

Во таа смисла, после, морам да ве уверам, мошне содржајна сестрана расправа, расправа во која доминираше свеста за одговорноста на задачата пред која стоиме, изградени се определени становишта чија основна карактеристика, ако можам тоа така сублимирано да го изразам, се состои во тоа што во овој момент кога одиме на првиот состанок, на разговорите кои се замислени како разговор на кој би требало, меѓу другото, и да се договориме како понатаму да се водат тие разговори и да се дојде до договор, да утврдиме само основни определби, без начелни, без да се впуштаме поконкретно во низата прашања што се однесуваат за конкретните облици на идното уредување на земјата. Со уверување сме дека сепак за да се утврди една поцелосна програма, платформа за овие прашања, ќе треба низ една парламентарна расправа во Собранието да се дојде до тој документ и тоа ќе биде задача на ова Собрание во идните денови.

Во таа смисла, во овој момент ги добивате тие материјали, Резимето, би сакал да подлвечам некои од појдовните принципи, односно становишта од кои се предлага да се тргне во утрешните разговори.

Првиот и основен принцип во таа смисла би бил дека Социјалистичка Република Македонија се залага за зачувување на Југославија за чие уредување ќе биде постигнат договор на суверените републики.

Понатаму, во тој контекст Социјацистичка Република Македонија, во актуелниот момент се спротивставува на сите облици на подривање и рушење на Југославија, какви што се рушењето и блокирањето на кредитно-монетарниот и целиот финансиски систем на земјата, со еднострани и противзаконски мерки на одделни републики.

Овој став е особено значаен од гледна точка на сите овие негативни последици што ги трпи лашата Република со блокадата на финансискиот систем за кое пред малку говорев, а се надевам дека и претседателот на Извршниот совет подетално за тоа ќе ве извести.

Согласно на овие два појдовни принципи понатаму истакнуваме дека до постигнување на новиот договор Социјалистичка Република Македонија се залага за доследно и целосно функционирање и почитување на правниот и економскиот систем на земјата и за доследно и итно, особено ова го подвлекувам итно извршување на утврдените обврски меѓу Федерацијата и Републиката, односно на обврските на Федерацијата спрема Социјалистичка Република Македонија. Се мисли на итно извршување на сите овие долгови што ги има Федерација спрема Социјалистичка Република Македонија.

Мошне значаен и начелен е принципот според кој Социјалистичка Република Македонија како суверена демократска држава инсистира на целосна рамноправност меѓу републиките во процесот на договарањето и во таа смисла се спротивставува на сите настојувања

сл

за сублимација и мајоритет во националните односи и во таа смисла не може да прифати било какви облици на унитаризам, хегемонизам и централизам, односно евентуални форми на редуцирана или асиметрична федерација.

Неприфатливо е во тој контекст и секакво уредување на меѓусебните односи со кои ќе се доведе во прашање државноста и суверенитетот на републиките и внатрешните граници во земјата. На тој начин всушност даваме јасен, недвосмислен и категоричен одговор на сите оние заговарања дека ако дојде до вакви или онакви процеси во Југославија се поставува прашањето на внатрешните граници што може да има далекусежни последици по мирот и безбедноста во земјата.

За утврдувањето на идното уредување на Југославија, неопходно е да се тргне од интересите на републиките како суверени држави и од трајното право на народите на самоопределување, вклучувајќи го и правото на отцепување. Според тоа, децидно се изјаснувам дека правото на самоопределување, вклучувајќи го и правото на отцепување е трајно право на народите, а непотрошено право, конзумирано право како што се залагаат некои во земјата.

Понатаму, истакнати се и бројни прашања што се сврзани со остварувањето на функциите на Републиката како суверена Република, се разбира имајќи го предвид тука и нејзиното рамноправно учество во остварувањето и на оние интереси што со другите републики ќе ги договори како заеднички интереси.

И конечно, за она суштинското и основно прашање што се однесува за обликот на идното уредување на земјата, јас веќе спомнав, впрочем тоа не се непознати работи за вас, дека се понудени повеќе модели за уредување: федерација/ конфедерација, асиметрична федерација/ редуцирана федерација и слично на тоа.

За овие прашања денеска мошне одговорно и содржински се расправаше на консултативниот работен состанок. И претставниците на одделни политички партии застапени со пратеници во Собранието ги соопштуваа и своите определби по ова основно прашање за обликот на државното уредување. Меѓутоа, со оглед на сите овие објаснувања што се обидов да ги дадам, а од друга страна дека се наоѓаме на самиот почеток на новиот циклус на разговори за иднината на земјата, ставот е дека во однос на одделни понудени модели за обликот на идното уредување на Југославија, токму во ова Собрание низ парламентарна расправа да се изградат ставови и да се усвои соодветен документ кој би служел како платформа за натамошно учество на Социјалистичка Република Македонија во договарањето за политичката иднина на земјата.

И конечно, со оглед на крајно актуелната состојба која произлегува од нефункционирањето на системот и постојаното преземање на еднострани акти од одделни републики кои значат блокирање на системот во земјата, вклучувајќи ги најновите појави во овој поглед, како што е незаконитата емисија на пари на Народната банка на Србија што претставува удар врз монетарниот систем и ја доведе во прашање и монетарната политика во земјата, во Резимето на ставовите е соопштено дека на состанокот е сугерирано Извршнот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија да подготви програма

сл

на мерки и активности со кои ќе се ублажат негативните последици и заштитат интересите на Републиката од едностраните противуставни и противзаконски мерки со кои се нанесува штета на стопанските и особено на финансиските текови во Републиката и земјата во целина.

Завршувајќи го ова излагање, сакам уште една да спомнам дека ова резиме што сега се обидов да го соопштам и накусо да го коментирам беше радиктирано заеднички со сите учесници на денешниот консултативен работен состанок и излегуваме пред вас со нашето уверување дека успеавме, тоа вечерва вие ќе го оцените дали навистина е така да ги утврдиме овие основни појдовни принципи со кои можеме рамноправно да учествуваме на утрешната седница на Претседателството на СФРЈ и автентично да ги застапуваме интересите на Социјалистичка Република Македонија како суверена демократска држава.

сл

држави за рамноправно и заемно почитување и респректирање на туѓите интереси, нема демократска заедница и нема стабилност на таа заедница. Значи, не може да се спаси југословенската заедница, освен како демократска, чиј основен постулат и принцип е строгото почитување на виталните интереси на републиките, а во овој домен спаѓа и правото на самоуправување до отцепување, со конкретна историска содржина, како гаранција на рамноправноста и слободата.

Го почитуваме правото на секој народ да се самоопредели, суверено да одлучува за својата судбина и отфрламе било каква интерпретација на ова право што нуди лимити за неговото остварување.

Македонскиот народ во континуитет располага со ова природно суверено право и ќе го користи во согласност со историските и националните интереси. Еден значаен вид на оваа самоопределба се преговорите за иднината на Југославија. Им приоѓаме одговорно и во највисоката институција на демократски конституираната власт, Парламентот на Македонија. Нашата позиција ќе ја изгради токму овој Парламент, изнајдувајќи соодветни демокртски форми за проверка на ставовите мегу граѓанките и граѓаните на Македонија. Во преговорите стартуваме од нашата изворна позиција дека Макдонија разговара со другите како национална држава на македонскиот народ и на сите свои граѓани, дека таа држава во преговорите ќе ги брани виталните национални и државни интереси и тоа право го смета за сопствено и неприкосновено. Таа држава за своите позиции одлучува самостојно и суверено, а до сосптвените позиции ќе доаѓа демократски, бидејќи како државна заедница почива на демократски стандарди. И тие демократски стандарди се гаранција за правата на сите граѓани на Македонија во човечка и во национална смисла. Во преговорите поаѓаме од неприкосновеноста и неповредливоста на политичкиот и националниот субјективитет и територијалниот, односно вкупниот интегритет на Македонија. Немаме право да разговараме за овие категории со никого. Ќе отфрлиме априори, било какви, било чии притисоци и узурпации на интегритетот на Македонија.

Стартуваме од позиции на меѓународен правен политички, културен и национален субјективитет. Без компрописи ќе ја следиме линијата на објективни категории од овој тип како фактички остварени вредности, сеедно дали тоа некој го негира или на некој не му се допаѓа. Субјективитетот на една држава и неговиот карактер не зависат од ничија волја, лоша или добра, туку од вактичките атрибути и Македонија го поседува тие фактички атрибути.

Треба да преговараме конструктивно и со добра намера, почитувајќи ги партнерите и нивните интереси, но пред се, почитувајќи се себеси. Во оваа смисла ги почитуваме реалностите и нè води политички реализам. Не сакаме по пат на политички екстремизам или по било каков вид на исклучително да го загрозиме сопствениот народ, но нема да им се дозволи на протагонистите на таква политиак да нè загрозат на било каков начин, посегајќи по Македонија од некои свои агли. Ги почитуваме фактичките состојби и констелации во земјата. И легитимноста ан власта им ја признаваме на учесниците во овие преговори. Тргнувајќи од испреплетеноста на интересите како една објективна категорија. Сакаме да бидеме конвергентни во нашиот политички и општествен процес со светско историските тенденции. Знаеме што е културен натпревар и интегративен процес, што се цивилизациски постигања, кон нив тежнееме и овие преговори мораат да нè водат во тој правец, инаку не се потребни.

СТОЈАН АНДОВ: Му давам збор на Васил Тупурковски, член на Претседателството на Југославија од Македонија.

ВАСИЛ ТУПУРКОВСКИ: Почитуван претседателе, почитувани пратеници, ве поздравувам, ви го честитам изборот и ви пожелувам успешно да работите за доброто на наша Македонија, ви го изразувам на сите вас високото почитување како претставници, избрани од народот, во Парламентот на Македонија лигитимна и демократски конституирана највисока инстанца на власт, израз на волјата на граѓанките и граганите и репрезент на нивните интереси и определби.

Уште денешнава расправа, иако практично прва елаборација во Парламентот, покрена и сите заедно сме сложи дека мораме да покренеме извонредно значајни прашања. Историско е времето, историски се одговорностите, судбински се одлуките, а локацијата е вистински демоктарски и повеќепартиски Парламент на македонската држава.

Ние сме во плуралистички околости и го браниме правото на различност и индивидуалност. Плурализмот е демократски процес и со неговата методологија на аргументирана постапка, убеден сум, мораме да изградиме консензус по стратешките, националните и државните интереси. Лично ќе се борам за правото на различност секогаш, но исто толку упорно и за национално единство, односно широк договор за виталните односи на македонскиот народ, на неговата национална држава и сите нејзини граѓанки и граѓани, без оглед што се по националност, по вера или по пол.

Ова е неопходно затоа што дефинитивно е дојдено времето на разврска на југословенската криза. Агонијата на југословенската федерација е интензивна и ја суспендира нејзината реалност како модел за разрешување на општествените противречности и општествените конфликти. Таа генерира денеска со висок степен на конфронтираност меѓу републиките, низок квалитет на меѓунационалните односи и општа загрозеност, при што квалитетот на живеење не може повеќе да се унапредува.

Неопходна е радикална трансформација. ние немаме право да штитиме систем на односи што ги антагонизира народите и луѓето бидејќи тоа е антицивилизациски. Мораме да создадеме модел што ќе ги хармонизира нашите односи и што ќе ги култивира во општествена, социјална и човечка смисла.

Системот што еродира и што е во дезинтеграција не може да го спасува Македонија. Ние не сме против Југославија, но, не можеме да ја спасуваме од деструкцијата што други ја наменуваат како судбина. Треба, меѓутоа, да понудиме наша стратегија, тргнувајќи од сопствените интереси, ненаметнувајќи ништо никому и категорично одбивајќи да ни се наметне било што. Југославија мора да се претвори во заедница на конкретни интереси, без мистификација околу апстрактните, вештачките и наднационалните интереси. Без реални интереси што можат да се остваруваат во договорен тип на југословенска заедница, невозможен ќе биде и нејзиниот опстанок.

Тој тип на заеднички живот мора да поаѓа од перфектно воспоставените демократски и рамноправни односи. Може народите и нивните држави да се разликуваат по бројност, по развиеност, по потенцијал, но без изграден менталитет кај нив и кај нивните

нд

На односите на економската сфера гледаме во контекстот на глобалните и на европските интегративни процеси. За оваа фаза, меѓутоа, значајни се и следните актуелни прашања. Нив ги спомна претседателот на Претседателството на СРМ, во вид на обврските на релација Федерација-републики и обратно, посебно на обврските на Федерацијата спрема Социјалистичка Република Македонија при што мора да се почитува договорот, сите да си ги регулираат финансиските и материјалнитед односи. Ако некој мисли дека може да зема од заедничката каса, мора да биде свесен дека нарушува основни права и итереси и дека со ниедна аргументација не може да правда преземање на права што не му припаѓаат. Со таков вид на узурпации на интересите на другите во земјата.

Посебно сакам да ја апострофирам нашата одговорност за начинот на третирањето на националното прашање, на интегралното македонско национално прашање. Мислам дек е тоа составен дел на било кој разговор, не да преговараме со некого за тоа како ние ќе го оствaруваме виталниот национален интерес, туку затоа што мора да биде составен дел било кое идно уредување на односите во Југославија, како примарен интерес и на таа заедница, доколку ја оформиме со заеднички договор.

Неспорно е дека национален идеал на секој поделен народ е реунификацијата на народот. И затоа национален идеал на македонскиот народ е неговото обединување. Реунификацијата е актуелен европски феномен, само да го спомeнеме обединувањето на германскиот народ, па уште повеќе затоа што е глобализиран феноменот на човечките национални права и тие стануваат предуслов на демократскиот и општиот развој на светот и на земјите и на народите посебно. Во услови на глобализацијата значи дека македонското прашање како национално, цивилизациско и чин на културна егзистенција на еден народ, во овој контекст е интернационално, односно дури и универзално прашање.

Југословенската заедница од било каков тип, мора да смета на неодменливото значење на феноментот на човечките и на националните права, а во таа смисла и на македонското национално прашање, ако се смета на било каков дговоро за еден заеднички живот.

Без јасни определби на сите фактори околу преговорите околу значењето на ова прашање, нема да може да се смета на партиципација на Македонија во тој процес. Настапот на Македонија во овие преговори е всушност теза - достигнатото демократско ниво во Македонија. Тоа ниво сите ние мора да го негуваме и да го унапредуваме.

Во оваа смисла значајна би била ориентацијата кон множење на непосредните облици на демократија и опнепосредни форми на верификација пред граѓаните на сето она што ќе претендира да биде политика или стратешка определба на Македонија. Комуникацијата и на овој Парламент, со јавноста, нејзината целосна и прецизна информираност ќе ги јакнат демократските процеси во Републиката.

Ова се мои гледања на можната платформа за настап на Македонија во преговорите во идните односи во земјата во оваа фаза, оние кои ќе ги верификува Парламентот, меѓутоа ставовите што се видливи се обврзувачки за сите нас и само тие ставови.

нд

Со денешнава палраментарна расправа ние само го отворивме процесот на формулирање на платформата за настап на Македонија во претстојните преговори. Тој процес не може никој да го условува временски или на друг начин, а нашите цели ќе ги дефинираме на начин и времднски така како што ќе кореспондира со нашите витални интереси и како што на крајот од краиштата, ќе ги процени Парламентот на нашава Република.

Ви благодарам за вниманието.

СТОЈАН АНДОВ: За збор се јави Глигорие Гоговски, претседател на Извршниот совет на Собранието на СРМ.

ГЛИГОРИЕ ГОГОВСКИ: Почитуван господин претседателе, почитувани господа пратеници, почитувани другарки и другари,

Ја користам оваа прва прилика од оваа говорница на сите вас да ви го честитам изборот и да ви посакам успешна работа во новото повеќепартиско Собрание на СР Македонија.

Денеска како продолжение на вечрашната седница, ние всушност вие отворивте расправа по едно исклучително значајно прашање за судбината на Македонија, па и за судбината на Југославија.

Јас имајќи го сето ова што беше искажано на Претседаателството на СРМ од Митков и од членот на Претседателството на СФРЈ од СР Македонија, другарот Тупурковски, настојувајќи да не повторувам определени работи, само накусо ќе се осврнам на делот на активностите што ги направи Извшрниот совет во овој изминат период, посебно од онаа прва средба од 2 јули со Претседателството на СФРЈ и сите други средби со другите републики во земјата, расправајќи токму околу разрешувањето на уставната криза и договарајќи се за основните принципи за идното уредување на Југославија.

Притоа, посебно јас сакам да нагласам дека Извршниот совет следејќи ги сите овие состојби и активно учествувајќи во нив, Собранието на СРМ му понуди појдовни основи, врз основа на кои требаше во Собранието на СРМ да се изгради платформа за идното уредување на Југославија, платофрма која ќе биде верифицирана п-касно од овој Парламент на Социјалистичка Република Македонија. Притоа предложивме да се оформи и еден т. н. општонароден форум во кој ќе бидат учесници сите претседатели на политичките партии во Македонија во кој ќе бидат присутни и ќе земат учество научни, јавни и културни работници од Македонија, државните органи, за да се согледа прашањето пошироко и да се подготви тој концепт кој вие ќе можете да го верифицирате. Меѓутоа, Собранието заклучи така како што заклучи а вие денеска го имате тој документ - појдовните основи за идното уредување на Југославија, што го достави Извршнито совет до Собранието на СРМ и вие да можете да го користите како една појдовна основа.

Посебно во оваа прилика сакам да се задржам на овие прашања што денеска беа акцентирани и мислам дека со право беше отворено прашањето на рушењето на монетарниот систем од страна на Република Србија. Меѓутоа, навраќајќи се на ова прашање, јас ќе се навратам малку наназад имајќи предвид дека сте вие информирани за сите наши активности. Меѓутоа, мислам дека тоа е нужно во кратки црти да го направам во оваа прилика.

Ова многу значајно прашање на односите со Федерацијата на ненамирувањето на финансиските обврски на Федерацијата спрема СР Македонија, е прашање со кое сме опседнати и ресорно и надлежно, ресорните органи и Извршниот совет во текот на целата оваа година. Почнувајќи со едностраните акти на Република Словенија, потоа актите на Република Хрватска, па акт на Република Србија, па непочитување на сојузни и законски прописи за намирување на Буџетот на Федерацијата, исто така, од трите републики, почнувајќи од јули, дојдовме до една ваква ситуација во која всушност се наоѓаме.

Сакам да ве информирам, дека и немавме прави информации од Сојузниот извршен совет за една ваква состојба, за неуплата на обврските на републиките во однос на обврските во Буџетот на Федерацијата. Тоа го добивме сега на последната седница на координацијата во Белград преку Службата на општественото книговодство на Југославија и видовме дека тоа не е случај од септемеври-октомври, туку дека е тоа случај од јуни-јули о.г. Дури има некои републики и со помали закинувања да имаат таков однос и пред тоа.

Едноставно овие три републики Совенија, Хрватска и Србија како републики нивните раководства, носителите на рушење денеска, зборуваме за економскиот и финансискиот систем во земјата. Меѓутоа, морам и пред вас овде тоа да го искажам, го искажав на една од минатите седници на Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ, го искажав и на седницата на 28 декември 1990 година и сега сакам да го повторам тоа дека наша оцена во Извршниот совет е дека голема кривица или основна кривица сносат за сето ова Сојузниот извршен совет и Претседателството на СФРЈ, Народната банка на Југославија и Службата на општественото книговодство на Југославија. Тие придонесоа да имаме покрај трите репбулики, како надлежни органи, да не доведат до една ваква ситуација да се поткопа економскиот систем и финансискиот систем во земјата и всушност сега на таков начин да се руши и да се распаѓа Југославија. Се распаѓа на штета на некого. Се приграбува на штета на него.

Според тоа, се создава една позиција, ако сакате и од економски аспект, опзиција која треба да биде појдовна за кога ќе се седне на утрешниот состанок,кој е договорен, за договор за идното уредување на Југославија, меѓутоа веднаш потоа, ќе се организира состанок и ќе се разговара за една состојба на односи во односите со федерацијата, во однос на буџетот и во однос на Фондот на Федерацијата, такви какви што сега сме ги добиле. Имаме денеска, веќе беше кажан податокот, некаде околу 3,5 милијарди динари побарувања од Федерацијата. Тоа Социјалистркчка Република Македонија не може да го издржи.

Состојбата каква што ни е денеска во Републиката, е заради тоа. Три, пет милијарди динари тоа е по оној стар курс на валута ако беше претходно наплатено, е некаде околу 500 милиони марки. Можете да претпоставите што значи тоа ако се најдеа тие средства во банките и во стопанството на Републиката и што тоа значи за развојот на Републиката ако тие средства се најдеа таму каде што требаше да се најдат согласно со сојузните законски прописи.

На 28, односно на 27 декември 1990 година беше седницата на Претседателството на СФРЈ. Претседателот Митков не информира дека имаше договор ако сите ги намируваат обврските, односно ако

ги намируваат, ќе ги намируваат обврските од Федерацијата спрема републиките. После тоа, односно истиот ден во Собранието на Република Србија е донесен закон за затворена седница, со кој се врши нивa емисија од 18 милијарди динари.

Слушајте, ова го споменувам повторно и го акцентирам повторно за да се приклучам кон оној пратеник кој овде го постави прашањето - ние како Република одиме на разговорите во Претседателството на СФРЈ, се договараме за рамките на нашите претставници за тие разговори кои ќе ги верифицира или не овој Парламент. Меѓутоа, јас се прашувам како течат работите и искажувајќи го сето ова како однос на Сојузната влада и на Претседателството на СФРЈ.

Инаку сакам да ве информирам дека овој меѓупериод 19 декември и 8 јануари по основ на Законот се задржани средства во Републиката, по основ на данокот на промет во износ од 229 милиони динари и по основ на царини околу 20 милиони динари. Тие се распределуваат на механизмите на сојузниот буџет.

Во однос на овие мерки што ги презеде Република Србија, Извршниот совет денеска го заклучи следното уште еднаш се обратив со СИС со барање:

Прво, Сојузната влада да донесе итни мерки за заштита на југословенското стопанство, а со тоа и на македонското, да ги употреби сите мерки што стојат на располагање согласно со уставот и законите, со укажување на одговорноста на СИС, Народната банка на Југославија и другите сојузни органи.

Второ, ги задолжи надлежните републички органи и Народната банка на Македонија да подготват комплексна програма на мерки и активности за заштита на интересите на СРМ до утре со динамика и на преземање автономни решенија за функционирање на општествената репродукција, а во тие рамки и за автономен монетарен систем.

Трето, надлежните републички органи да подготват законски проект за регулирање на обемот на паричната маса во Републиката со соодветни овластувања на Народна банка на Македонија и по итна постапка да се достави до ова Собрание, доколку во меѓувреме состојбите не се изменат, а особено после оваа седница на Претседателството на СФРЈ закажана за утре.

Четврто, предлагаме на Извршниот одбор на Стопанската комора на Македонија да одржи состанок со претпријатијата и да направи договор за преземање мерки со повеќе модалитети за заштита од очекуваниот инфлаторен бран, поради разорното дејство на мерките на Србија.

Петто, Извршниот совет зазеде став предложените измени на Законот за Народната банка на Југославија, што Извршниот совет ги достави до Собранието на СФРЈ да не се прифатат, за тоа да се известат нашите делегати во Сојузното собрание. Оценивме дека за тоа прашање треба да се разговара по преземањето на мерки од страна на Сојузниот извршен совет за спречување на штетите, односно по постигнување на договор во земјата.

Ова се заклучоците на Извршниот совет и сакам, и во оваа прилика, да ве информирам за нашата одлука, а таа ќе биде по утрешната седница донесена после информациите добиени од седницата на Претседателството на СФРЈ, задутре повторно да побараме свикување на Собранието на СРМ, заради разрешување на овие прашања и донесување на конкретни мерки за заштита на интересите на Републиката.

ТОДОР ПЕТРОВ: (Независен пратеник) Чуствувам потреба веднаш да го поставам на дневен ред тоа прашање и чуствувам обврска да се јавам како учесник во расправата по ова многу важно прашање.

Прво вложувам најостар протест и против преседателот на Собранието и против претсдателот на Претседателството што во сите договарања и консулт ации, независните кандидати воопшто не се повикани. Зад нас не стои политичка партија, меѓутоа, стои народ и граѓани кои не гласале. Затоа во некои претходни договори и консултации никој нема право независните кандидати кои се тројца овде да ги исклучува и става на страна. Затоа за мене лично се најмеродавни одлуките коишто ќе ги донесе ова Собрание самостојно како највисок орган на власта во Републиката.

Друго, сметам дека во однос на ова прашање кое се покрена сметам дека ова е предавство на Македонија и македонскиот народ и континуитет во една политика која се спроведува против нашата Република уште од 1943 година со конституирањето на Југославија. Зошто? Заради тоа што во постојните преговори сите од она што постоеше во Југославија си го грабнаа во најголемиот дел од нас во Македонија ни остана само прстот во уста, со ништо да не отидеме на овие договори за уредувањето на идните односи во Југославија. Токму заради тоа сметам дека во оваа предавничка политика која се води против Македонија и македонскиот народ треба да ставиме крај, а дел од таа предаваничка политика која се води, нека ми извинат сегашните нелагитимни раководства кои треба да ги смениме со нови и легитимни, заради тоа што без преседан за државничките односи Парламент сам да си го продолжува мандатот и да донесува во името на народот нешто што тој народ не му доверил мандат за да истапува и зборува во негово име. На Првото заседание на АВНОЈ, Македонија не е поканета. На Второто заседание на АВНОЈ кога повторно се расправаше за уредувањето на внатрешните односи на Југославија врнеше снег. Сега ни се наметна една таква политика на свршен чин што Македонија месец ипол го замара народот и граѓаните во Македонија да не знае што ќе избере. Како да не избираме претседател на Република, туку да избираме мачка во вреќа. Ќе дојде дедо мраз ќе ни го отвори пакетчето и ќе ни го даде претседателот на Републиката од кој зависи дали ќе имаме Влада и ќе функционира стопанскиот и целиот политички живот на оваа Република.

Токму заради тоа сметам дека ова сценарио е подготвувано од центри од надвор, меѓутоа и од внатре од наши домашни предавници, (аплауз) кои едноставно сакаат да ѝ наметнат на Македонија таква една политика за да југословенската и меѓународната јавност сфати дека Македонија и македонскиот народ нема што да бараат своја самостојност и независност. Тие не се способни и треба да бидат нечии протекторат, а коге некој вели од север дека прашањето на границите е отворено политичко прашање ако Југославија го промени федеративното уредување, тогаш се знае чиј протекторат македонскиот народ и заморче ќе биде. Токму заради тоа сметам дека никој нема право и мандат да си игра со судбината на Македонија, а во договорањето коешто се врши, вонпарламентарното, меѓу партиите да си биде нивна внатрешна партиска работа. Крупните прашања и суштински за иднината на Македонија и на овој народ и

нд

на граѓаните на Македонија се решава во овој Парламент како највисок орган на власта. Токму заради тоа сметам дека за да се надмине ваквата хаотична состојба која денеска владее во Југославија, едноставно да дојдеме до некакви заеднички решенија, ако е можно да дојдеме, прво за мене е излез од сегашната состојба мора да се побара преку донесување на една посебна декларација за националното прашање и меѓунационалните односи во Југославија. Сè додека националното прашање кога 1945 година за мене во Југославија не е решено, а е извор на такви идеи на национализмот и шовинизмот е токму Уставот што денеска е во важност, јас мислам дека Југославија не може да ги разреши своите внатершни проблеми и на политички и на економски план. Токму заради тоа сметам дека потребно е да се донесе една таква декларација за националното прашање и меѓунационалните односи, прво како основна платформа за идни разговори за идното уредување, за внатрешното уредување на Југославија. Имам подготвено еден текст. Можеби моето неискуство како пратеник да го поделам текстот, меѓутоа, затоа баравме да се поведе расправа, а после видувањето и различните опции на секој пратеник кој е овде присутен да се формира едно работно тело кое ќе подготви еден текст којшто ќе го понуди на расправа и во вид на амандмани ќе го утврдиме во конечна верзија. За мене лично би прочитал неколку основни принципи за националното прашање и меѓунационалните односи во кои едноставно би тргнале за да дојдеме до некое решение во Југославија.

Прво, сметам дека секој народ тргнувајќи од правото на самоопределување до отцепување и здружување со други народи и држави има природно и историско право на сопствена слободна, самостојна, суверена, обединета и независна национална држава на националната територија населена со неговите припадници. Припадниците на народот во националната држава која што веќе е здружена во одделна форма на здружување или заедница со друг народ и држава или повеќе народи и држави, имаат неприкосновено и неотуѓиво право на одлучување преку своите преставници во органот на власта посредно или непосредно за отцепување од постојната заедница на здружување, за самостојност и независност и за здружување во заедници со друг народ и држава или повеќе народи и држави. Правото на отцепување и здружување со други народи и држави и начинот и постапката на неговото остварување се потврдува со уставот на националната држава. Основните карактеристики на секоја национална држава претставуваат нациналниот јазик и писмо, националната култура и обичаи и националната територија. Националната држава е држава на народот за којшто е формирана. Основен носител на суверенитетот и територијалниот интегритет на националната држава е народот за којшто е таа формирана. Секоја национална држава ќе има свои државни белези, национален грб, национално знаме, и национална химна. Употребата на грбот, знамето и химната на странски држави се регулира со закон. Грбот знамето и химната на националната држава истовремено се симболи на народот за чијашто национална држава станува збор и на нејзините граѓани. Во национална држава граѓаните кои не се припадници на народот за чија национална држава станува збор, согласно со нивните национална поделба имаат статус на национални малцинства, независно од нивната бројчана застапеност. националните малцинства имаат матичен народ кој веќе има оформено национална држава. Националната држава на националните малцинства им ги гарантира правата на негување на

културните, етничките и други карактеристики, им обезбедува еднаквост пред законите во остварувањето на човековите и граѓанските слободи и права утврдени со меѓународните конвенции, декларации и права. Во националната држава не постои рамноправност, помеѓу народот за чијашто национална држава станува збор и националните малцинства како колективитет. Секоја национална држава им ги гарантира со Уставот законите и меѓународните конвенции и декларации, утврдените слободи и права на граѓаните кои се еднакви пред Уставот и законите независно од нивната национална припадност. Затоа во национална држава може да стане збор единство за рамноправност помеѓу граѓаните во остварувањето на нивните слободи и права а никако за рамноправност на народот и националните малцинства како колективитети. Националнита малцинства немаат право на употреба на државните белези и симболи на државите на нивните матични народи во националните држави каде што имаат статус на национални малцинства. Националниот литературен јазик и писмо се во службена употреба во сите институции на националната држава. Заедништвото на народот и националните малцинства во националната држава се остварува, пред сè, во и преку воспитно-образовниот систем, и тоа преку обезбедување на образование и воспитание на граѓаните во сите степени на образованието, на јазикот и писмото на народот за чијашто национална држава станува збор, без разлика на националната припадност на граѓаните. Националните малцинства можат да го изучуваат својот мајчин јазик преку доподнителна настава и во обем и содржина утврдени со законот и на него засновани акти. Во национална држава националното малцинство не може да формира политичка партија преку којашто хомогенизирајќи се на национална или религиозна основа би се бореле за освојување на власта во локалната самоуправа и органот на власта на државата. Ќе се смета дека одделна политичка партија е партија на националното малцинство доколку 50% и повеќе од членството се припадници на еднонационално малцинство. Сите национални малцинства како колективитети во националната држава, согласно со нејзините материјални и други можности, остваруваат исти права и слбооди. Во националната држава не постојат привилегирани или повластени национални малцинства, независно од нивната бројчана застапеност. Во националната држава националното малцинство не може да формира сопствена национална држава. Дејствијата и активностите на припадници на националните малцинства насочени кон создавање на национална држава во рамките на веќе постојната национална држава се сметаат за противправни и насочени против територијалниот интегритет и национален суверенитет на националната држава и соодветно се санкционираат. Националната држава преку сите институции и со сите расположливи инџструменти и средства обезбедува национална рамнотежа во рамките на материјалните можности и води соодветна популациона политика. Националната држава со примена на економски и други мерки и инструменти што ќе го обезбедат опстанокот на народот во сосптвената национална држава мора да ги стави под контрола демографските движења и наталитетот на националните малцинства, доколку според одредени статистички показатели, токму заради демографската експлозија и нормалниот наталитет на националните малцинства во одреден временски период за чијашто национална држава станува збор за сопствената национална држава би станал во малцинство, националните малцинства во мнозинство. Доколку некое национално малцинство во дадена национална

држава заради низа околности меѓу кои демографската експлозија, неконтролираниот наталитет, механичкиот прилив, хомогенизирањето по било која основа, стане во мнозинство, а народот во малцинство, тогаш националната држава го губи својот национален карактер и станува национална држава на националното малцинство. Затоа националната држава преку сите свои институции и со сите расположиви инструменти и средства го обезбедува националниот карактер на националната држава. Националната држава согласно со законот го утврдува користењето на државјанството на припадниците на народот и националните малцинства, односно на граѓаните со автохтоно потекло од националната територија на истата и користењето на правото на привремен престој на лица придојдени со механички прилив на населението.

Заради заштита на националните интереси и заради спречување на населувањето на сопствената национална територија на припадниците на народи и националности од други држави или заедница на држави во чиј состав е и националната држава за којашто станува збор, а што би довело до хомогенизирање на националните малцинства, менување на националниот состав и на одделни делови или на целата територија на националната држава, бројчано потиснување или организирано дејствување и притисок врз припадниците на народот чијашто национална територија се населува, националната држава може да го ограничи или целосно исклучи населувањето или добивањето на државјанството и правото на привремен престој, да го откаже гостопримството или правото на азил на припадниците на народите и националните малцинства од други држави. Заради заштита на националните интереси, националната држава може да го ограничи или исклучи со закон правото на продажба или закуп на земја и движен и недвижен имот и средства на лица кои не се нејзини државјани или се со привремен престој на нејзината национална територија. Граѓаните во националната држава кои имаат нејзино државјанство имаат право и обврска којашто се санкционира да избираат и да бидат избрани во органите на власта на локалната управа и да решаваат. Избирачкото право го користат само државјаните на националната држава што се регулира и утврдува со закон, а докажува со посебен изборен документ. Избирачкото право не го остваруваат лицата кои не се државјани на националната држава или се со привремен престој на нејзината територија. Би додал дека денес во светот постојат два типа на држави, според мое убедување од граѓански и национален тип. САД, Канада и Австралија се држави од граѓански тип, бидејќи во нив автохтоно население се индијанците односно абориџините, а се населиле со припадници на народи кои веќе имаат оформено национални држави на стариот континент. Затоа во нив се зборува за рамноправност на граѓаните во поглед на остварувањето на граѓанските слободи и права и ниту еден народ или припадник на народ не се чуствува запоставен или подреден ако во Уставот на Америка или Канада не пишува дека Америка е држава на Ирци, Кинези, Французи, Германци и така натаму.

Понатаму, што се однесува до националното прашање и меѓунационалните односи во Југославија би кажал само во условите во кои тоа национално прашање беше развиено и третирано, распоаѓањето на тотализираните режими во источноевропските земји и Југославија, заедно со социјализмот како светски процес со стеа сериозност во преден план актуелноста на националното прашање и меѓунационалните односи кое што се манифестира во

дивеење на шовинизмот, сепаратизмот и крвните меѓунационални судири. Всушност, тоа покажа дека во повеќенационалните држави каде што во името на народите и класата управуваат тоталитарните елити и режими националното прашање беше потиснато, а меѓунационалните односи доведени во точка на вриење. Меѓунационалниот мир и хармонија привидно беа обезбедени со држење на терот и депресија. Правната држава беше ставена надвор од со Уставот утврдениот систем, а сите програми и конфликтни ситуации не се решени преку институциите на правната држава, туку преку култот на личноста, тоталитаризмот беше државна реглигија а култот на личноста фактори на стабилноста. На владеачките структури, политичката идеологија им служеше за зацврстување на своите лични и болни амбиции на власта, деградирајќи ги до максимум слободите и правата на личноста, истовремено создавајќи безлични колективитети и измислена фиктивна благосостојба. Основна причина за дивеењето на шовинизмот во Југославија е Уставот и врз него заснованите акти. Во која смисла?

Прво, што во Југославија се дозволи во Уставот во преамбула да се каже дека Југославија е заедница на рамноправни народи и народности. Затоа не го прифаќам ни текстот понуден од последната седница на 8 ноември на Собранието на СРМ на која се зборува за рамноправноста на народите и народностите. Декларативната определба во Уставот и политичката теорија за рамноправноста на народите и народностите ја доведе Југославија во денешниот степен на дивеење на шовинизмот и национализмот, со појава на барање не само декларативно, туку и нормативно остварување на таа рамноправност на народите. Еден обичен граѓанин припадник на национално малцинство вака размислува. Ако Македонија има држава во Југославија која се вика Македонија, Србија која се вика Србија, Словенците која се вика Словенија зошто и ние ако сме рамноправни според Уставот да немаме своја држава и сосема логична последица беа настаните на Косово за создавање на Косово-Република.

Врз овие основни принципи што ги кажав сметам дека би можело да се изведе основна платформа за изградување на ставовите на Македонскиот парламент во расправите за идното уредување на внатрешните основи во Југославија.

Понатаму, македонското прашање мора интегрално да се постави и од сите негови аспекти, а со тоа врз овие принципи би се окончала македонската револуција и би се изградила македонска држава како правна држава која ќе биде пример во современата човекова цивилизација во која ќе владее ред и поредок.

Што се однесува до прашањето на границите, би го кажал следново. Едновремено, претседателот на Србија другарот Милошевиќ кажа ако Југославија не биде Федерација, тогаш прашањето на внатрешните граници е отворено политичко прашање за Србија. Јас би го додал само следново. Прашањето на границите на Македонија во рамките на СФРЈ е отворено политичко прашање уште од конситуирањето на повоена Југославија. Бидејќи не постои закон за утврдување на внатрешните граници и разграничување на териториите помеѓу СР Србија и Македонија, ние мораме принципиелно да го поставиме прашањето и во Сојузниот парламент и во меѓусебните републички односи или да се разграничат со закон териториите помеѓу овие две републики кој сè уште не е донесен или да го побараме нашето право за разрешување на граничкиот спор во Меѓународниот суд во Хаг.

Понатаму, косовизација на Западна Македонија е само капка во преполнетата чаша за да сфати дел од македонскиот народ кој живее во СРМ во рамките на СФРЈ дека македонското прашање не е само таканареченото егејско прашање, туку мора да се решава интегрално и од сите негови аспекти. Затоа ја поведовме идејата и целта за основање светски македонски конгрес како највисок Парламент на македонците од целиот свет каде што претставниците од сите асоцијации, организации, партии на Македонците од целиот свет преку своите претставници ќе дојдат до аедничка платформа врз основа на која ќе се побара интернационализирано македонското прашање и свикување меѓународна конференција за македонското прашање под покровителство на Обединетите нации. Само преку светскиот македонски конгрес лично мислам дека македонското прашање ќе биде доста сериозно сфатено и од страна на соседните земји.

Понатаму би сакал да кажам и некои мои видувања за друго прашње Југославија и Европа. Без национален интегритет и своја дежава македонскиот народ и Македонија нема што да бараат во Европа. Мислам ние буквално сме во Европа, меѓутоа, во ЕЕЗ затоа што 1945 година КПЈ бараше Балканска федерација во која Југославија нема да биде претставено со еден глас, туку ќе бидат влезени 6-те републики како суверени самостојни држави со 6 гласа во таа Балкаска федерација. Сега се изнуди едно ново решение, со тоа само го плашиме народот, ништо друго. Вели само Југославија единствено може да влезе во Европа поинаку не може односно одделно републиките не можат. Ако Европа во 1992 година има еден европски парламент, една економска политика, една монетарно-финансиска, единствена монета, единствен пасош, се отвораат границите за слободен проток на луѓе, идеи и капитал, тогаш идејата за опстанок на Југославија со ваква сојузна администрација во Европа е исклучива една со друга. Зошто? Затоа што за да се живее масата од околу 100 илјади вработени во Сојузната администрација, а се знае чии припадници повеќето по кој клучи вработувани и во која република се наоѓаат седиштата ќе треба да се издвојуваат придонеси, даноци, царини и автонатски сами се затвораме за да одржуваме едно слепо црево кое мора што побргу да се отстрани.

Понатаму, единствена Југославија ја бара западниот капитал и Западна Европа, не за да го решиме националното прашање или да обезбеди нешто во светот дека ете ние се залагаме за единствена Југославија,туку да се обезбеди единственост на пазарот каде што може да го пласира својот капитал и да остварува профит.

Понатаму, на Европа не оти не и е јасно дека во Грција се врши геноцид над делот од македонскиот народ на неговата окупирана национална територија. На Европа тоа и е јасно, меѓутоа, сама за себе не го отвора прашањето за да сите одделни републики влезат во Југославија за да не се отвори токму македонското прашање кое е најсложено и најтешко во Европа. Затоа на оваа седница го покренувам прашањето за воспоставување на потполн реципроцитет на Македонија со соседните врз основа на барањето на блокадата на граничните премнни спрема соседна Грција.

Сакам да додадам уште две реченици, Македонија ниту имала, ниту има ниту пак ќе има територијални претензии спрема соседите,затоа што територијални претензии може да има некој спрема туѓото, а не спрема своето.

На крајот би рекол малку не има во светот за да се уништуваме меѓусебно, меѓутоа, треба да сме силни и обединети за да прво го уништиме внатрешниот непријател и го надминеме македонскиот синдром на самоуништување, предавство и љубомора.

На крајот би ги додал следниве заклучоци:

Прво, да не се учествува на претстојниот состанок во Белград, сè додека овој Македонски парламент не утврди сопствена платформа за учество во уредувањето на внатрешните односи во Југославија, истото што го направи СР БиХ.

Понатаму, да се донесе Декларација за национално прашање, меѓунационалните односи, Делрацијата за самостојност и независноста на СРМ, да се формира едно работно тело за да подготви таков пречистен текст и во тоа работно тело се предлагам и самиот себеси. Благодарам за внаманието. (Дискусијата е проследена со бурен аплауз).

ЛАМБЕ АРНАУДОВ:(ВМРО-ДПМНЕ) Ве молам почитувани пратеници. Јас повторно се јавив по излагањето на претседателот на Претседателството господин Митков, по излагањето на членот на Претседателството на СФРЈ од СРМ господинот Тупурковски и особено по излагањето на претседателот на Републичкиот извршен совет - Глигорие Гоговски.

Пред малку кога баравме ние од ВМРО да иницираме една расправа за донесување на Декларација за целосна сувереност на македонската држава поаѓавме од неколку причини кои во овој момент со своето излагање во резимето за ставовите ги објасни претседателот Митков.

Сигурно дека на сите ви е опзнат моментот по со уставноста на Хрватска, со уставноста на СРбија која веќе се осамостои како држава и со плебисцитот на Словенија, каде сме ние како Македонија која треба утре да седнеме со нив, кај е нашиот правен субјективитет кој може да им се спротивстави на тие држави. Тоа беше една работа.

Второ работата беше и тоа што ни помогна гсс подинот Глигорие Гоговски за да не се доведуваме во иднина по 7 месеци да разбереме некоја штета настаната на нечија штета јас би рекол не на нечија штета туку на штета на Македонија, затоа ние од ислучителноста на факторот време треба што побргу да ја донесеме таа Делкарација и да застанеме рамноправно во преговорите со другите веќе суверени држави во Југославија. Ве молам, другари тие се програмски определби на нашата партија, а не како што другарот Ханџиски рече дека правиме некоја импровизација. Ве молам другари и господа тоа да го сметам за навреда на Партијата на ВМРО.

Видете, во последно време од најниски општински органи на власта како институции или поединци постојано се потенцира некоја сувереност, независност и кога ќе треба да се даде на едно место да се предложи како што е нашиот Парламент во моментот плурасистички избран и како најлегитимен претставник на македонскиот народ, сега предлогот на ВМРО што го истакнавме се смета за импровизација како некомпетентен, а овие изјави за печатот и телевизијата се сметаат за кометентни. Ве молам почитувани пратеници вие оценете што е импровизација а што е компетентност на еден предлог. (Аплауз).

нп

ЏЕЛАДИН МУРАТИ: (ПДПМ) Ми се чини полека се вклопивме во процесот на работата иако мислевме ако вчера почне денот тешко ќе ни беше зашто ако денот се познава по утрото, вчера се девалвиравме како такви што треба да бидеме - пратеници, претставници на огромно мисзинство на народот.

Веќе почнуваме да се верифицираме како пратеници и да се зафатиме со такви проблеми кои се толку значајни и ние да имаме таква историска задача и обврска да расправаме точно за проблемот на уставното уредување и разрешувањето на уставната криза која веќе со месеци, а можеби и со години е присутна во нашата југословенска заедница. Пред сè би се дистанцирал од изнесувањето на претходниот пратеник и сакам да изнесам само некои мислења и да придонесам за дневниот ред односно за проблемот за кој се дискутира. Ако претседателот и сите ние одлучиме да се расправа по тој Устав или платформа, како сакаме да ја наречеме во тој обем и во таква ширина, ќе се јавам повторно за збор.

Почитуван претседател, дами и господа, другарки и другари, станува збор за реформа на уставното уредување на нашата земја, едно судбинско прашање пред кое сите сме обврзани и сметаме дека секој треба да придонесе таа разврска и криза да се разреши на најдобар начин онака како што ни доликува на сите нас.

Веќе стана неспорно собирањето на партиите што би требало да го докажат или да го одложат заклучокот за судбината на југословенската заедница. Меѓутоа, колку би биле во право да констатираме дека не постои оваа Федерација, толку и би згрешиле. Зошто? Затоа што евидентна е криза, криза на национални односи, меѓунационални односи, политичка криза, економска и тн. Велам вака затоа што досегашната Југославија е минато, но со желба и готовност на сите можна е реконструкција и обнова на една нова, модерна југословенска заедница, но во никој случај асиметрична-сепаратска. Значи, Југославија може да се спаси, но на поинаков начи и со битно поинакви појдовни основи и принципи.

Зборуваме за идно уредување на земјата, како тоа ќе биде или како сакаме да биде. Ова се основни прашања кои се поставуваат пред делегацијата на Македонија внатре на преговорачката маса што мошне опширно, студиозно и аналитички ги претставија и претходните дискутанти,. да не ги спомнувам.

Тоа се општо познати две опции федерација и конфеде-рација која ја инаугурира претседателот на СФРЈ Борисав Јовиќ која и така беше широко елаборирана од самите маси во разни поличтички нивоа и форуми.

Постои трета опција - распаѓање на Југославија. Во тоа распаѓање го гледам статусот на Макдонија како самостојна, независна, суверена, демократска заедниа на народите кои живеат во неа.

Мислам дека треба да се агрументираат овие опции во еден историски континуитет, во политичка перспектива, при што да
се почитуваат објективните и реалните шански за натамошно трансфор-мирање и надминување на постојните уставни и слични кризи. Во моментот општо е познато дека таа уставна криза се проширува од аспект на прогласување, како што беше речено, самостојни републики, Уставот на СР Србија и Хрватска, плебисцитот на Словенија или постоењето на федерални единки кои во сегашниот момент имаат три опции.

Федерални единки кои се поздравуваат со социјализмот, т.е. излегуваат од социјализмот се Словенија и Хрватска, федерални единки кои длабоко влегуваат во социјализам и се залагаат за социјализам тоа се Србија и Црна Гора и федерални единки кои сè уште се колебаат помеѓу двете опции се Македонија и БиХ.

Во овие политички консултации тешка е определбата, но сметам дека сме доволно зрели и со развиен политички резон за одлучување, па затоа лично сметам дека определбата за конфедерација е поприфатлива и ова треба да се елаборира и од овој Парламент и од тие господа, другарки и другари кои ќе не претставуваат и кои ќе ја претставуваат нашата платформа и платформата на цела Македонија.

Меѓутоа, донесувањето на конечниот предлог треба посестрано и пошироко историски, политички и национално да се елаборира за да се најде вистинското решение кое ќе биде добро за сите. Во севкупните аспекти на идното уставно уредување на земјата има и еден друг аспект. Имено, се работи за учеството на Албанците во прегеворите и одредувањето на нивниот статус. Верувам дека без партиципација на Албанците не ќе биде ни едно решение валидно.

Јас не би сакал да го елаборирам пошироко овој поим, бидејќи реков се дистанцирам од искажувањето на претходниот дискутант, меѓутоа, самото физичко постоење и егзистирање, распространетоста на Албанците во време и простор, бројниот статус во Републиката и пошироко во Југославија е доволен аргумент дека тие не можат да се суспендираат, игнорираат и исклучат од натамошните преговори. Рене Декрат би рекол "когито, ергосум" "мислам, што значи постојам",и правото на постоењето само по себе афирмира и други права, го афирмира правото на сопствена, култура, сопствен јазик, школување на сопствен мајчин јазик, за што реков не сакам да се впуштам во моментот со тоа што јас верувам дека имаме сили и готовност за рамноправно учество и третман на Албанците во преговорите за идната Југославија и Македонија, затоа што на ниво на Републиката и на Југославија општо е познато бројчаното учество.

Би го заклучил следново: преговарааето да не биде избрзан и неодговорен чин.

Второ, мора да се совладуваат оптоварувањата на сопственоста, однапред, зададена опција за некои односи, состојби во рамките на една федерална единица.

Трето, дијалогот и договорот да бидат еднаставно средство и можен пат за безболен расплет на состојбите во уставното уредување на идното наше квалитетно живеење во кое бараме да се интегрираме, а не да се деизинтегрираме, во кое бараме спојување, а не раздвојување.

Четврто, во преговорите да се обезбеди рамноправно учество на сите национални идентитети и да се обезбеди легален и демократски начин со целосно меѓусебно уважување, почитување и доверба.

Петто, Македонија да се претстави како заедница, како држава во која рамноправно и суверено живеат Македонци, Албанци, Турци, Роми, Власи и др.,т.е. треба да се прифати и да се сфати такво како што е.

Шесто, Македонија да изгради свој став, во преговорите за идното ново уредување на југословенската заедница рамноправно да учествуваат сите субјекти на југословенската заедница.

СТОЈАН АНДОВ: Ве молам да бидеме сериозни, да се договориме и ако мислите да одиме во Белград да се ориентираме во расправата. Инаку верувајте, ако се договориме сега да одиме на договори, а ниту тие разговори ќе бидат први, ниту последни, имало и досега разговорі, ќе има и понатаму. Тоа е само една фаза на тие разговори и предлагаме рамка за тие разговори во овој текст. Мене ми е жал што учесниците во расправата многу нашироко расправаа за општи прашања кои се многу значајни и за кои треба да се подготвиме еден ден и да видиме дали на овој или на оној начин ќе ги усвоиме, но ниту со еден збор не се осврнавме, односно никој не се ос-врна на текстот што ни беше понуден.

Молам, ако сакаме да се осврнеме на текстот, моја молба е, инаку немам ништо против лидерите да земат учество во расправата, меѓутоа мораме да разбереме покрај тоа што во овој Парламент треба да обезбедиме расправа, треба да обезбедиме и работна способност на претставниците што ќе одат горе.

МИХАИЛ ПАНОВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ) - На сите треба да ни е јасно дека во Македонија не живеат народи. Македонија е држава на македонскиот народ, а може да има и национални малцинства со признати меѓународни права. И ве молам немојте со вакви упади.

ДИМИТАР ГАЛЕВ: (ДС-ПЗМ) -Господине претседателе, дами и господо присутни на овој состанок. По почитувам ова што го рече претседателот, бидејќи многу добро го формулира - рече дали ќе му дадеме виза на овој документ што е понуден, или ќе донесеме одлука како неподготвени и да неприсусвуваме на утрешниот состанок. Во таа смисла и покрај тоа што имам многу повеќе да кажам, бидејќи оваа материја ми е доста позната, ќе се ограничам само на неколку работи за кои што сметам, откако ќе ви кажам, ќе оцениме дали е поисплатливо да одиме, или прво да се подготвиме па после да одиме на таков состанок.

Прва забелешка што ја имам на резимето, има две-три чувствителни работи во резимето каде што се дадени вопштени дефиниции.

На страна 1 од резимето во долниот пасус каде што пишува: „во таа смисла Македонија ќе се спротизставува“, мислам дека е тоа болшевички израз и од него треба да се ослободиме. Не "да се спротивставувам", македонските раководители и досега се спротивставувале туку нема да прифатат. Тоа се суштествени работи бидејќи подолу кажува: "какви што се блокирањата и рушењета на кредитно-монетарниот и целиот финансиски систем на земјата со еднострани противзаконски мерки на одделни републики". Тука треба да се додадат и зборовите:"економски блокади". Кога зборувам за економски блока-ди, против Македонија, незваничната економска блокада која доаѓа. Постои драстичен пример на работна организација што располага со градежен простор од 2000м$^2$, сега од Гевгелија кога отишле да прават попис на она што го имаат, оној што досега земал пари преку таа гевгелиска организација му рекле што бара таму. Ова е само како еден пример, не сакам да се впуштам во овие работи. Сакам да кажам што значи економска блокада.

Бидејќи секретарот на партијата ми е исто така правник, во истовреме е и адвокат, еден огромен куп на материјали за

сл

одземени пиперки од луѓето од земјоделските задруги, неплатени средства од оние што ги зеле. Тоа значи на Македонија ѝ се заканува да се распадне системот од кај што произлегува единствениот сигурен доход, го слушав добро претседателот на Извршниот совет Гоговски.

Понатаму во истиот пасус не прифаќаме разговори ако не прифати другата страна да се урне монополот на табу темите и на историските невистини. Јас заради овие сум во партија. Ова прави зло и се заканува опасност како народ да не скара меѓу себе. Го следам јас ова расположение од вчера наваму меѓу партиите, кој е поголем Македонец. Сите сме Македонци, но различно гледаме на работите, а баш на овие табу теми. Не може нашето раководство утре да иде во Белград и да не стави крај на ова прашање. Кога го велам ова, во исто време мислам на претензиите како територијални, така и политички.

На страна *2,* веднаш после првиот пасус ќе се надоврзам на дискусијата на претседателот на Извршниот совет и на овие 7 месеци, да не ги повторувам сега пак, каде што се вели колку Федерацијата на Македонија ѝ должи. Јас за ова реков и во една од емисиите. МОжеби претеравме кога кажавме ако бевме ние многу повеќе на место, можеше многу повеќе да се направи. Можеби и условите тоа не го дозволуваат на Македонија, но Македонија ако не го постави ова прашање како еден од условите да ѝ се вратат овие 500 милиони германски марки, 200 милиони долари и во етапи како што пишуваше во Нова Македонија 50 милиони западногермански марки, па не чека повеќе од колапс кога против нас е воведена и неофицијална економска блокада.

Понатаму во вториот пасус се вели "Социјалистичка Република Макеоднија како суверена демократска држава", слушајте претставници, се уште се плашиме во Македонија да кажеме - суверена и самостојна Македонија. Илјадници учени луѓе во историјата се произнеле дека Југославија за да биде силна може да биде тоа ако државите што ја сочинуваат се суверени, а ваму истото нешто е одбегнато. Предлагам ова да се вгради, ако се оди, се разбира.

Понатаму сите документи што произлегуваат во последната година на општо цивилизацискиот принцип, на правото на самоопределување до отцепување и здружување со други, ние изнаоѓаме нови калеми и правиме нов принцип на овој извадок од меѓународното право и велиме: "самоопределување, вклучувајќи го и правото на народите на отцепување". Општо прифатливиот цивилизациски принцип гласи: "право на определување до отцепување и здружување со други". Така, ќе ги поставуваме работите ако сакаме навистина сметките да бидат чисти.

За прв пат од кога постои Македонија од 1945 година се ослободиме од терминот национални малцинства во соседните држави. Јас ова прашање повеќе пати ги поставувам. Не можеме ние да зборуваме за национално малцинство, македонско во Бугарија, кога целокупното население од егзерхискиот дел е тероризирано и протерано од Егејска Македонија со оружје и ножеви и се наоѓа во Бугарија и тоа не е концентрирано само на територијата на Пиринска Македонија, туку е концентрирано во секој град и село во Бугарија. Прашање е

сл

кога ќе се пребројуваме колку и каде не име. Гледам сега тој дел на населението е ставено народ и во прогровите повеќе да прекинеме со оваа работа, да знаеме дека ние имаме народ во Бугарија, народ во Грција, а немаме национално малцинство.

Го поддржувам Тодор во таа смисла кога рече не може да се зборува за македонски национализам. Па никој од нас не сака да земе ни педа земја од она што им припаѓа на другите.

За основа во преговорите до колку се оди горе, сметам дека би направиле крупна грешка и би си направиле лоша услуга доколку, како услови не ги поставиме следниве работи: прашањето на границите поставено од нас, бидејќи на нас ни е земена територија, а не други да не заплашуваат со ова прашање, велејќи, ако се постави ова прашање, ќе го поставиме прашањето на границите, односно ако се изјасните за конфедерација, ние ќе го поставиме прашањето за границите. Нема потреба да се плашиме бидејќи не сме навлегле со граници на ничија територија.

Второто прашање што го сметам за многу чувствително и општо прифатливо за сите партии и за цела Македонија е прашањето за колонизација, кое не смее ни во еден момент да се потцени. Сведоци сме дека во јули и август имавме Нацрт на закон за повторна реконолизација на Македонија. Во таквите преговори, нашите луѓе утре ќе ги пратиме горе, ако ова прашање и натаму остане како табу тема над македонската глава да виси, не е можно да се преговара на таков начин.

Третото прашање што сакам да го поставам е прашањето дека не можат нашите претставници а да преминат преку прашањето на барањето од страна на Србија за изградба и дотерување на гробиштата и гробниците во Македонија. Јас за ваква проблематика сум се произнел и ако ние дозволивме на Брегалница некој да подига гробници, па завршено е со суверенитетот на Македонија, завршено е со нашето битие во Македонија.

Драги пратеници, на Брегалница, не сакам да држам час, има изгинато најмногу македонски синови и ќерки и 55.068 луѓе после оваа битка ја напуштија Вардарска Македонија и не се вратени меѓу нас, 132 населени места само во оној дел каде што се водеше се збришани и до денес ги нема на географската карта, 742 луѓе *се* тероризирани и повеќе не се вратени. Ако не го поставиме ние тоа прашање да е свето место каде што загинале наши дедовци и баби, не смееме да дозволиме врз телата на нашите дедовци и баби некој да гради спомени на венчието. Тогаш Македонија нема да ја има.

Четврто прашање што сакам да го истакнам, на овој Парламент му препорачувам натамошна успешна работа е прашањето на учебниците и историјата со која ќе ја учиме младата генерација. Сакале или не создаваме нездрави рбетници од нашата млада генерација, да не кажам и безрбетници од нашата млада генерација која што меѓу себе ќе се кара велејќи ти си за оваа опција, јас сум за оваа опција. Ако во учебниците ова прашање се реши, сите ќе бидеме за една опција и нема да има поделби. Поделбите ќе бидат само еснафски за подобар просперитет на македонскиот народ, а не јас мислам така, другиот мисли вака и доаѓа до тепање.

сл

Кога зборувам за нашата делегација што ќе не застапува и ќе ги брани овие принципи, не може да го прескокне и прашањето на разграничување на надворешниот и внатрешниот долг. Ред е Макеоднија и македонскиот народ да знае колку е должен од овој фамозен југословенски долг, бидејќи некога ќе се каже толку, друг пат ќе се каже волку и што треба да плати? Треба да се има предвид дека постои расположение, нашиот човек е научен да падне на ниво на леб и сол само да ја симне оваа хипотека и расположение од сите секојдневни предрасуди и прашањето на долговите во ова резиме, доколку се оди, треба да го постави нашата делегација.

Последната работа што сакам да ја кажам е прашањето бидејќи треба да го симнеме срамот за повлекувањето на нашиот одред на милицијата од Косово. Ако се залагаме за демократија, ова треба да биде една од првите мерки. Му забележувам малку на претседателот на Извршниот совет за ова, бидејќи не е мал овој трошок што го прави овој одред, а велиме дека сите се залагаме за демократија и влегување во Европа, а наш одред сè уште има.

На крајот сакам да кажам, во декларацијата што треба да се донесе, обрасци на декларација досега за Македонија се донесувани. Таа треба да содржи каде се наоѓа Македонија, какво минато има Македонија, каква култура има Македонија, какво национално богатство има во поглед на обичаи, традиции и друго, во каква положба е сега Македонија и како да стане суверена и самостојна Македонија и сметам ако веќе се водат разговори треба да се водат од името на суверена и самостојна македонска држава.

ПЕТАР ГОШЕВ:(СКМ-ПДП) - Првото прашање е прашање на дискусија за работата на овој Парламент. Ние усвоивме Привремен деловник за работа и за жал дури сега забележав дека во него нема ниедна реченица, одредба колку може да трае една дискусија, реплика, уводно излагање, експозе и сл. За да биде ова демократски парламент тоа прашње мораме да го уредиме ако не вечерва, сигурно за наредната седница задолжително. Тоа е едната работа, а вечерва можеби има време и за тоа да се договориме, доколку се договориме, по колку време може да се дискутира и да се расправа.

Второ прашање е темата на денешниот разговор. Темата на денешниот разговор е Македонија - Југославија - Македонија во Југославија, не меѓунационалните односи во Македонија, не меѓународните односи на Македонија и сл. на тоа. Значи, вечерва се договоривме да расправаме во дневниот ред само за тоа прашање, а мислам дека се држиме за тоа, а исто така мислам дека не стојат оние проблеми што се покренаа и дискусии кои што се секако за респект во врска со тоа. Затоа треба да се договориме дали оваа седница ја врши функцијата којашто ѝ беше наменета, а функцијата ѝ беше наменета да им дадеме на нашите претставници основна рамка за разговорот утре во Белград. Рековме на вчерашната седница кои да бидат претставници, а тоа се претседателот на Претседателството на Макеоднија и претседателот на новоизбраниот Македонски парламент или Парламентот на македонската држава или Собранието на македонската држава, како попрецизно вели претседателот на Претседателството. Значи, тоа се двајцата луѓе што ги определивме да присуствуваат на состанокот.

сл

Следното прашаше е дали тие имаат основна рамка врз основа на она што беше понудено како резиме, врз основа на она што беше изнесено во дискусијата и врз основа на она што ние сепак го знаеме како содржина на политичките платформи на партиите, а со тоа и на пратениците овде во Македонскиот парламент. Јас лично мислам дека тие имаат основна рамка за да присуствуваат на разговорот утре, се разбира, не со дефинитивен став бидејќи дефинитивниот став ќе мора да го донесе овој Парламент, и тоа на една посебна седница подготвена со материјал за тоа, со акт којшто ќе го усвои за таа работа. А која е таа основна рамка, беше многу дискутирано, но разликите не се толку големи за да не можат тие да присуствуваат и овластени од овој Парламент да соопштат една почетна позиција на еден почетен разговор утре во Белград, да не биде забележано повторното отсуство на Македонија или дека Македонија сеуште не знае што сака во врска со тоа. Мислам дека Македонија знае што сака.

Која е таа основна рамка?

Основната рамка е суверена макдонска држава и исто толку самостојна македонска држава, колку што е тоа Србија со својот нов Устав сега, Словенија со своите акти што ги донесува и Хрватска со својот нов Устав што го донесе. Тоа е почетна рамка и за Македонија.

Во врска со тоа прашање мислам дека ниту пратениците од ВМРО-ДПМНЕ имаат различно мислење, ниту некој друг пратеник, барем, мене ми се чини, дека има разлика.

Исто така, таа почетна рамка е дека ние не прифаќаме никаква редуцирана југословенска држава од типот на федерација или на конфедерација или не знам што, не прифаќаме асиметрична федерација, не прифаќаме некоја сојузна држава со јака централна власт со унитаристички концепции и околу тоа можеме да се согласиме. Нашите претставници ја имаат таа почетна рамка за тој разговор и се друго што би застапувале надвор од тоа не би биле овластени надвор од овој Парламент денес.

Тоа е за функцијата и целта на овој состанок. Но бидејќи денес не можеме да го завршиме ова прашање, прашањето е како да го завршиме понатаму. Овде имаше предлози уште на почетокот во врска со дневниот ред да се донесе декларација за суверена македонска држава, за самостојна итн., независно од термините што се употребуваат.

Јас лично мислам дека треба да се донесе акт за целосниот суверенитет на македонската држава. Зошто? Затоа што во преговорите за новиот договор на Југославија три републики се погрижија да обезбедат максимална стартна позиција. Тоа е Србија со својот Устав на сосема самостојна држава, тоа е Хрватска со нивниот Устав на сосема самостојна држава, без оглед на нивните одредби за наводното почитување на функциите на органите на сегашната со-јузна држава и тоа е Декларацијата на Словенечкиот парламент, како и плебисцитот на словенечкиот народ во врска со самостојна и независна Словенија. И Македонија ќе стартува во овој разговор од таа позиција. Но Македонија е хендикепирана заради тоа што Македонија има Устав во кој има нова содржина на новиот економски систем и

сл

нова содржина во врска со политичкиот систем, внатрешно уредување како парламентарна демократија, како систем на мешана економија, како систем на пазарна економија итн. Тоа го има, меѓутоа, во македонскиот Устав стојат одредби со кои се пренесени повеќе овластувања на ниво на Федерацијата, односно повеќе пренесен суверенитет на сојузните органи отколку што тоа го имаат денес Хрватска со својот нов Устав, Србија, Словенија итн., а тие она што го немаат пренесено всушност не го почитуваат.

Според тоа, прашањето на акт за суверена македонска држава од типот на декларација, или од типот на манифест или од типот на некое друго ново име е потребно како политички акт, како документ, ако може да има правна содржина, за да може да го премести оној период до кога ние треба да го донесеме новиот устав на македонската држава, во кој ќе ги вградиме сите оние одредби со целината на суверенитетот и самостојноста на македонската држава, како што ги имаат вградено Србија, Словенија, Хрватска и сите други републики во Југославија.

Затоа, предлагам да се договориме за оваа почетна рамка за членовите на Парламентот за утрешниот состанок, а ние ќе добиеме и известување од таму, и стенограм, и што застапувале и што не застапувале, на овој Парламент ќе му бидат доставени и тоа ќе го бараме, затоа треба да се договориме да закажеме нова седница на Парламентот за 2,3 или 5 дена, кога можеме да оцениме период до којшто ќе биде задолжена определена група, надлежен орган на Републиката, ќе понуди текст на декларација, на манифест на ова прашање за кое денес се договараме.

Тое е мојот предлог и мислам дека на тој начин би било рационално да ја завршиме вечерашната расправа по ова прашање и по оваа точка.

НАСЕР ЗИБЕРИ: (ПДП) - Јас се согласувам со Предлогот на другарот Петар Гошев во иднина да се има предвид времето, да не се дозволува некој да го злоупотребува трпението на пратениците и да одржува некои предавања.

Второ, мене ми е навистина незготдно и жалосно што ја прекршувам вашата сугестија и да се придржувам за темата за ко ја зборуваме, меѓутоа, морам нешто да кажам.

Прво, ако пратеникот на ВМРО веќе сака да се придржува на некој ред, закон или устав, кога се во прашање Албанците во Македонија, тогаш е упатно господинот од ВМРО-ДПМНЕ да ги знае позитивните прописи на Македонија, почнувајќи од највисокиот акт кога се знае со нив каков статус и третман имаат Албанците во Македонија. Затоа е упатно тој да ги консултира тие акти.

Второ, во врска со дискусијата на независниот пратеник има многу забелешки и некои работи да оспорувам меѓутоа нема да го сторам тоа, имајќи го предвид вашето трепение и времето кое го поминуваме овде.

Трето, сметам дека изнесувањето на некои тези карикирајќи со меѓународните акти може да се прави или од незнање или од затворање очи пред вистината. Ако пратеникот Петров алудира на Албанците кога толку зборува за малцинствата и нивните права,

сл

одредени според неговите ретроградни цели, тогаш мислам дека ја промашил целта и темата, зашто Албанците не се наоѓаат во тие лимити и рамки кои тој ги измислува.

СТОЈАН АНДОВ: Ве молам, уште еднаш, ние сме избрани на четири години, ако случајно не му досадиме на народот, инаку во тие четири години од мандатот ќе расправаме за многу теми и многу пати ќе се навратиме, ќе донесуваме многу акти. Дајте да се оспособиме некоја работа да завршиме. Денес треба да одлучиме дали ќе појдеме во Белград и дали ќе ги утврдиме овие рамки и тоа сега треба да се направи, бидејќи за половина час тргнува возот.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ) - Сакам да констатирам дека ова што господинот Гошев го кажа е интересно, меѓутоа, измешан е редоследот на потезите. Оттаму произлегува и суштинско прашање, дали навистина треба утре да се оди во Белград. Ако може да ја почекаме таа декларација што треба да ни биде поддршка на нашата преговарачка позиција, да биде после тоа. Меѓутоа, да одам по ред до некои забелешки, иако некои од нив беа кажани, само заради тоа да ја искажам својата согласност.

Имено, во делот каде што се зборува за промената на внатрешните граници во земјата, сметам дека е попуштање пред една психоза на загрозеност што се појавува со оглед на политичката ситуација на Југославија и за такво важно прашање не смееме да покажеме слабост заради тоа што веќе во наредниот период тој проблем ќе мора со целата жештина да го решаваме.

Затоа мислам дека веднаш тука во тој дел да се постави резерва во однос на разграничувањето меѓу државите во Југославија.

Тука сакам да потенцирам уште една работа која недоволно беше кажана, а се работи за проблемот на преместување на меѓународно-правниот статус на Југославија на суверените држави, односно и на Македонија. Сметам дека многу проблеми што ги има Македонија и во областа на надворешната политика и во областа на економиката се пред сè заради тоа што нема меѓународно-правен статус, што до сега можеби беше прифатливо и мислам дека тоа треба да биде нагласено така што во времето кое доаѓа Македонија да се приближи кон стратешката цел да биде меѓународно призната.

Инаку, сметам дека и самиот начин на организирање на овој состанок во Белград, според мене е неконструктивен, затоа што сметам дека веднаш да се разговара на највисоко ниво тоа е метод во крајна мера на притисок. Мора една работна група да ја обработи таа проблематика, да видиме другите што размислуваат, па нашите највисоки раководители да одат со една добра анализа и поддршка на македонскиот народ.

Малку ќе побегнам од проблемот, но гладам дека и тука се допираме до тој проблем околу пробивањето со сивата емисија, па јас би ги прашал стручните луѓе во нашата Влада дали и ние тоа можеме да го направиме.

СТОЈАН АНДОВ: Ви се молам, како да продолжиме? Предлагам да гласаме.

Ајде повелете уште вие едно прашање и доволно е, па да гласаме.

ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ) - Почитуван претседателе, дами и господа, другарки и другари пратеници, моето прашање е следново:

Ако може господинот претседател да ми одговори дали сите републики ќе присуствуваат на самитот утре во Белград. Доколку една република, со исклучок на нашата Република, не присуствува, да ни биде соопштено дали има некое сознание во смисла на тоа дали сите други пет републики ќе присуствуваат на самитот во Белград.

СТОЈАН АНДОВ: Цело време се распрашуваме и бевме информирани дека по сѐ изгледа сите ќе учествуваат. Ние не знаеме само дали ќе учествуваме.

АЦО СПИРОСКИ:(ВМРО-ДПМНЕ) - Почитувани пратеници, би се вратил на една тема која тука малку повеќе ја дискутиравме...

СТОЈАН АНДОВ: Јас мислев дека ќе зборуваме за тоа дали ќе одиме или не во Белград.

АЦО СПИРОСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ) - Сосема кратко ќе кажам. Дискутиравме за упадите во монетарниот систем, за последниот сега што е карактеристичен во Србија. Познати ми се упадите од порано со "Агрокомерц", а исто така тоа го прават Словенија и Хрватска. Јас би рекол нешто во смисла на тоа ако не не бива и ние да вршиме упади, да се потрудиме барем ќесето од Белград да си го донесеме тука.

Би кажал неколку зборови само во однос на тоа, пред да преминеме на усвојувањето на дневниот ред беше потенцирано од нашиот пратеник прашање со образложение и предлог, а тоа е во однос на прекинување на уплатата на посебниот сојузен данок на промет за потребите за ЈНА и другите обврски кои ги уплатуваат републиките за сојузните органи на управата. Молам, ова мое изјаснување да оди како предлог и на усвојување.

НЕВЗАТ ХАЛИЛИ: (ПДП) - Драги дами и господа, јас сум претседател на Партијата за демократски просперитет која во својата програма децидно е определена дека го признава територијалниот интегритет на Југославија и Македонија, признавајќи ги сите фактори на Македонија и Југославија. Како субјекти на Југославија ги смета сите кои живеат во Југославија, како субјекти на Македонија сите кои живеат во Македонија. Ние сме рекле дека Македонија ја признаваме како држава на сите рамноправни граѓани кои живеат на територијата на Македонија. За судбината на Македонија единствено можат да решаваат сите кои живеат во Македонија. Сите тие кои поинаку размислуваат, тие не би рекол дека ја сакаат Македонија и иднината на Македонија. Иднината на Македонија не може да биде без рамноправно учество на сите субјекти во Македонија. Ние сме рекле дека Македонија е држава на сите и таа единствено така може да остане и да опстане.

Мислам дека барањето за усвојување на една декларација, во која би се исклучиле сите граѓани од нивните права во Македонија, мислам дека не е за доброто на Македонија. Оваа Македонија историски земено сите што живеат, сите сме дале подеднаков придонес

сл

за нејзиното постоење. Односно тие што мислат Македонија да постои, задолжително мора да водат сметка за тоа сите да имаат исти права и обврски за Македонија и за Југославија.

Што се однесува за Југославија, и на денешното договарање реков дека Албанците за судбината на Југославија задолжително мора да бидат земени предвид и претставник на Албанците задолжително мора да биде обезбеден. Ако не е обезбеден, мислам дека е направена една неправда уште на почетокот. Се извинувам затоа што долго време сме овде, се надевам дека разумните луѓе и сили на овој Парламент, кој е Парламент на сите граѓани на Македонија ќе водат повеќе сметка за тоа, за доброто на сите во Македонија, за доброто на овој Парламент и за доброто на Македонија и за угледот на Македонија во Југославија и во светот.

СТОЈАН АНДОВ: Го предлгам следново, ако дозволите.

Предлагам да се изјасниме по текстот таков каков што е, без дополнување, бидејќи многу ќе дискутираме за нив.

Понатаму, ние ве информиравме дека тој текст е усогласуван со учесниците во разговорот, кој го имавме претпладне.

Потоа, предлагам да не донесуваме ништо во овој момент што ќе донесеме утре. Сѐ можеме да донесеме утре еднакво, иако денес не заклучивме. Никој на овој Парламент не може однадвор да му диктира кога што ќе донесува.

Меѓутоа, мислам дека Парламентот треба да се конституира до крај.

Ние мораме да избереме уставна комисија. Таа уставна комисија како исклучително важно работно тело на овој Парламент треба да ги собере сите потенцијали на Републиката од таа област и стручни и политички и да овозможи компетентна расправа таму да дојдат сите идеи и да се оформи предлог на декларација. И оттаму ќе дојде овде во Парламентот и ние во постапка која Деловникот ја предвидува ќе ја донесеме. Никој нема против да се донесе таков акт, напротив ние многу разговаравме таков акт навистина да се донесе во нашите меѓупартиски контакти, пред Парламентот да биде конституиран. Меѓутоа, сериозноста на таа задача, почитот што спрема тој документ треба да го има секој субјект во Републиката и надвор од Републиката не задолжува да обезбедиме процедура позната во Југославија и во светот.

Точно така постапија и во Србија, се знае колку долго го изготвуваа Уставот, точно така на сличен начин ние толку долго декларација не мораме да изготвуваме, но постапката треба да биде таа.

Исто така и Хрватите избраа Уставна комисија, па преку Уставната комисија ги подготвуваат актите и исто така и Словенија. Ви се обраќам вас не за да нешто не донесеме, туку токму да донесеме компетентно на начин за почитување, да не произлезе заради тоа што мислиме дека треба да постапуваме по дневно вдахновение, па луѓето во светот да се прашуваат што прават овие луѓе, зарем толку не знаат како во Парламентот се донесува така важен акт. Затоа предлагам денес, т.е. вечерва да гласаме дали да одиме утре во Белград

сл

или да не одиме. Потоа да гласаме дали се прифаќа овој текст, или не се прифаќа. Бидејќи разговорите ќе се продолжат ние можеме натаму додатните оградување, можеме само во еден посебен заклучок да кажеме дека сè друго натаму што не е во текстот сè друго оставаме за понатаму кога ќе добиеме овластување од Парламентот, што сега во овој момент не е во состојба да ни даде. Само ова што е во текстот. Предлагам прво да гласаме дали да одат личностите кои ги одредивме, или да не одат?

Кој е за, молам да крене рака. (Мнозинството од пратениците креваат рака).

Ако не одиме ќе дискутираме. Ако дискутираме нема да одиме. Со тоа сме одлучиле дека нема да одиме. Можеме да продолжиме со дискусија, но прво да гласаме дали одиме. Ако една Република не оди, ќе се вратиме, нема да учествуваме во расправата.

Кој е за, нека крене рака. (Мнозинството од пратениците кретаат рака).

Кој е против?(Два гласа).

Дали некој се воздржува од гласањето? (Еден глас) .

Со квалификувано мнозинство само со два гласа против и еден воздржан се усвои предлогот да се оди во Белград на овој состанок.

Втор предлог е да се учествува во работата ако сите републики испратат квалификувани претставници и учествуваат во работата. Ако не учествува една од републиките, тоа треба да го пос-тавиме како услов и ние да не учествуваме.

Дали се согласувате со овој предлог? (Се согласуваат)

Кој е за тоа овој текст да ги содржи основните рамки за нашиот настап, да крене рака. (Мнозинството од пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање?(Еден глас).

БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ: (СКМ-ПДП) - Мора да се донесе одлука формира уставна комисија. И втора работа е да се даде наредба веднаш, Извршниот совет да донесе акт за заштита на Македонија.

СТОЈАН АНДОВ: Претседателот на Извршниот совет точно кажа дека веќе одлучиле и ние сме информирани да го завршат сето она што сега господинот Ханџиски го предлага. Според тоа, тоа не треба да го заклучуваме. Тоа е надлежност на Извршниот совет и тој така ќе постапи. Тоа е една работа. Друго, не треба одлука за уставна комисија. Уставна комисија сме должни да формираме во конституирањето на Собранието. Затоа не ги донесувам тие предлози како заклучок овде, затоа што се знае. Ве молам ако по ова се согласивме, предлагам да ги консултирам раководителите на парламентарните групи кога ќе се вратиме од Белград дали ќе биде според исходот таму потребна повторна седница на Собранието.

Со ова ја завршуваме денешната седница.

(Седницата заврши во 22/15 часот).

сл